УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

Магистерски труд на темата:

# Доживувањето страв кај деца при гледање телевизија и начини на справување со стравот

Ментор

проф. д-р Михајло Поповски

Кандидатка

Маја Симоновска

Скопје, 2012

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД**..........1

**ТЕЛЕВИЗИЈАТА КАКО АГЕНС НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЦАТА**..........4

Теории на социјализација..........8

Социјализациските ефекти на гледањето телевизија..........18

**ДОЖИВУВАЊЕ СТРАВ КАЈ ДЕЦАТА ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА**..........28

Реакции на доживеаниот страв при гледање телевизија и начини на негово надминување..........38

**УЛОГАТА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО НАЧИНОТ НА КОЈ ДЕЦАТА ГО ДОЖИВУВААТ МЕДИУМСКИОТ МАТЕРИЈАЛ**..........46

Родителска медијација..........50

**ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА**..........56

Честота и интензитет на реакциите на страв при гледање ТВ..........57

Користење стратегии за справување со стравот при гледањето ТВ..........68

Родителската медијација и доживувањето страв при гледање ТВ..........69

**ПРОБЛЕМ**..........74

**ХИПОТЕЗИ**..........78

**ВАРИЈАБЛИ**..........79

**МЕТОД**..........82

Учесници..........83

Инструменти..........83

Постапка..........86

**РЕЗУЛТАТИ**..........87

Навики на децата за гледање телевизија..........88

Доживување страв при гледање телевизија..........92

Видови стратегии кои децата ги користат за да се справат со стравот настанат при гледање телевизија..........99

Видовите стратегии кои децата ги користат за да се справат со различните видови страв доживеан при гледање телевизија..........101

Родителската медијација како предиктор за доживувањето страв при гледање телевизија..........117

Интеракциските ефекти на родителската медијација и користењето стратегии за справување со стравот како предиктори за доживувањето страв при гледање телевизија..........121

**ДИСКУСИЈА**..........131

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**..........152

**ПРИЛОГ**..........164

# ВОВЕД

Денес телевизијата и гледањето телевизија воопшто не претставуваат новост. Постигнат е толку голем напредок што апаратите кои овозможуваат комуникација се незаменлив дел од нашите животи. Во секое домаќинство има најмалку еден телевизор, а тие се повеќе се присутни и во собите на децата каде што е тешко, и понекогаш невозможно, да се контролира тоа што децата го гледаат.

Медиумскиот материјал кој се прикажува на телевизија во голем број случаи предизвикува различни емоции кај гледачите. Големата реалност на прикажаните сцени многу често предизвикува силни емоции при гледањето. Стравот е честа појава при гледањето телевизија. Истражувањата покажуваат дека кај децата тој најчесто се јавува како резултат на гледање филмови и цртани филмови со насилна содржина и нереални ликови како што се духови, чудовишта и вести во кои се прикажани убиства, насилства, војни и други видови сцени кои предизвикуваат силни емоции.

Доживувањето емоции при гледање телевизија не е одлика само на децата, тоа се јавува кај сите генерации - гледачи. Денес, многу лица можат да се сетат на некоја сцена од филм која ги преплашила пред многу години, а која ја паметат до денес. Додека филмовите, ТВ сериите и забавните емисии имаат цел да предизвикаат емоции за да го задржат вниманието на гледачите, лицата од областа на рекламирањето ги користат емоциите за да создадат лојалност кон трговските марки и да ја зголемат продажбата на различните видови производи.

Истражувањата за ефектите од гледањето телевизија досега главно се однесуваа на ефектите од прикажување агресивни содржини, можноста тие содржини да претставуваат причина за насилно однесување и различните облици на справување со содржините прикажани на телевизија. Во многу помала мерка

се истражувани просоцијалните ефекти од телевизиските содржини, ефектите од рекламите и ефектите од прикажувањето на вестите. Последниве години стануваат актуелни истражувањата за појава на страв при гледање телевизија. Тие ги опфаќаат содржините кои предизвикуваат страв, начините на справување со него и дефинирањето на други варијабли кои имаат улога во начинот и степенот во кој лицата го доживуваат стравот.

Дел од истражувањата кои се вршат кај децата покажуваат дека постојат разлики во доживувањето страв меѓу момчињата и девојчињата при што девојчињата доживуваат повеќе страв од момчињата (Wilson, 2008 според Peck, 2000). Пронајдени се значајни разлики и во однос на видот на материјалот кој предизвикува страв кај децата на различните возрасни групи. Во истражувањата гледачите според возраста се делат на три групи: мали гледачи (или деца од предучилишна возраст - до 6 години), деца кои посетуваат основно училиште (6 до 12 години) и тинејџери и постари ( гледачи постари од 13 години). Последната група се смета дека реагира слично како возрасните лица. Возрасните разлики се важни и во стратегиите за справување со стравот настанат при гледање телевизија (Cantor 1998; Cantor and Wilson, 1988). Во своето истражување за стравот - настанат при гледање вести, Кантор како посебна група ги издвојува децата на возраст од 8 до 12 години затоа што тие се сè уште во голема мерка под влијание на родителите, но започнуваат сè повеќе да се потпираат и на мислењето на врсниците. Па така, во едно од нејзините истражувања таа открива дека децата кои се на возраст од 8 до 12 години повеќе се плашат од сцени кои вклучуваат повреди, насилство и лична штета. Тие, исто така, се поосетливи на настани во медиумите кои изгледаат реално и кои можат да се случат во вистинскиот живот. Оваа зголемена осетливост е во согласност со позрелото разбирање на разликата меѓу реалноста и фантазијата. Во согласност со ова е наодот дека тие повеќе се плашат од вестите и нивната содржина, отколку помалите деца (Cantor, Nathanson, 1996, според Wilson, 2008).

Телевизиските куќи со закон се обврзани да го најават видот на програмата кој следи и да укажат дали тој вид програма е адекватен за соодветна возраст. Тие содржат кратко објаснување за видот на материјалот кој може да вознемири одредена група гледачи и потребата за присуството на родител или старател за време на гледањето на содржината која ќе се прикажува. На тој начин, одговорноста за видот на телевизискиот материјал на кој ќе бидат изложени децата се префрлува на родителите, односно старателите. Истражувањата покажуваат дека децата го перципираат материјалот кој е прикажан на телевизија во согласност со начинот на кој тој материјал им бил објаснет од страна на родителите и во зависност од односот на нивните родители кон прикажаниот материјал.

Со оглед на тоа што во Македонија сè уште нема направено истражувања кои се однесуваат на доживувањето страв при гледање телевизија, се наметна потребата да се увиди дали материјалот прикажан на македонските телевизии предизвикува страв кај децата, кои телевизии емитуваат програма која предизвикува страв, а во согласност со актуелните наоди од истражувањата на оваа тема да се дефинираат видовите страв кои децата ги доживуваат додека гледаат телевизија, начините на кои децата се справуваат со стравот и улогата која родителите ја имаат при гледањето телевизија, а која овозможува децата да не се плашат од материјалот кој го гледаат.

# ТЕЛЕВИЗИЈАТА КАКО АГЕНС НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА КАЈ ДЕЦАТА

Телевизијата, како еден од агенсите за социјализација, има голема улога во однесувањето кое децата го учат и според кое се однесуваат во различни ситуации. Процесот на социјализација преку телевизијата во овој поглед вклучува активност која е многу повеќе од едноставно копирање на материјалот кој децата го виделе, таа вклучува обид за разбирање на однесувањето и на прикажаните емоции. Во исти или слични ситуации во кои ќе се најде детето однесувањето во одредена мерка се заснова на веќе видениот материјал.

Со напредокот на технологијата се зголемува времето кое децата од сите возрасти го поминуваат изложени на различните медиуми на сметка на останатите активности како играњето, читањето книги итн. Она што најчесто ги загрижува родителите е тоа што децата на помала возраст преку телевизијата се сведоци на сцени на насилство, секс, стереотипи, нереални или антисоцијални модели на однесување кои придонесуваат во голема мерка да се прифати таквото однесување од страна на децата и младите.

Иако, ефектите од гледањето телевизија можат да бидат позитивни и негативни, истражувачите главно се насочуваат кон негативните ефекти. Различен пристап има Хјусман (Huesmann et al., 2003 според Grusec и Hastings, 2007)) кој ги поделил ефектите од медиумите на краткотрајни и долготрајни.

Краткотрајните ефекти се ефектите кои се јавуваат веднаш по изложеноста на медиумот и опфаќаат промени во однесувањето, емоциите и когницијата. Карактеристично за нив е што лесно минуваат. Во рамките на овие ефекти спаѓаат:

- <u>Поткрепување</u> на веќе постоечките шеми или начини на однесување. Според когнитивните психолози и научниците кои ги истражуваат невролошките феномени, човечкиот мозок претставува една поврзана мрежа во која идеите се активираат или поткрепуваат со различни видови дразби со кои истите се поврзани. Доколку одреден стимул направи

активација во мрежата, неговиот ефект може да допре и да активира многу далечни концепти во рамките на истата мрежа. На тој начин гледањето оружје може да ги зголеми мислите за агресивно однесување или пак да го зголеми агресивното однесување. Колку мислите, чувствата и однесувањата се поблиску поврзани со одредена активирачка слика или мисла, толку тие полесно ќе бидат активирани.

- Имитација на перципираното однесување.
- Емоционална возбуда и погрешно толкување на емоционалната возбуда (пренос на возбудата).

Долготрајните ефекти од изложеноста на различните видови медиуми предизвикуваат долготрајни промени во когницијата, однесувањето и во поврзаноста на емоциите со когницијата и со однесувањето. Овие промени настануваат кога новите когнитивни или бихејвиорални скрипти трајно се кодираат како ефект на изложеноста на масовните медиуми или кога поради влијанието на медиумите се создаваат нови врски меѓу емоциите, когницијата и однесувањето. Овие промени настануваат преку три главни процеса:

- Опсервациско учење кое настанува преку повеќекратно изложување на исто однесување (истото е објаснето во Теоријата на Бандура и Теоријата на обработка на информации).
- Активација или десензитизација на емоционалните процеси. Постојаната изложеност на одредени сцени може да допринесе да се јави „навикнување" на гледање такви сцени кое понатаму во вистинскиот живот доведува да не се јави соодветна реакција кога лицето ќе се соочи со слична сцена. На пример, по долготрајно гледање на сцени во кои се прикажани крв и насилството, децата помалку се возбудуваат, а во реалноста не реагираат соодветно кога некому му треба помош.
- Процеси на дидактичко учење. Научниците кои се занимаваат со процесот на учење кој настанува преку изложеност на медиуми зборуваат за „автоматско" учење, во кое децата не се свесни дека учат. Социјално-

когнитивната теорија на опсервациското учење нагласува дека скриптите, шемите за светот и нормативните верувања за однесувањето можат несвесно да се научат. Исто така, емоционалната десензитизација, формирањето ставови и верувања без свесноста на гледачот можат да бидат научени.

Како медијатори кои се јавуваат во процесот на социјализација на децата преку медиумите се јавуваат: мотивацијата за гледање, карактеристиките на гледачот, карактеристиките на материјалот кој се гледа, контекстот во кој настанува гледањето и културните фактори (според Grusec и Hastings, 2007)

Ефектите од медиумите се објаснуваат, како во рамките на класичните теории така и во рамките на поновите теоретски правци. Поголемиот број автори се задржуваат на теоријата на социјално учење, теоријата на култивација и теоријата на корист и награда. Во овој труд се издвоени теориските рамки кои според повеќето релевантни автори кои го истражуваат стравот при гледање телевизија се посочени како релевантни, а во рамките на текстот се дадени објаснувањата за различните феномени, кои се јавуваат како ефект од влијанието на медиумите, а кои не се вклучени во рамките на постоечките теории.

## ТЕОРИИ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

**Теорија на социјално учење.** Бандура и соработниците во шеесеттите години од минатиот век ја создаваат теоријата на социјално учење. Нејзината главна претпоставка е дека учењето на одредени начини на однесување настанува преку набљудување на другите лица. За да се објасни самиот процес на учење се користи терминот моделирање, кој всушност опфаќа два процеса:

- набљудување на туѓото однесување
- моделирање, односно адаптирање на своето однесување според виденото однесување во ситуации кои се исти или слични на виденото.

Според авторите на оваа теорија, моделирањето може да има исто влијание како и вистинското искуство.

Иако теоријата на социјално учење претставува теорија која има цел да го објасни човековото однесување, Бандура и други автори кои се интересирале за масовните комуникации во голема мерка се потпираат на оваа теорија за да ги објаснат појавите кои се должат на влијанието на медиумите.

Според Бандура (Bandura, 1977,стр. 27) „децата и возрасните ги формираат ставовите, емоционалните одговори и новите стилови на однесување преку филмското и телевизиското моделирање". Тој и неговите соработници ја изразиле својата загриженост дека дел од програмата прикажана на телевизија може да предизвикува страв и предупредувале дека телевизијата може да има улога во зголемување на насилството и стравот. Исто така, ја истакнувале и важноста на родителите и укажувале дека телевизијата може да има силно влијание врз децата (според, http://www.mhhe.com/socscience/comm/bandur-s.html, 26.02.2012.

Во рамките на претпоставките на оваа теорија спроведени се низа истражувања за начинот на кој се учи при гледање телевизија. Наодите од спроведените истражувања укажуваат дека за да може да се научи перципираниот материјал потребно е да бидат исполнети четири услови:

- Лицето мора да биде изложено на однесување прикажано преку медиумите и мора да го насочи своето **внимание** кон прикажаното однесување.
- Лицето мора да биде способно симболички да ги кодира и да ги **запомни** настаните кои ги гледало.
- Лицето мора да биде способно да ги пренесе симболичките репрезентации во **соодветни активности**.
- Кај лицето треба да се поткрепат **мотивациските процеси** за вршење на набљудуваните активности со внатрешно и надворешно поткрепување. Па така насилното однесување може да биде поткрепено ако лицето уживало додека се однесувало на тој начин или добило некаква награда за него (Bandura, 2001, 2002 според Harris, 2004).

Теоријата на Бандура претставува основа од која понатаму се развиваат други теории на социјализација кои, исто така, укажуваат на влијанието кое медиумите го имаат врз луѓето. Според Мејровиц и Постман (Meyrowitz, 1985; Postman, 1982, 1985 според Harris, 2004) децата многу порано се социјализираат за улогата на возрасни поради изложеноста на телевизијата отколку од пред нејзиното јавување. Поради присутноста на телевизијата, светот на возрасните повеќе не претставува тајна затоа што сите информации од него се лесно достапни. Тоа значи дека денес на децата им е дозволено да бидат присутни на свадби, погреби, војни, заведувања, криминални игри и многу различни сцени, само со тоа што ќе бидат сведоци на некој вид ТВ содржина. Иако децата ќе ги разберат сцените со војни, пари и насилства на свој начин кој е во согласност со нивната возраст, сепак значајно е што ваквите слики ним им се достапни. Пред

појавата на телевизијата возрасните ги заштитувале децата со тоа што не им дозволувале да бидат сведоци на таквите настани.

Втора клучна забелешка е дека се појавува еден вид хомогенизација меѓу возрасните и децата. Тие почнуваат да наликуваат едни на други, се облекуваат слично, зборуваат слично и се почесто посетуваат исти места. На ист начин се намалува дихотомијата меѓу машките и женските (маскулиноста и фемининоста). Учењето на улогите предизвикува проблем кај децата бидејќи тие се идентификуваат со моделите кои се прикажани на телевизија, чија совршеност не може да се достигне. Токму во обидот да наликуваат на моделите кои ги гледаат кај децата, се јавуваат различни видови проблеми, како на пример, неприфаќањето на својот изглед кој често доведува до држење ригорозни диети (според Baran, Davis, 2008 и Harris, 2004).

Друга теорија на социјализација се фокусира на условите кои водат до максимално влијание на социјализацијата од страна на медиумите. Според Ван Евра (Van Evra, 1997 според Harris, 2004) кумулативните ефекти од медиумите врз децата се најголеми кога сметаат дека содржината која ја гледаат е вистинска, што може да се должи на намалена критичност за време на гледањето. Социјализациските ефекти се особено силни кај лицата кои често гледаат телевизија, кои имаат помалку алтернативни извори на информации и помало животно искуство.

Медиумите, особено телевизијата, се многу важни агенси за национална и културна социјализација (Rosengren, 1992 според Harris, 2004). Начинот на кој децата ја перципираат реалноста и културата во која живеат, делумно се должи на улогата на медиумите. Истражувањата покажуваат дека социјализациската улога на телевизијата е особено силна кога деца кои доаѓаат од една култура живеат во друга култура. Во такви услови тие обрнуваат големо внимание на материјалот кој се прикажува и многу учат од него. Тие, исто така, покажуваат поголема верба во социјалната реалност која се прикажува. Исто така,

имигрантите покажуваат голема доверба во информациите прикажани на телевизија пред и по нивното доаѓање во новата држава (Chaffee, Nass и Yang, 1990 според Harris, 2004).

Дел од истражувањата проучуваат како децата започнуваат да ги разбираат ликовите кои се прикажани на екраните и како ја создаваат аналогијата со вистинските луѓе. Беарисон и неговите соработници (Bearison et al., 1982 според Giles, 2003) го споредиле начинот на кој децата ги опишуваат ликовите кои ги виделе на телевизија и откриле дека тие соодветствуваат со трите фази кои ги дефинирал Пијаже. Критиките за неговото истражување главно се однесуваат на степенот на лингвистички развој на децата, кој можеби е причина за децата да не можат јасно да се изразат како ги сфаќаат ликовите кои ги гледаат (Giles, 2003).

Теориите за социјализација на многу општ начин се обидуваат да го објаснат влијанието на телевизијата. Затоа, во критиката упатена кон нив се бара поголема конкретност и поголемо внимание на социјалните и историските случувања (според Harris, 2004).

**Теорија на култивација.** Теоријата на култивација се насочува кон влијанието од страна на медиумите, гледајќи ги како елемент на комплексен систем од средински и културни фактори. Ваквото гледиште овозможува еден поглобален пристап кој медиумите ги гледа како елементи во културната социјализација. Со оваа теорија се прави обид да се согледа начинот на кој лицата растат во едно општество во кое медиумите се длабоко испреплетени и имаат голема улога во формирањето на сликата на светот кај секоја индивидуа.

Оваа теорија е создадена од Џорџ Гербнер и неговите соработници во седумдесеттите години од минатиот век (Gerbner & Gross, 1976 според Giles, 2003). Позната е и под името „култивациска анализа" (cultivation analysis) како и под името „сталагмитска теорија", бидејќи според неа ефектите од медиумите се

наталожуваат постепено, како водата на сталагмитите. Според Гербнер општеството и културата се во постојана меѓусебна интеракција, создавајќи една „симболична средина“ во која влегуваме со самото раѓање. Денес, медиумите се интегрален дел на културата, па тие играат голема улога во создавањето на таа „симболична средина“.

Комбинираниот ефект на масивната изложеност на медиумите ја обликува перцепцијата на социјалната реалност кај лицата и со тоа ја обликува перцепцијата на социјалната реалност кај цели култури. Телевизијата има долготрајни ефекти кои се мали, постепени, индиректни, но кумулативни и со тоа значајни.

Според Гербнер и соработниците најголемиот ефект од насилството во медиумите не е зголемената агресија кај лицата, туку зголемената клима на страв. Тие го дефинирале насилството како „отворено изразување на физичка сила (со или без оружје), присилна активност која е против волјата на лицето со закана за предизвикување болка, закана за повредување или убиство“ (Gerbner et al., 1980, стр. 11, според http://en.citizendium.org/wiki/Cultivation_Theory, 15.08.2012). Во рамките на истражувањето кое Гербнер го спроведувал заедно со колегите во период од 22 години, вклучил цртани филмови, вести и весници. Ги истражувале медиумите преку квалитативна анализа и заклучиле дека во текот на годините насилството кое се прикажувало на телевизија било присутно во еднакво количество.

Овие наоди ги корелирале со наодите од истражување во кое целта била да се открие должината на гледање телевизија и начинот на кој лицата го перципираат насилството во светот. Учесниците биле поделени на лица кои многу гледаат телевизија (над 4 часа на ден) и лица кои малку гледаат телевизија (под 2 часа на ден).

Во истражувањето се испитувале четири става:

1. Веројатност за вклучување во насилство - лицата кои малку гледале телевизија одговориле дека шансите се 1 од 100 за насилно да се однесуваат, додека оние кои многу гледале телевизија одговориле дека шансите се 1 од 10.

2. Страв сам/а да се шета навечер - Жените одговориле дека повеќе се плашат сами да се шетаат навечер, но лицата од двата пола кои многу гледале телевизија верувале дека има 10 пати повеќе криминал, отколку што според статистичките податоци навистина постоел .

3. Перципирана активност на полицијата - лицата кои многу гледале ТВ верувале дека 5% од граѓаните работат во полиција, за разлика од лицата кои малку гледале ТВ и верувале дека во полиција работат околу 1% од граѓаните.

4. Општа недоверба - лицата кои многу гледале телевизија понегативно гледале на дејствата и мотивите на другите лица. Гербнер оваа појава ја нарекол „**синдром на злобен свет**" (според Jacub, 2009)

Земајќи ги предвид наодите од ова истражување Гербнер во проценти ги изразил одговорите на двете групи. Според неговите наоди кај лицата кои многу гледале телевизија се јавува тенденција да се преценува опасноста во местата во кои тие живеат. Овој ефект е истражуван преку т.н. **„индекс на злобен свет".** Во рамките на овој индекс авторите го вклучиле и нивото на образование и времето на гледање телевизија. Дел од истражувањата покажуваат дека лицата кои многу гледаат телевизија го доживуваат светот онака како што тој се прикажува на телевизија. Наодите од истражувањата, исто така, покажуваат дека меѓу лицата кои малку гледаат телевизија постојат големи разлики во ставовите за различни прашања, додека пак кај лицата кои многу гледаат телевизија постои тенденција да нема екстремни ставови за прашањата, туку дека нивните ставови се слични.

Постојат две клучни идеи во теоријата на култивација. Една од нив е **соединувањето** (mainstrearming). Под соединување се подразбира хомогенизација на различните перцепции на социјалната реалност кај луѓето во еден конвергентен правец (mainstream). Односно, настанува соединување на различното културно потекло на лицата и вредностите кои тие ги имаат како резултат на постоењето на меѓународната ТВ култура. Соединувањето настанува преку процес на конструкција, каде гледачите учат факти за вистинскиот свет, гледајќи телевизија. Трагите од гледањето телевизија се зачувуваат речиси автоматски. Потоа, врз основа на нив се формулираат верувања за вистинскиот свет.

Втората клучна идеја е појавата на **резонанса** (resonance). Резонансата се јавува кога создадениот свет и вистинскиот свет имаат високо ниво на сложување со што ефектот на култивација е посилен.

Култивацијата на доживувањето на социјалната реалност преку процесот на соединување се одвива на многу различни полиња меѓу кои: половите улоги, политичките ставови, процената на ризикот од криминал, разбирањето на науката и научниците, верувањата за здравјето и начините на однесување, ставовите за средината, адолесцентниот избор на кариера, ефектите од пролонгираното гледање говорни емисии, гледањето на постарите лица и гледањето на малцинствата.

Постојат различни критики за теоријата на култивација. Неколку истражувања укажуваат дека одредени социо-демографски и личносни варијабли имаат тенденција да ги елиминираат или намалат култивациските ефекти Понатаму, истражувањата со кои се тестира теоријата се критикувани поради методолошки недостатоци како што се: проблеми со мерните инструменти и разлики во одговорите на учесниците. Дел од критиките се однесуваат на самите претпоставки на теоријата на култивација. Тука е вклучена и претпоставката дека

сите пораки кои доаѓаат од телевизијата се униформни и дека гледачите го перципираат тоа што го гледаат како реално и се поставуваат кон него некритички (според Harris 2004).

За да се надминат дел од критиките некои автори прават реинтерпретација на теоријата на култивација. Еден приод е во согласност со теоријата на корист и награда и ја нагласува умствената активност на гледачот за време на гледањето телевизија, при што култивацијата настанува поради активната обработка на информации и конструкција на реалноста. Друг приод е да се нагласат когнитивни варијабли, особено кодирањето и складирањето во меморијата со цел да се зголеми строгоста и предвидливоста на теоријата. Исто така, доколку се земат предвид културните разлики во медиумите и социјалните фактори како и степенот на конгруентност меѓу нив, во одредени области може да се предвиди култивацијата (според Harris, 2004 и Gilles, 2002).

**Теории на когнитивен развој.** Теоријата на **Пијаже** го гледа детето како „мал научник" кој го истражува и постепено го осознава светот во кој живее. Преку процесите на асимилација и акомодација детето постепено го осознава физичкото опкружување, просторот и времето. Процесот на осознавање се одвива преку детската активност и обидите да се разбере светот околу себе. Пијаже зборува за четири развојни фази каде што секоја следна фаза подразбира голем напредок на детето во поглед на квалитетот на неговото размислување. Притоа, начинот на разбирање на светот во различните фази е квалитативно различен и е детерминиран од возраста на детето, но и од неговата активност и желба за истражување и учење.

Тој дефинирал четири фази на развој:

- <u>Сензомоторна фаза</u> (од раѓањето до две години) е фаза во која детето го осознава светот преку сетилата и манипулацијата со објектите. На

возраст од околу две години децата развиваат внатрешна репрезентација на шемите која вклучува способност за имитација, свесност за постојаноста на објектите, основно разбирање на причините и последиците, свест за себе и почеток на развој на јазикот.

- Предоперационална фаза (од две до шест години) во која се јавува брзо растење и реорганизација на разбирањето на симболичката мисла. Размислувањето често е нелогично, а решавањето проблеми несистематично. Карактеристичен е егоцентризмот и анимизмот (давање човечки карактеристики на предмети и животни), се јавува центрираност (фокусирање на централните карактеристики на објектот, а занемарување на другите карактеристики) и се јавува тешкотија за разликување на реалноста од фантазијата.
- Фаза на конкретни операции (седум до дванаесет години), децата ментално можат да манипулираат со објектите и можат да земат предвид повеќе димензии на моделот, но сепак се врзани за конкретни примери.
- Фаза на формални операции (од дванаесет години) ја карактеризира апстрактно мислење, хипотетичко-дедуктивно размислување и систематски пристап кон решавањето проблеми.

Поголемиот број од истражувањата за медиумите, а кои ја земаат предвид Теоријата на Пијаже, се фокусираат на когнитивните ограничувања во предоперационалната фаза, особено кај децата помали од четири години кои не можат да ја разликуваат фантазијата од реалноста.

Пример за овој вид истражувања е истражувањето во кое на децата им се поставува прашање дали чашата со вода која е прикажана на телевизија ќе се истури ако телевизорот се сврти наопаку и дали истата чаша ќе се истури ако детето ја гледа на фотографија. Децата одговараат дека чашата на фотографијата нема да се истури, а дека чашата прикажана на телевизија ќе се истури. Друг интересен наод е дека иако на возраст од околу две години децата

знаат да играат игри и да се преправаат и имитираат, тие сметаат дека тоа што го гледаат на телевизија е вистинско.

Друго ограничување кое се јавува во предоперационалната фаза е појавата наречена „теорија на умот" (theory of mind) кога децата веруваат дека другите го знаат тоа што и тие го знаат, не ги разбираат концептите на лажни верувања (верување во нешто што не е вистинито) и сништата (мислат дека тие се реални) и имаат тешкотија да направат разлика меѓу појавност и реалност (ликови кои изгледаат добри да бидат лоши).

Верувањето во иманентна правда (дека оние што грешат секогаш ќе бидат казнети) е, исто така, карактеристично за децата во предоперационалната фаза. Тоа значи дека децата кои се наоѓаат во оваа фаза лесно можат погрешно да го сфатат тоа што е прикажано на телевизија, особено во случаите кога прикажаниот лик на телевизија прави нешто лошо кое подоцна ќе го доведе до попозитивен исход.

**Виготски** ја истражувал динамиката на развојот на детето во рамките на општеството. Тој сметал дека оваа врска претставува една испреплетеност на природата и културата. Преку учеството во различните социјални активности детето учи, а со тоа постепено напредува. За него когнитивниот развој претставува интернализација на различните процеси на решавање проблеми кои постојат во средината.

Детето го опишува како „чирак" кој постепено се здобива со знаење со помош на оние лица кои веќе имаат здобиено одредено знаење и вештини. Додека тоа учи, во одредена мерка е вешто да изведе одредени активности, но кај него се појавуваат и развиваат сознанијата кои тоа ќе ги употребува кога ќе премине во повисоката зона на развој. Овие сознанија се само зачетоци на знаењата кои дури подоцна сосема ќе ги совлада. Оваа појава Виготски ја нарекува зона на следен развој.

Иако, преку Теоријата на Виготски може да се објаснат различни појави поврзани со ефектите од медиумите врз децата, при истражувањето на литературата за овој труд не беа пронајдени релевантни истражувања.

**Московичи** пак, зборува за социјални репрезентации кои претставуваат збир на концепти, тврдења или објаснувања кои потекнуваат од секојдневниот живот во процесот на комуникацијата меѓу лицата. Тие се еквивалентни со митовите и системите на верувања во традиционалните општества, а можат да се наречат современи верзии на здравиот разум. Социјалните репрезентации не се само збир на нашето знаење за светот и на нашата поврзаност со него, туку тие ја даваат и оформуваат рамката во која ние ги пренесуваме, споделуваме и одразуваме нашите сфаќања. Тие претставуваат средства со кои ги категоризираме сложените феномени со кои се среќаваме и ни овозможуваат т.н. „котви" со кои ние можеме да го поврземе стекнатото искуство.

Според Московичи преку дифузијата и комуникацијата низ социјалните сфери научната мисла станува нешто што е општо прифатено кај пошироките маси. Кога станува збор за поврзаноста на неговата теорија во рамките на влијанието на медиумите, таа има големо влијание во истражувањето на начинот на кој прикажаните идеи започнуваат да се перципираат како вистински (Durkin, 1995; http://www.ehow.com/about_5399741_social-representations-theory.html, 19.08.2011).

## СОЦИЈАЛИЗАЦИСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД ГЛЕДАЊЕТО ТЕЛЕВИЗИЈА

**Развојни фази во разбирање на материјалот прикажан на телевизија.** Развојот на способноста за дистинкција меѓу она што е вистинско и она што не е вистинско, а е прикажано на телевизија, претставува долготраен процес. Треба да се има предвид дека телевизијата многу наликува на вистинскиот живот. Затоа, многу лесно може да се поверува во вистинитоста на она што е прикажано на телевизија. Утврдено е дека освен возраста на детето, карактеристиките на медиумот, исто така, влијаат на начинот на кој се врши селекција на информациите и начинот на кој информациите се меморираат. Општо гледано телевизијата, во споредба со печатените медиуми, бара многу мал умствен напор за примање на информациите кои се прикажуваат. Но, се разбира, степенот во кој едно лице ќе вложи одреден умствен напор зависи од видот на програмата и возраста на детето.

Правени се поголем број истражувања со цел да се открие начинот на кој децата го разбираат материјалот кој е присутен на телевизијата. Истражувачите главно се согласуваат дека процесот во кој децата учат да прават разлика меѓу фантазијата и реалноста се одвива во три фази (Jaglom & Gardner, 1981; Wright, Huston, Reitz & Piemyat,1994 според Giles, 2003):

- **Прва фаза** - Ги опфаќа децата кои се на возраст **од 2 до 3 години**. Тие не прават разлика меѓу фантазија и реалност и не ја разбираат природата на телевизијата. Откриено е дека тие не можат да имитираат лик кој го гледаат на телевизија, а можат да ги имитираат истите активности доколку ги набљудуваат кај вистинско лице (Barr и Hayne, 1999 според Giles, 2003). Доколку на телевизија се прикажува некој човек кој зборува, тие мислат дека тој ним им се обраќа и ќе се обидат да му одговорат.

- **Втора фаза** - Ги опфаќа децата на возраст **од 4 до 5 години**. Во неа децата негираат дека што било од она кое го гледаат на телевизија може да е вистинско. Тие веруваат дека крвта е боја или кечап, насилството е глума и слично. Не е сигурно дали ваквите изјави се должат на нивната желба да бидат видени од околината како поголеми и посериозни, или пак, се должи на претераната генерализација за вештачката природа на материјалот, прикажан на телевизија.

- **Трета фаза** - Започнува кога децата се на возраст **од 6 до 7 години**. Во оваа фаза започнуваат да прават јасна граница меѓу програмите кои се прикажуваат на телевизија.

Истражувачите кои го истражуваат начинот на кој децата го разбираат медиумскиот материјал се соочуваат со проблем, бидејќи децата даваат најразлични одговори за нивното сфаќање на телевизијата. Во одредени случаи нивните одговори се рационални и тие сфаќаат дека цртаните филмови не се реални, но во други тие одговараат дека во телевизорот има мали луѓе, или пак, дека ако телевизорот се искриви со мониторот надолу сè што е прикажано во моментот ќе падне во собата во која тие гледаат телевизија (Giles, 2003).

**Теорија на шема (Schema Theory).** Шемите претставуваат структури на знаење кои ја организираат меморијата на лицето за различни настани и лица. Тие претставуваат еден општ ментален конструкт кој се однесува на сите форми на информации на кои е изложено лицето: аудитивни, лингвистички и нелингвистички.

Менталните шеми се засноваат на минатото искуство. Една последица од ова е дека лицето оди понатаму од презентираната информација и донесува заклучоци за лицата и настаните кои се во согласност со претходно формираните шеми (Graesser & Bower, 1990; Harris, 1981; Rojahn & Pettigrew, 1992; M.Singer,

1984 според Harris, 2004). Голем дел од содржините на шемите се поврзани за културата во која припаѓа лицето, затоа членови од една култура можат различно да толкуваат една иста шема за разлика од членови на друга култура (Harris, Schoen, & Hensley, 1992; Lasisi & Onyehalu, 1992 според Harris, 2004).

Активацијата на шемите преку масовните медиуми може да се поттикне преку одредени информации во програмата или натписот. Таа, исто така, може да биде поттикната од одредени карактеристики на самиот медиум како на пример монтажата, ретроспективите, брзите повторувања на сликата итн. Малите деца не ги разбираат овие методи на презентирање на информациите и го интерпретираат материјалот кој го гледаат на буквален начин. На пример, не можејќи да разберат дека брзите повторувања на сликата претставуваат повторување на акција која веќе се случила, тие веруваат дека прикажаните слики претставуваат нова акција која се надоврзува на претходната. Затоа се смета дека важен дел од социјализацијата на децата е тие да ги научат главните карактеристики на медиумите, како тие ја пренесуваат пораката и на кој начин се интерпретира прикажаниот материјал.

Постојат различни видови шеми. Тие кои се поврзани со телевизијата можат да се поврзат со:

- **знаење за светот**, тоа се социјални шеми кои се однесуваат на настани, места и луѓе,
- **познавање на медиумот**, тоа се текстуални шеми кои вклучуваат познавање на формалните карактеристики на телевизијата, како што се на пример резовите.

Преку изложеност на примери од активности кои ја следат шемата, апстрактната шема постепено станува дел од нашата меморија (Ahn, Brewer, & Mooney, 1992 според Harris, 2004). Главните карактеристики на некоја активност се користат за да се објаснат други вакви случаи кои може да се појават во иднина.

Можните последици од учењето на шемите од медиумите стануваат особено јасни кога се разгледува ситуација за која гледачите немаат претходно знаење. Па така, ако едно дете гледа на телевизија како полицијата се справува со крадци, кога тоа ќе се најде во слична ситуација ќе се обиде да ги направи истите активности како и крадците, но нема да биде толку успешно како нив. Поопшто гледано, материјалот прикажан на медиумите може да помогне да се создадат шемите за различни видови проблеми, да даде објаснување како тие проблеми настануваат, каков став да има лицето кон проблемот и да претставува пример како лицето да се справи со него.

Во западната култура постои една општа шема која се однесува на приказните. Станува збор за наративна шема која децата имплицитно ја учат додека слушаат приказни од повозрасните. Сите приказни кои тие ги слушаат се состојат од заплет, кулминација и расплет. Затоа сите ние очекуваме приказните да ја следат оваа општа шема. Телевизијата и печатените медиуми се повикуваат на наративната шема за нивните приказни да бидат поразбирливи. Цртаните филмови за деца целосно ја следат оваа шема, како и повеќето останати емисии наменети за деца (според Harris, 2004).

**Теорија на корист и награда (Uses and Gratifications Theory).** Теоријата на корист и награда ги нагласува индивидуалните разлики меѓу гледачите. Оваа теорија настанува во седумдесеттите години од минатиот век, а се заснова на теоријата на Маслов. Според неа гледачот е оној кој ја има контролата кога станува збор за избор на медиумот. Затоа, наместо да се проучуваат гледачите како пасивни примачи, теоријата на корист и награда ги истражува мотивите за користењето на медиумите и потребите кои лицата ги задоволуваат со медиумите. Искуството и ефектите од медиумите делумно зависат од начинот на кој лицето се поставува кон медиумот и наградата (задоволството) кое го добива од него (според Giles, 2003).

Истражувањата кои се вршат врз основа на претпоставките на оваа теорија главно се фокусираат на откривањето како и зошто луѓето ги користат медиумите. Потврдено е дека медиумите се користат за најразлични причини, не само за забава или информирање. Некои лица ги користат за да не се чувствуваат сами, за да избегнат друга активност, да избегаат во некој свет на фантазијата итн. И децата и возрасните имаат свои потреби и мотиви кои ги задоволуваат со користење на медиумите.

Идентификувани се шест актуелни насоки на истражување од областа на теоријата на корист и награда. Во нив спаѓаат:

- таксономии за мотивите на комуникација
- споредба на мотивите во медиумите
- социјалните и психолошките основи на користењето на медиумите
- начинот на кој медиумите можат да ги задоволат и да не ги задоволат потребите на лицата
- улогата на индивидуалните разлики во доживувањето, мотивите и изложеноста на медиумите и
- методолошки истражувања, како што се релијабилноста и валидноста на инструментите за мерење на мотивацијата за изложеност на медиумите (Rubin, 2002 според Harris, 2004).

Важна варијабла во истражувањата претставува развојното ниво на гледачите, а развојните промени кои настануваат при гледањето телевизија се многу истражувани, исто така. Малите деца повеќе гледаат телевизија најверојатно поради тоа што располагаат со помалку искуство и информации и почесто сметаат дека материјалот прикажан на телевизија е вистински и затоа е важен (Rubin, 1985 според Van Evra, 2004).

Една особено интересна појава која произлегла од истражувањето на korиста и наградите од изложеноста на медиумите е **парасоцијалната интеракција**. Под парасоцијална интеракција се подразбира односот кој лицата го градат со ликовите од медиумите кои никогаш не ги сретнале. Овој вид врски имаат многу карактеристики кои се исти со вистинските интерперсонални врски и се едни од најдобрите предиктори за мотивацијата за гледање телевизија. Ликовите се доживуваат како вистински и кон нив се создаваат чувства на допаѓање, несогласување, тага кога некој од нив ќе почине, па дури и љубов и чувство на заљубеност (Harris, 2004).

Во едно истражување било откриено дека високиот степен на реалност во ТВ серијата „Полна куќа“ (“Full House“) допринело децата од основните училишта да бидат загрижени за појавата на слични настани во нивните животи. Колку што била поголема реалноста на прикажаниот материјал, толку повеќе децата се грижеле дека такви настани ќе се случат во нивниот живот. Исто така, истражувањата покажуваат дека колку што е поголем екранот на кој се гледаат емисиите толку е поголема возбудата и вклученоста на гледачот (Detenber & Reeves, 1996; Grabe, Lombard, Reich, Bracken, & Ditton, 1999; Lombard,Reich, Grabe, Bracken, & Ditton, 2000 според Harris, 2004).

**Социјалниот реализам при гледањето телевизија.** Социјалниот реализам може да се разгледува како втор аспект на начинот на перципирање на медиумскиот материјал. Под социјален реализам се подразбира перципираната сличност или корисност на прикажаниот материјал во медиумите за едно лице, дури и кога тоа лице е свесно дека материјалот кој го прима не е вистински. На пример, едно лице кое верува дека во ТВ сериите се прикажани вистински ситуации од животот, ќе очекува гледајќи ги нив, да може да примени дел од прикажаните начини на однесување за разлика од друго лице кое не гледа на овој начин на ТВ сериите (Rubin & Perse, 1988 според Harris, 2004). Исто така, откриено е дека гледачите се потпираат на секојдневноста/типичноста на прикажаната ситуација кога ја

проценуваат нејзината социјална реалност. Колку потипична ним им изгледа една прикажана ситуација, толку сметаат дека таа е пореална (Shapiro и Chock, 2003 според Harris, 2004).

Поради помалото искуство помалите деца често гледаат поголем социјален реализам во однос на содржината прикажана на телевизија во споредба со возрасните. Тоа се случува бидејќи тие имаат помало животно искуство со кое би го споредиле видениот материјал. Општо земено, медиумите имаат поголем ефект врз оние лица кои им придаваат поголемо ниво на социјален реализам. Тоа има големо влијание врз децата без разлика дали станува збор за прикажано насилство, секс, рекламирање или каков било друг материјал. Социјалниот реализам може да биде посилен ако гледачите веруваат дека ликот кој го гледаат постои во нивните животи (Harris, 2004).

Во оваа насока се двете најчесто присутни објаснувања за штетните ефекти на телевизијата кои претпоставуваат и соодветна стратегија која родителите ја користат кога треба на своите деца да им го објаснат материјалот кој го гледаат на телевизија:

- Првото објаснување е соодветно на пристапот на **волшебен прозорец** (magic window approach) според кој телевизијата претставува верен одраз на реалноста и затоа децата треба да бидат заштитени од страна на родителите со цел да не се соочат со суровата вистина. Стратегијата на родителите за справување со материјалот кој се прикажува на телевизијата е на децата да им го ограничат гледањето телевизија.
- Второто објаснување е пристапот во кој се верува дека **сè што се прикажува на телевизија е лажно** и дека преголемото гледање телевизија може негативно да влијае на децата. Родителската стратегија во овој случај е да им се укажува постојано на децата дека

она што го гледаат е „замислено" и дека нема корелати со вистинскиот свет.

**Телевизијата и детската фантазија.** Постои дилема дали гледањето телевизија ја зголемува или намалува фантазијата кај децата. Според некои автори телевизијата ја намалува фантазијата (Valkenburg, 2001), но според други не станува збор за нејзино намалување, туку за обликување (Giles, 2003). Се разбира одредени програми имаат поголема улога во стимулирањето на фантазијата од други, но не е пронајден значаен ефект на стимулирање на креативноста кај децата.

Според Валкенбург, постојат повеќе причини кои можат да допринесат да се јави намалување на креативноста. Гледањето телевизија ја заменува креативната игра (Valkenburg, 2001). Тоа може да предизвика пасивност, а брзото менување на сликите не дозволува децата да размислуваат за веќе виденото и да фантазираат. Исто така, самата природа на телевизијата која главно се потпира на визуелното може да биде толку силна што може да претставува пречка во креативната обработка на идеите. Таквиот процес може да биде полесен со печатените медиуми и со радиото каде што не се прикажуваат слики.

Гилс дава критика на коментарите на Валкенбург сугерирајќи дека фантазијата и мечтаењето кое настанува по гледањето на одредена ТВ програма зависи од нејзината содржина. Децата кога гледаат агресивни филмови го повторуваат однесувањето кое го виделе за време на својата игра. Треба да се земе предвид дека сите истражувања кои се спроведени за влијанието на телевизијата врз фантазијата на децата не укажуваат на постоење каузална поврзаност меѓу нив. Затоа според него најсоодветно е да се претпостави дека телевизијата игра улога во обликувањето на детската фантазија, давајќи го обликот и насоката, но без да има улога на потиснувач или стимулатор.

Истражувањата покажуваат дека постои поврзаност меѓу разбирањето на приказната која е прочитана од книга и која е слушната на радио, но постои помала поврзаност меѓу разбирањето на приказната која е прочитана од книга и видена на телевизија. Тоа значи дека вештините за повикување на меморираните информации кои се складирани при гледање телевизија се различни од оние кои се однесуваат на складирање информации при читање книга или слушање радио. Истражувањата покажуваат дека децата додека гледаат телевизија повеќе се потпираат на визуелните, а не на вербалните информации. Тие, исто така, покажуваат дека приказната прикажана на телевизија општо земено подобро била разбрана и запомнета од страна на деца од шесто одделение, отколку кога била прочитана или слушната на радио, независно од тоа колку добро читале децата (според Harris, 2004 и Giles, 2003).

# ДОЖИВУВАЊЕ СТРАВ КАЈ ДЕЦАТА ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

На почетокот на истражувањата од областа на комуникациите не им се придавала важност на емоциите бидејќи на нив се гледало како на шум кој треба да се контролира. Водени главно од когнитивните аспекти на обработката на информациите, истражувањата за емоциите до осумдесеттите години од минатиот век во голема мерка се засновале на бихејвиористичката теорија според која процесот на обработка на информациите се одвива главно во „црната кутија“, а емоциите не се сметале за релевантни.

Иако се повеќе се напредувало во однос на сознанијата за емоциите, тогашните истражувачи сметале дека истражувањето на масовните медиуми не влегува во рамките на психологијата. Причината за ваквото мислење била дека вистинските психолози треба да ги истражуваат само луѓето, а не масовните медиуми. Сепак, со текот на времето започнуваат да се јавуваат теории и истражувања кои се обидуваат да дадат одговор на прашањата поврзани со доживувањето емоции кои се предизвикани од масовните медиуми (Konijn, ten Holt, 2011).

Стравот се дефинира како емоционален одговор со негативен тон поврзан со избегнување или бегање поради перцепција на вистинска или замислена закана (Izard, 1977 според Cantor, 2002). Стравот, исто така, може да биде дефиниран како реакција која вклучува когниција, моторна или ексцитаторна реакција која го подготвува лицето за бегање.

Децата не само што ги разбираат емоциите прикажани од ликовите на ТВ, туку тие и соодветно реагираат на прикажаната емоција. Поновите наоди сугерираат дека поголемиот број деца од основните училишта се исплашиле додека гледале телевизија и дека повеќето од нив претпочитаат да не биле изложени на такви сцени.

Наодите од истражувањата покажуваат дека стравот кој децата го доживуваат додека гледаат ТВ е долготраен и силен. Едно истражување спроведено на повеќе од 2000 деца од основно училиште, во кое децата вршеле самопроценка, покажало дека долготрајното гледање телевизија било поврзано со симптоми на анксиозност, депресија и посттрауматски стрес.

Во едно друго истражување Харисон и Кантор интервјуирале 150 студенти за нивните сеќавања за силен страв поврзан со медиумите. Деведесет проценти од студентите можеле детално да опишат филм или програма која ги исплашила и што е уште поважно тие изјавиле дека тој доживеан страв кај нив траел подолго време. Иако, повеќето од студентите ги гледале истите емисии и филмови и во адолесценцијата, 26% изјавиле дека сè уште чувствуваат анксиозност. Во однос на долготрајните ефекти 52% одговориле дека имале проблеми со спиењето и јадењето по гледањето на страшен филм или емисија, 36% избегнувале вистински ситуации кои наликувале на настаните видени на телевизија, 22% потврдиле дека биле преокупирани со страшната содржина и 17% избегнувале слични филмови и ТВ програми.

Имајќи предвид дека материјалот прикажан на телевизија не се одвива во реалноста и притоа гледачот е свесен дека тоа што го гледа не е вистинито и не може да му наштети, некои автори претпоставуваат дека стравот настанат при гледање телевизија се должи на генерализација на стимулот. Односно, стравот при гледање телевизија се јавува поради сличноста на вистинскиот стимул и оној кој е прикажан на екраните. Сепак, овој вид страв е со помал интензитет од оној кој би бил доживеан во вистинска ситуација (според Cantor, 2009).

Голем дел од истражувањата за стравот настанат при гледањето програма со насилна содржина се извршени од страна на Џоан Кантор. Според неа „минливите реакции на страв се чести, реакциите на страв кои се подолготрајни и посилни се појавуваат во значајна мерка кај децата и адолесцентите, додека пак

сериозните и вознемирувачки реакции се присутни кај мал број лица од сите возрасти, особено кај оние кои се поподложни на такви реакции" (Cantor, 1996, p. 91 според Harris, 2004). Постои корелација меѓу часовите поминати во гледање телевизија и фреквентноста на симптомите на психолошка траума како вознемиреност, депресија и посттрауматски стрес (Singer, Slovak, Frierson, & York, 1998, според Harris, 2004).

**Пренесување на возбудата.** Појавата на стравот е објаснувана од различни теоретски перспективи. На крајот од шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години од минатиот век Зилман (Zillman) ја создава теоријата на пренос на возбудата, која во голема мерка се заснова на теоријата на Хал (Hull) за нагоните (drive theory) во која зборува за постоење на резидуална возбуда и Двофакторната теорија на емоциите на Шахтер (Schachte) и Сингер (Singer).

Теоријата на пренос на возбудата се заснова на претпоставката дека емоциите се физиолошки одговори на кои ние им придаваме одредено значење во согласност со различни лични, социјални и културни фактори. Самиот процес на возбуда настанува кога резидуалната возбуда од еден стимул ќе предизвика зголемување, засилување на интензитетот на одговорот кон друг стимул, иако може да постои разлика во видот на двата стимула. Процесот на пренос на возбудата не е ограничен само на една емоција. На пример, при гледање филм, гледачот може да доживее лутина кога некој ќе му наштети на главниот лик, но таа иницијална возбуда може да се зголеми кога на крајот на филмот главниот лик ќе победи, а емоцијата ќе стане позитивна. Се смета дека возбудата настаната при крајните сцени во себе носи остатоци од првичната возбуда настаната поради прикажаните негативни исходи.

За да се оствари самиот процес на пренос на возбудата треба да бидат остварени три услова:

- Вториот стимул да се појави пред целосно да исчезне возбудата од првиот

- По појавата на вториот стимул лицето да ја припише возбудата само на вториот стимул, односно да не биде свесно за процесот на пренос на возбудата
- Лицето да не доживее преголемо ниво на возбуда пред да биде изложено на вториот стимул.

Имајќи предвид дека самиот процес на пренос на возбудата е краткотраен и дека може лесно да се измери во експериментални услови затоа што подразбира и промени на физиолошко ниво, претпоставките кои ги наведува теоријата на возбудата во голема мерка биле потврдени. Зголемениот интерес за улогата на медиумите, особено за прикажувањето насилна содржина го насочува вниманието кон оваа теорија. Интересот е особено голем затоа што со неа можат да се објаснат емоционалните состојби настанати по изложеноста на одреден медиумски материјал. Сепак, голем дел од појавите не можат да се истражат надвор од експерименталните услови поради етички ограничувања (http://www.bookrags.com/research/arousal-processes-and-media-effects-eci-01/, 17.04.2012)

**Неврофизиолошки наоди.** Најновите истражувања од областа на неврофизиологијата даваат интересни наоди. Постојат два система за меморија кои работат паралелно при реакциите на страв. Експлицитните, свесни сеќавања кои вклучуваат интерпретации на настанот кој предизвикал страв, се обработуваат преку церебралниот кортекс. Имплицитните и често несвесните сеќавања на стравот се обработуваат од амигдалата. Во ситуација на страв, амигдалата брзо реагира, дури и пред причината за стравот да допре до свесноста на индивидуата. Таа предизвикува да се појават многу автоматски одговори како тензија во мускулите, промени во ритамот на срцето и ослободување на адреналин во крвниот систем. Овие реакции го подготвуваат организмот или да се бори или да избега од опасната ситуација. Препознавањето на опасноста во амигдалата се учи преку класично условување.

Со текот на еволуцијата луѓето станале способни брзо да ги откриваат опасните стимули и да преземаат одбранбени реакции. Системот на меморирање на емоциите овозможува многу прецизно да се запомнат нештата кои ни предизвикале опасност, па во иднина кога би се нашле во слична ситуација веднаш би можеле да реагираме. Поради тоа имплицитната меморија на стравот е долготрајна. Додека свесните експлицитни сеќавања на страшните ситуации не се секогаш точни и се менуваат со текот на времето, имплицитните сеќавања на стравот се многу отпорни на промена.

Предноста на постоењето на втората, имплицитна патека е во брзината. Таа е многу побрза и овозможува реакција пред когнитивно да бидат обработени податоците кои доаѓаат до лицето. Тоа значи дека лицето може да се занимава со друга активност и дури откако амигдалата ќе „процени" дека доаѓа опасност да ја прекине тековната активност и да го насочи фокусот на вниманието кон она што е потребно.

Се претпоставува дека истиот механизам функционира кога лицата се изложени на страшни сцени преку медиумите. На пример, ако едно лице се исплашило додека го гледало филмот „Ајкула", во тој момент се појавиле имплицитни реакции на страв како што се срцебиење, промени во крвниот притисок и мускулната тензија. Со тоа се појавило класично условување меѓу сликата на ајкулата, пливањето и мускулната тензија. Подоцна, појавата на кој било од овие стимули, или пак мисли, ќе предизвика појава на несвесни реакции, дури и кога лицето свесно знае дека не е изложено на опасност. Се смета дека амигдалата има поголемо влијание на кортексот односно на свесните мисли, отколку кортексот на неа. Затоа доколку веќе настанало одредено условување, користењето когнитивна стратегија со која би си рекле дека сè е во ред и дека ништо нема да ни се случи нема многу да помогне (LeDoux, 1996 според Cantor, 2011).

Амигдалата реагира на едноставни перцептивни дразби, особено на лицето и очите и ги регистрира значајните закани или пак позитивни ситуации. Тоа може да значи дека новите медиуми кои многу се потпираат на аудитивните и визуелните информации може да имаат несразмерен ефект на амигдалата. Според Зилман амигдалата (која ја нарекува и имплицитна патека) може да има проблеми во разликувањето на реалните и нереалните настани. Истражувањата со компјутерската томографија ги потврдуваат овие претпоставки, две третини од активноста на мозокот при реални настани и медиумски материјал се исти. Сликите кои ги примаме од медиумите се графички многу богати и затоа е тешко да се направи разлика меѓу реалното и имагинарното. Кога луѓето се соочуваат со нејасни слики или звуци, можат да погрешат и се однесуваат како кон реални настани за да се заштитат (Shapiro and Lang 1991, LeDoux 1998 според Cantor, 2011) .

При негативни емоции како што е стравот и тагата, емоциите можат да го наведат гледачот да ги обработува пораките од медиумите како да се вистински настани, целосно или делумно. Изложеноста може да остави траги во сеќавањето кои подоцна можат да бидат запомнети како навистина да се случиле. Ваквата појава наликува на таканаречениот ефект на спиење (sleeper effect), каде што пораките од извори со низок кредибилитет предизвикуваат промени во мислењето по подолг временски период. Се смета дека емоциите и лошата перцепција на реалното или замисленото, како и намалувањето на скептицизмот со текот на времето, може да допринесе да се појави овој ефект. Фактите и другите мисли поврзани со содржината на пораката ослабуваат во меморијата, но емоционалното влијание може да трае подолго време.

Наодите покажуваат дека амигдалата е важна и за препознавање на страшни лица, не само на страв. Тоа покажува дека постои социјално учење на стравот, кој настанува преку слушање или гледање на други лица како доживуваат или опишуваат искуство кое предизвикува страв. Тоа покажува дека преку имплицитната патека луѓето можат да научат одредени реакции на страв, преку

набљудување настани прикажани во масовните медиуми. Така може да се објасни појавата на страв од нуклеарни оружја, тероризам, насилство иако поголемиот дел од луѓето не биле соочени со такви настани. Луѓето се потпираат на она што го научиле од медиумите и се свесни и внимателни кон опасностите кои ги носат овие ситуации. (Konijn, ten Holt, 2011; Cantor, 2011)

**Медиумски материјал кој предизвикува страв кај децата.** Различни категории на стимули и настани во различен степен предизвикуваат страв кај гледачите од различни возрасни групи. Видот на содржината прикажана во медиумите која ги вознемирува децата се разликува во однос на нивната возраст.

- Децата од **2 до 7 години** најмногу се плашат од ликови и настани кои изгледаат или звучат страшно (Cantor, 2009). Ним страв им предизвикуваат различни суштества како духови, вештерки и чудовишта.

- Децата кои се на возраст од **8 до 12 години** се плашат повеќе од сцени кои вклучуваат повреди, насилство и лична штета. Тие, исто така, се поосетливи на настани во медиумите кои изгледаат реално и кои можат да се случат во вистинскиот живот. Оваа зголемена осетливост е во согласност со позрелото разбирање на разликата меѓу реалноста и фантазијата. Во согласност со ова е наодот дека тие повеќе се плашат од вестите и нивната содржина, отколку помалите деца (Cantor, Nathanson, 1996, според Wilson, 2008)

Кантор (Cantor, 2011) пак, наведува дека во истражувањата спроведени за да се откријат развојните разлики во однос на материјалот кој кај децата предизвикува страв, гледачите се делат на три возрасни групи:

- Деца до предучилишна возраст (до 6 години)

- Деца од училишна возраст (6-12 години)

- Тинејџери (над 13 години) - се смета дека оваа група реагира на медиумскиот материјал на ист начин како и возрасните лица.

Изобличувањата на природните форми, како што се чудовиштата и мутантите, се многу страшни за децата на предучилишна возраст. Прикажување опасности и повреди како и напади и природни незгоди се пострашни за децата кои одат на училиште, отколку за предучилишните деца. Причината делумно лежи во тоа што постарите деца имаат когнитивна способност да ја предвидат појавата на опасноста и нејзините последици и да се плашат пред да се случат настаните. Колку што е постаро детето, толку тоа е поспособно да размислува апстрактно и поголема е можноста тоа да се исплаши од ситуации кои се опасни за другите.

Истражувањата кои се однесуваат на когнитивниот развој укажуваат дека, општо земено, многу малите деца реагираат на стимулите главно врз основа на нивните перцептивни карактеристики. Со зголемувањето на нивната возраст тие сè повеќе реагираат на концептуалните аспекти на стимулот. Децата на возраст до 5 години повеќе ќе се исплашат од нешто кое изгледа страшно но, може да е безопасно, отколку од нешто кое е опасно, но не изгледа страшно. Постарите деца кои се на возраст од 9 до 11 години помалку се потпираат на изгледот, а повеќе на однесувањето и деструктивниот потенцијал на ликот, објектот или животното.

Истражувањата на Кантор ги потврдуваат овие наоди - децата на предучилишна возраст и оние до второ одделение (2-7 години) најмногу се плашат од ликови и настани кои изгледаат или звучат страшно (Cantor, 2009). Децата кои се на возраст од 8 до 12 години се плашат повеќе од сцени кои вклучуваат повреди, насилство и лична штета. Тие, исто така, се поосетливи на настани во медиумите кои изгледаат реално и кои можат да се случат во вистинскиот живот. Оваа зголемена осетливост е во согласност со позрелото

разбирање на разликата меѓу реалноста и фантазијата. Во согласност со ова е наодот дека тие повеќе се плашат од вестите и нивната содржина, отколку помалите деца (Cantor, Nathanson, 1996, според Wilson, 2008).

Понекогаш додека братчињата и сестричките гледаат телевизија можат да се исплашат од различни аспекти на филмот. Помалото дете не мора секогаш да биде детето што ќе се исплаши, некогаш постарото се плаши од она што го видело. На пример, доколку две братчиња гледаат филм со вонземјани, помалото, кое сè уште не оди на училиште, може да се плаши од изгледот на вонземјаните, додека постарото од сцените во кои вонземјаните претставуваат закана за луѓето од Земјата. Или пак, помалото може воопшто да не се плаши затоа што му се допаѓа како изгледаат вонземјаните и да не може да разбере зошто неговиот брат се плаши од потенцијалната опасност (според Harris, 2004; Cantor, 2011).

## РЕАКЦИИ НА ДОЖИВЕАНИОТ СТРАВ ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА И НАЧИНИ ЗА НЕГОВО НАДМИНУВАЊЕ

Во рамките на истражувањата за стравот, научниците се обидуваат да дефинираат што повеќе аспекти од неговата појава и неговите ефекти. Додека дел од истражувањата се насочуваат на аспектите на медиумскиот материјал кој предизвикува страв, други се насочуваат на реакциите на лицата, ефектите од стравот и стратегиите кои лицата ги користат за да се справат со него. Кантор и Оливер (Cantor and Oliver, 1996; Cantor, 1998, 2002 според Harris, 2004) идентификувале одредени принципи врз основа на кои ги предвидуваат реакциите на страв кај децата. Колку што е постаро детето, толку повеќе однесувањето на ликот прикажан на екраните е важен за предвидување на реакциите на страв. Тука улога има и изгледот на прикажаниот лик, па децата ќе се плашат повеќе од лик кој е грд, отколку од лик кој е привлечен.

Понатаму, како децата растат тие повеќе реагираат на пореални опасности, а помалку на замислени ликови. Колку што е постаро детето, толку повеќе се плаши од апстрактни опасности. Всушност, многу малите деца најчесто не се плашат од апстрактни закани. Во едно истражување за филм во кој се зборувало за нуклеарна војна во САД, кај малите деца најмалку била забележана појава на страв, додека пак кај возрасните лица најмногу се појавил страв, а колку постари биле децата толку повеќе тие дискутирале за видениот материјал со возрасните (Cantor, Wilson, & Hoffner, 1986 според Harris, 2004).

Кога децата од предучилишна возраст се плашат од нешто страшно што го виделе на телевизија, тие се справуваат со стравот користејќи некогнитивни стратегии како што се јадење, пиење, покривање на очите или прегрнување или држење на некој објект. Децата кои одат на училиште повеќе користат когнитивни стратегии како што се вербални објаснувања, потсетувања дека тоа што го гледаат не е вистинско, си даваат упатства да мислат на опасноста на нов начин кој го доживуваат како помала закана.

Во неколку студии е откриено дека младите возрасни лица многу брзо можат да се сетат на настан од детството кога биле екстремно исплашени од филм додека биле деца или тинејџери. Тоа укажува дека некои ефекти при гледањето телевизија се долготрајни. Некои од ефектите кои учесниците ги јавиле се: страв, вознемиреност, специфични стравови како што е страв од пливање по гледање на филмот „Ајкула", проблеми со спиењето и ноќни мори (Cantor & Oliver, 1996; Harrison & Cantor, 1999; Hoekstra, Harris, & Helmick, 1999 според Harris, 2004).

**Реакции на страв при прикажување имагинарни содржини.** Едно лице за да може да ги разбере објективните опасности кои произлегуваат од различните ситуации потребно е да има одредено знаење за природата на опасноста и можните негативни последици од неа. Важен фактор претставува разбирањето на разликата меѓу фантазијата и реалноста, способност која се развива постепено низ детството (Flavell 1963; Morison and Gardner 1978 според Cantor, 2011). Во согласност со постепениот развој на разликувањето на фантазијата и реалноста, истражувањата покажуваат дека колку децата созреваат тие помалку се плашат од измислени опасности, а повеќе реагираат на реални опасности прикажани во медиумите.

При истражувањата во кои се истражува стравот настанат при гледање телевизија, децата најчесто набројуваат филмови или сцени кои ги исплашиле, но не е ретка појавата при набројувањето децата да ги вбројат и вестите (Cantor and Nathanson 1996 според Cantor, 2011). Во согласност со постепеното разликување на фантазијата и реалноста, стравот од вестите се зголемува со зголемувањето на возраста на децата. Различни видови содржини на ТВ вести предизвикуваат страв кај деца од различна возраст. Има поголема веројатност помалите деца да се плашат од вести во кои заканата е јасно и видливо прикажана како на пример при прикажување на природни катастрофи.

**Реакции на страв при прикажување апстрактни закани.** Теориите и наодите од истражувањата на когнитивниот развој покажуваат дека способноста за апстрактно размислување се јавува во доцната адолесценцијата (Flavell 1963 според Cantor, 2011). Во согласност со ова како што созреваат децата, така започнуваат да се плашат од сликите од медиумите во кои има апстрактни концепти.

Податоците кои ја поддржуваат оваа генерализација доаѓаат од истражување на реакциите на децата по гледање на филмот „Ден потоа“ (The Day After) во кој се прикажува нуклеарен напад на американската држава Канзас. Со оглед на тоа дека во филмот станува збор за апстрактно сознание за потенцијалното уништување на Земјата се претпоставувало дека најмалите деца најмалку ќе доживеат страв додека го гледаат. Хипотезите биле потврдени бидејќи родителите доживеале најсилен страв, а децата помали од 12 години според изјавите најмалку доживеале страв (Cantor et al. 1986 според Cantor, 2011). Исто така, откриено е зголемено реагирање на апстрактни закани прикажани во вести кај постари деца. Децата кои одат во училиште за разлика од помалите деца имаат поголема веројатност да се плашат од вести за киднапирање и злоупотреба на деца бидејќи тие се претставени вербално, а не визуелно, додека пак тинејџерите имаат поголеми шанси да се плашат од СИДА и меѓународни тензии за разлика од децата кои одат на училиште (Cantor and Nathanson, 1996 според Cantor, 2011).

**Развојни разлики во ефективноста на стратегиите за справување со стравот при гледање телевизија.** Разликите кај децата кои се должат на нивната возраст и развој допринесуваат да постои разлика во способноста за обработка на информациите видени на телевизија, но и разлики во начинот на кој децата се справуваат со перципираниот материјал. Наодите од литературата кои се однесуваат на стратегиите што децата ги користат за справување со стравот

укажуваат дека децата користат когнитивни и некогнитивни стратегии за справување со него. Наодите можат да се сумираат на следниот начин:

- Општо земено децата од предучилишна возраст имаат поголема корист од некогнитивните отколку од когнитивните стратегии.
- И когнитивните и некогнитивните стратегии можат да бидат ефективни за децата кои одат на училиште, иако тие ги претпочитаат когнитивните стратегии (Cantor and Wilson 1988 според Cantor 2011).

**Некогнитивни стратегии за справување со стравот при гледање телевизија.** Под некогнитивни стратегии се подразбираат оние стратегии кои не вклучуваат вербални информации (зборови) и кои изгледаат релативно автоматски (Cantor and Wilson 1988 според Cantor 2011). Употребата на визуелна десензитивација или постепена изложеност на страшни слики во контекст кој не е страшен претставува една таква стратегија која се покажала како ефективна и за децата кои одат на училиште и за децата од предучилишна возраст. Во неколку експерименти, децата помалку се плашеле од сцени со животни ако претходно им биле прикажани слични животни во контекст кој не бил страшен, при што не биле откриени развојни разлики меѓу децата (Weiss et al. 1993; Wilson 1989a; Wilson and Cantor 1987 според Cantor, 2011).

Други некогнитивни стратегии вклучуваат физички активности како што е врзување за некој објект или пак јадење и пиење. Помалите деца сметаат дека овие стратегии се поефективни и изјавуваат дека почесто ги користат за разлика од постарите деца. Во едно истражување кое имало цел да открие кои стратегии се најефективни за справувањето со стравот при гледање телевизија кај децата, било откриено дека „држење ќебе или играчка" и „јадење или пиење нешто" биле одговори кои имале попозитивен ефект кај деца од предучилишна возраст во споредба со децата кои одат на училиште. Друга некогнитивна стратегија која,

исто така, се покажала како поефективна за помалите деца е покривање на очите со раце за време на страшни сцени. Интересно е тоа што оваа стратегија е корисна за малите деца, но не и за поголемите кои доживувале поголем страв додека ги покривале очите. Постарите деца знаеле дека со покривањето на нивните очи имаат помала контрола и со тоа се поранливи (Wilson et al. 1987 според Cantor 2011).

**Когнитивни стратегии за справување со стравот при гледање телевизија.** Когнитивните стратегии подразбираат користење на вербални информации, како што е објаснувањето кое се користи за да се види настанот во поинакво светло. Овие стратегии вклучуваат релативно сложени когнитивни операции. Наодите од истражувањата укажуваат дека овој вид стратегии се покорисни за постарите, отколку за помалите деца. Кога тие треба да се справат со замислени ликови најчеста когнитивна стратегија е да се даде објаснување кое се фокусира на нереалноста на ситуацијата. Оваа стратегија може да биде особено тешка за децата од предучилишна возраст кои не знаат добро да направат разлика меѓу прикажаната реалност и фантазија.

Во едно истражување на деца од основно училиште им било кажано дека тоа што е прикажано во „Волшебникот од Оз“ не е вистинито. Како резултат на тоа тие помалку се плашеле додека го гледале филмот за разлика од нивните соученици кои не добиле никакви упатства. Интересен е наодот дека истите упатства не успеале да го намалат стравот кај децата од предучилишна возраст (Cantor and Wilson, 1984; Wilson and Weiss 1991 според Cantor 2011). Наодите, исто така, покажуваат дека стратегијата на децата да веруваат дека она што го гледаат на телевизија не е вистинско е успешна, а таа успешност се потврдува и во експерименталните наоди. Децата кои одат на училиште многу почесто ја користат оваа техника (Wilson et al.'s, 1987 според Cantor 2011).

При прикажувањето на вистински закани, најчеста когнитивна стратегија е да се даде објаснување за виденото со кое се минимизира перципираната

сериозност на прикажаната опасност. Оваа стратегија е поефективна кај постарите деца, додека пак кај помалите во одредени случаи допринесува до зголемување на стравот. Во еден експеримент во кој била емитувана снимка со змија од филмот „Јавачи на изгубениот брод" (Raiders of the Lost Ark) пред да ги видат сцените на децата им биле дадени информации кои требало да ја намалат анксиозноста, како на пример дека некои змии не се отровни. Со помош на даденото објаснување, кај децата кои оделе на училиште се намалил стравот, но кај децата од градинка немало ефект - тие повеќе се задржале на зборот отровни, отколку на негацијата која претходела. За нив самото објаснување предизвикало негативни емоционални реакции (Wilson and Cantor, 1987 според Cantor 2011). Истражувањата, исто така, укажуваат дека постарите деца почесто користат когнитивни стратегии за справување со стравот, отколку децата од предучилишна возраст (Cantor et al. 1986; Harrison and Cantor 1999 според Cantor 2011).

Спротивни на овие развојни разлики во користењето на когнитивните стратегии се последните наоди од интервјуа вршени на деца кои одат на училиште. Со зголемување на возраста на децата се намалувало користењето на стратегијата „зборување со некого". За да ги објаснат овие наоди истражувачите ги користеле и информациите добиени од отворените прашања. Тие увиделе дека помалите деца почесто им кажувале на своите родители како се чувствуваат, наместо да ги слушаат родителите како им објаснуваат дека сè е во ред. Значи, постои разлика во правецот на разговорот и дека различни видови вербални стратегии се ефективни за постарите и помалите деца (Cantor et al. 2010 според Cantor 2011).

**Краткотрајни и долготрајни ефекти од доживувањето страв при гледање телевизија.** Со помош на информациите добиени од развојните студии откриваме зошто постои разлика меѓу поголемите и помалите деца во видот на материјалот кој кај нив предизвикува страв. Меѓутоа, исто така, важно е да се објасни зошто и децата и возрасните во многу случаи сè уште го доживуваат стравот, дури и по многу години.

Иако гледачите знаат дека филмовите се создадени за да ја забавуваат публиката тие сепак се плашат од она што се прикажува. Одредени слики како на пример физички деформитети или пак животни што напаѓаат автоматски предизвикуваат страв, затоа што имаат еволуциско значење (Cantor, 1998 според Cantor, 2011). Исто така, луѓето се предиспонирани да емпатизираат со ликовите, особено со оние кои им се допаѓаат (Zillmann and Cantor, 1977 според Cantor, 2011). Затоа, ако некој лик во филмот се плаши или пак е во опасност, гледачите доживуваат страв. Според одредени автори гледачите со цел повеќе да уживаат во филмот што го гледаат и да доживеат поинтензивни емоции, одлучуваат да започнат да веруваат во она кое се прикажува. Лицата кои ги прават филмовите за да го зголемат доживувањето на страв вклучуваат сцени со исчекување, изненадување и страшна музика (Hoffner and Cantor 1990; Cantor et al. 1984 според Cantor, 2011).

Сите овие фактори објаснуваат зошто се појавува стравот, но не и зошто тој перзистира. Се смета дека стравот опстанува затоа што она што е прикажано ги потсетува гледачите на некоја вистинска закана (Cantor 2004a, 2006 според Cantor, 2011). Сепак, наодите од истражувањата покажуваат дека гледачите не се плашат толку од материјалот во вестите, отколку од настани прикажани во филмовите. Колку што е посензационален настанот, тие повеќе го паметат и ја преценуваат можноста за негова појава (Tversky and Kahneman, 1973 според Cantor, 2011). Гледањето сцени во кои прикажаниот лик е во опасност ги асоцира гледачите на нивната ранливост и повеќе влијае на нив отколку кратките вести во кои може да се зборува за истиот настан.

Иако, стравот од замислени ликови опаѓа со возраста, ретроспективните извештаи укажуваат дека постојат одредени видови приказни кои ја задржуваат моќта да ги плашат гледачите и по тинејџерските години како што се приказните во кои се вклучени натприродните сили (Cantor 1998, 2004a според Cantor, 2011).

Во нашата култура се поткрепува нејасноста во однос на натприродните ефекти, зборувајќи за НЛО, вештерки, духови итн.

Истражувањата за стравот вклучуваат одговори од родителите за начинот на реакција на децата, изјави од децата и родителите и ретроспективни изјави. Сите методи на прибирање податоци укажуваат на долготрајни и во некои случаи штетни ефекти кои се јавуваат поради изложеност на страшен материјал на телевизија. Во листата на најсериозни ефекти се вклучуваат нарушувања во спиењето и долготрајна анксиозност како реакции на доживеаниот страв.

Поради тоа што станува збор за појава на страв постојат етички ограничувања кои не дозволуваат голем дел од истражувањата да се спроведат во експериментални услови. Но, набљудувањата и одговорите од прашалниците даваат резултати кои се совпаѓаат. Па така, истражувањата, експериментите и ретроспективните извештаи даваат исти резултати за развојните разлики во однос на медиумскиот материјал кој ги плаши децата, а извештаите од родителите кои се однесуваат на реакциите на децата се во согласност со одговорите на децата за начинот на кој тие се однесуваат кога ќе се исплашат од нешто што го виделе гледајќи телевизија (според, Cantor, 2011).

# УЛОГАТА НА РОДИТЕЛИТЕ ВО НАЧИНОТ НА КОЈ ДЕЦАТА ГО ДОЖИВУВААТ МЕДИУМСКИОТ МАТЕРИЈАЛ

Улогата на родителите како агенси на социјализација, денес во голема мерка подразбира и едукација и следење на децата при изложеност на различни видови медиуми и медиумски материјал. Едукацијата треба да опфаќа повеќе аспекти меѓу кои се формата и начинот на презентација на материјалот, разбирање на пораките кои се прикажуваат и разбирање на нивната цел. Таа треба да развие создавање на критички однос кон пораките на кои секојдневно сме изложени преку медиумите. Постоењето критички однос кон пораките од медиумите станува сè поактуелна тема кај родителите, па како одговор на интересот и зголемената свесност се организираат повеќе курсеви за едукација на родителите, додека пак на социјалните мрежи има поголем број форуми и теми каде што родителите можат да се информираат за начинот на кој можат да пристапат кон нивните деца во однос на различни проблеми поврзани со изложеноста на медиумите.

**Медиумска писменост.** Сè повеќе постои согласност дека постои потреба од едукација за медиумска писменост. Медиумската писменост се дефинира како „способност да се пристапи, анализира, проценува и обработува медиумскиот материјал" (Steyer, 2002, p. 195 според Harris, 2004). Целта е да се научат децата свесно и селективно да ги користат медиумите и критички да размислуваат за пораките и сликите кои ги добиваат преку медиумите.

Медиумската писменост може да биде концептуализирана на различни начини меѓу кои се и следниве:

- Промовирање на медиумската писменост како **јавно прашање**
- Промовирање на медиумската писменост како **едукативно прашање**
- Создавање **препораки за родителите**
- Вметнување медиумска писменост во различните **предмети во училиштата** (Christ & Potter, 1998 според Harris, 2004).

Различни научници идентификуваат различни видови медиумска писменост. Мејровиц (Meyrowitz, 1998 според Harris, 2004), зборува за три вида медиумска писменост:

- **Писменост за содржината на медиумите** која се фокусира на ликовите, темите, информациите, однесувањата итн.

- **Писменост за медиумската граматика** која се однесува на учењето на формалните карактеристики на секој медиум посебно. На пример, како што децата растат и подолго време се изложени на телевизија, така се здобиваат со знаење за начинот на кој треба да ги интерпретираат моментите кога сцените нагло се прекинуваат, кога тие постепено избледуваат и се замаглуваат или пак се губат и за другите техники на монтажа. Децата кои се многу мали може погрешно да ги интерпретираат нештата кои ги гледаат на телевизија, затоа што не ги разбираат техниките кои се користат за создавање на медиумскиот материјал.

- **Медиумска писменост** која вклучува учење на одредени правила, модалитети и обработка на барањата кои ги поставува медиумот со цел тој да се користи.

Според Месарис (Messaris, 1994, 1997, 1998 според Harris, 2004) постојат одредени правила на визуелната култура. За да се разберат тие, потребни се поинакви вештини отколку при следењето на другите медиуми во кои информацијата се пренесува претежно вербално. Денес материјалот кој се прикажува во медиумите е сè повеќе нелинеарен, особено на Интернет и на телевизија.

Според Потер (Potter, 2001 според Harris, 2004), медиумската писменост може да биде создадена на различен начин, во четири поврзани димензии. Секоја од димензиите мора да биде развиена и секоја од нив претставува еден континуум:

- **Когнитивната димензија** - вклучува мислење, знаење и мисловни процеси. Силно се потпира на структурите на знаење. Тоа подразбира разбирање на:

    - Формалните карактеристики на медиумот. Со познавањето на формалните карактеристики на медиумот лицето ја разбира пораката која се испраќа. Па така, ако прво се прикажува слика на куќа, а потоа дејствието продолжува во ентериер, тоа означува дека дејствието се одвива во куќата која претходно е прикажана однадвор.

    - Структурно разбирање на медиумот. Тоа подразбира знаење дека медиумот продава време за емитување програма на одредени компании, а тие го купуваат времето и емитуваат реклами со цел да ја зголемат продажбата на своите производи.

- **Емоционалната димензија** ги подразбира емоционалните реакции кои се јавуваат кај лицата како одговор на пораките испратени преку медиумот. На пример, филмовите во кои е прикажана напнатост предизвикуваат анксиозност и наведуваат на размислување за техниките кои се користат за да се создаде таквото чувство, без разлика дали станува збор за музика која е страшна или пак станува збор за резултат од одредени техники на обработка на материјалот.

- **Естетската димензија** вклучува почит кон материјалот и поставување кон него од уметничка гледна точка.

- **Моралната димензија** подразбира разбирање на вредностите кои се прикажани од медиумот или од некоја емисија прикажана на него. На пример, акционите филмови ни покажуваат дека користењето

насилство е прифатливо кога е насочено против „лошите лица" (според Harris, 2004).

## РОДИТЕЛСКА МЕДИЈАЦИЈА

Образованието за медиумите треба во голема мерка да се одвива дома. Преку разговор можат значајно да се намалат ефектите од телевизијата и кај децата да се поттикне развивање на т.н. „вештини на примачот" ("receivership skills") (Ploghoft и Anderson, 1982 според Giles, 2003).

Сепак, улогата на родителот или старателот не треба да се состои само во надзор, туку и во активно следење на содржините и давање појаснување за нивната содржина и значење. Тоа значи дека родителот треба заедно со детето да гледа телевизија или да игра видео игри.

Процесот при кој родителот или старателот се грижи за медиумскиот материјал на кој е изложено детето и при кој го објаснува материјалот и укажува на неговото значење се нарекува **родителска медијација.** Варен (Warren, 2001 според Shin, 2010) ја дефинира родителската медијација како видови стратегии кои родителите ги користат за да го контролираат и надгледуваат користењето на медиумите од страна на нивното дете.

Валкенбург, Кремар, Питерс и Марсел (Valkenburg, Kremar, Peeters and Marselle, 1999 според Giles, 2003) идентификувале три различни медијациски стилови на родителите:

- **Заедничко гледање** (social coviewing) - кога родителите и децата гледаат заедно, но не дискутираат за содржината на медиумскиот материјал.

- **Рестриктивна медијација** (restrictive mediation) - кога родителите забрануваат да се гледа одреден материјал.
- **Инструктивна медијација** (instructive mediation) - кога родителите дискутираат со децата и даваат објаснување на материјалот.

Остин, Болс, Фуџиока и Енгелбертсон (Austin, Bolls, Fujioka and Engelbertson, 1999 според Giles, 2003) идентификувале четири стилови медијација:

- **Немедијатори** - тоа се родителите кои можат заедно да гледаат со децата, но никогаш не ја дискутираат содржината.

- **Оптимисти** - тоа се родителите чија медијација се состои главно од позитивни коментари за содржината на медиумскиот материјал и кои главно ѝ веруваат на телевизијата.

- **Песимисти** - тоа се родителите кои главно не веруваат на материјалот прикажан на телевизија и даваат негативни коментари за прикажаните содржини. Во периодот во кој се забележува најголема гледаност на телевизијата, кај оваа група луѓе се забележува мала гледаност.

- **Селективци** – оваа група родители се медијатори, тие прават рамнотежа меѓу позитивните и негативните коментари кои ги даваат за медиумскиот материјал.

Овие категории не се заемно исклучиви и често се јавуваат кај еден ист родител. Па така, родителите можат на децата да им забранат да гледаат некои емисии, други заедно да ги гледаат, а за трети да даваат позитивни и негативни коментари. Се претпоставува дека сите овие видови медијација се јавуваат во семејството во различни ситуации. Родителите се советуваат да го препознаат

видот на медијација кој го користат и да започнат посвесно да го практикуваат видот на медијација кој е најсоодветен во дадена прилика. Иако не е возможно еден родител во секој момент да врши медијација, се смета дека и повремената медијација ќе има големи ефекти. Додека заедно се гледа телевизија може да се зборува за материјалот, да се дискутира за реакциите и доживувањата на децата и реакциите и доживувањата на родителите како и за стереотипите, рекламите, вредностите, насилството и сексот (Nathanson и Yang, 2003 според Kundanis, 2003).

Родителската медијација претставува сложен процес за кој може да се каже дека вклучува три задачи:

- **категоризација** – покажување како и дали телевизијата го одразува реалниот свет,
- **валидација** – подразбира прифаќање или осудување на медиумските ликови,
- **надополнување** – посочување на корисноста од информациите од телевизијата преку обезбедувањето дополнителни информации или преку ангажирање со активности поврзани со нив.

Овие задачи можат да помогнат да се намали или зголеми влијанието на телевизиската содржина преку нагласување дека она што е прикажано е или не е реално, дека е правилно или не е правилно и дека е применливо или пак не е применливо во ситуациите од вистинскиот живот (Austin et al., 1999, p. 177 според Kundanis, 2003). Исто така, голема улога има лицето кое гледа заедно со детето и начинот на кој тоа ќе ги пренесе информациите (според Kundanis, 2003).

Истражувањата за родителската медијација покажуваат дека семејната интеракција, особено за децата на возраст од 11 години е олеснета со гледањето

телевизија во моментите кога гледањето било сметано како важна интеракција (Johnsson-Smaragdi, 1983 според Harris, 2004).

Родителската медијација во која на децата им се пренесуваат негативни информации за телевизијата и материјалот кој се прикажува може да предизвика недоверба во телевизијата, пониски нивоа на агресија и скептицизам кон ТВ вестите. Од друга страна, родителската медијација во која на децата им се пренесуваат позитивни информации за телевизијата и материјалот кој се прикажува е поврзана со позитивните ставови кон телевизијата и подобреното сфаќање на когнитивно комплексниот материјал (Austin, 1993, 2001; Austin, Bolls, Fujioka, & Engelbertson, 1999; Austin, Pinkleton, & Fujioka, 2000; Nathanson, 1999 според Harris, 2004).

Телевизијата може да се користи како катализатор на дискусии за важни прашања. Иако е тешко да се разговара за осетливи теми, може да биде полесно за нив да се разговара во контекст на материјал виден на телевизија дури и кога програмата е спротивна на семејните вредности (според Harris, 2004).

Наодите од истражувањата за родителската медијација укажуваат на влијанието кое таа го има во разбирањето на прикажаниот материјал на телевизија. Се смета дека активната медијација при гледањето телевизија придонесува да се јави скептицизам кон вестите, да се создаде подобро разбирање на прикажаните приказни и да се намали нивото на агресивност настанато по гледањето телевизија. Постојат позитивни исходи и од рестриктивната медијација, но за да има позитивни ефекти степенот во кој ќе се применува таа не треба да биде премногу ригорозен. Наодите за заедничкото гледање се мешани. Во одредени случаи се укажува дека децата можат подобро да го разберат материјалот, но од друга страна се смета дека може да започнат да гледаат на некои ликови како на вистински лица (Nathanson, 2001 според Kundanis, 2003).

Наодите укажуваат дека одредени групи родители се поангажирани во вршењето родителска медијација. Во нив спаѓаат:

- мајките
- родителите со поголемо формално образование
- родителите на помалите деца
- родителите кои се позагрижени за ефектите од прикажаната агресивност и од прикажаниот страшен материјал на телевизија и
- родителите кои и самите гледаат многу телевизија

Во едно истражување спроведено од Валкенбург и соработниците било откриено дека мајките во поголема мера користеле активна и рестриктивна медијација отколку татковците. Родителите кои имале завршено повисоко формално образование, исто така, се наоѓале во групата која повеќе се ангажира во активна и рестриктивна медијација. Исто така, во оваа група спаѓаат родителите на помалите деца, но причината за нивното ангажирање лежи во грижата од постоењето на негативни ефекти од гледањето телевизија. Заедничкото гледање се појавува кај родителите кои гледаат многу телевизија. Според авторите на тоа може да се гледа како на начин - да се помине времето заедно со своите деца. Тоа е активност која е најмалку намерна и најмалку е насочена кон децата. Обично се јавува кога родителите и децата заедно уживаат да гледаат некоја програма. Заедничкото гледање има можност да прерасне во активна медијација (Valkenburg et al., 1999 според Kundanis, 2003).

Откриено е дека родителите кои повеќе сакаат да гледаат телевизија со нивните деца, ја вреднуваат програмата која ја гледаат, даваат оцени на специфичен вид содржина и веруваат дека децата ќе научат од нивните коментари (Dorr et al., 1989 според Kundanis, 2003). Применување само на заедничко гледање не е ефективно бидејќи не создава критичко размислување. Истражувањата покажуваат дека заедничкото гледање не ги заштитува децата од негативните ефекти од материјалот прикажан на телевизија и дека во одредени

случаи децата може да сметаат дека однесувањето кое го гледаат е прифатливо, бидејќи за прикажаниот материјал нема реакција од страна на родителите (Austin et al., 1999; Nathanson, 2001 според Kundanis, 2003).

# ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

## ФРЕКВЕНЦИЈА И ИНТЕНЗИТЕТ НА РЕАКЦИИТЕ НА СТРАВ ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

Истражувањата од областа на медиумите покажуваат појава на страв при изложеност на медиумски материјал уште во триесеттите години од минатиот век, кога Блумер (Blumer, 1933 според Cantor, 2009) забележал дека 93% од децата кои ги анкетирал одговориле дека биле исплашени или пак преплашени од филм. Стравот кој го доживуваат децата при гледање телевизија бил малку истражуван во годините кои следеле, до седумдесеттите години од минатиот век кога се појавуваат филмовите „Ајкула“ („Jaws“) и „Истерувач на духови“ („The Exorcist“) кои предизвикале силни емоционални реакции кај публиката. Во средината на осумдесеттите години од минатиот век веќе започнува зголемен и постојан интерес за стравот кој се јавува кај децата поради изложеноста на различните видови медиуми (според Cantor, 2009).

Во педесеттите и шеесеттите години од минатиот век појавата на ноќни мори и стравови по гледањето телевизија е опишано во неколку книги. Во седумдесеттите, Гербнер започнува да го истражува синдромот на „злобен свет“, каде што истражувањата спроведени во 1994 покажуваат дека постои разлика меѓу лицата кои многу гледаат телевизија и оние кои помалку гледаат телевизија во проценитe дека можат да бидат жртви на насилство и во оцената дека на другите не може да им се верува. Тој повеќе се насочува кон нивните верувања за светот отколку на нивните емоции.

Веќе во деведесеттите години од минатиот век се јавува поголемо насочување кон емоциите кои се јавуваат при гледањето телевизија. Во 1998 година било спроведено истражување на 2000 деца од основно и средно образование во Охајо кое покажало дека со зголемувањето на бројот на часови поминати во гледање телевизија се зголемувале симптомите на **анксиозност, депресија и посттрауматски стрес** (Singer et al. 1998 според Cantor, 2009).

Слични наоди се пронајдени во истражување спроведено на родители на деца од речиси 500 основни училишта во Род Ајленд, во кое било откриено дека долгото гледање телевизија особено пред спиење, било значајно поврзано со проблеми со спиењето. Речиси 10% од родителите одговориле дека нивното дете има **ноќни мори** поврзани со гледањето телевизија барем еднаш во текот на седмицата (Owens et al.,1999 според Cantor, 2009).

Корелациските истражувања покажуваат дека количеството на гледање телевизија кај децата е поврзано со **анксиозноста** (Singer et al. 1998 според Cantor, 2009) и со проблеми со спиењето (Owens et al. 1999; Paavonen et al. 2006 според Cantor, 2009). Во едно лонгитудинално истражување било откриено дека адолесцентите кои гледале повеќе од 3 часа телевизија дневно кога биле на возраст од 14 години значајно повеќе имале проблеми со спиењето на возраст од 16 и 22 години, отколку адолесцентите кои помалку гледале телевизија. Наодите покажуваат дека оваа поврзаност постои и откако ќе се контролираат варијаблите за претходни проблеми со спиењето, различни видови растројства кај децата, образование на родителите, приход на семејството и запоставување на деца. (Johnson et al., 2004 според Cantor, 2009).

Во истражување спроведено во Белгија на репрезентативен примерок, една третина од 13 годишните деца одговориле дека барем еднаш во месецот доживувале ноќни мори предизвикани од изложеност на медиуми (Van den Bulck 2004 според Cantor, 2009).

Има сè повеќе наоди кои потврдуваат дека стравот предизвикан од масовните медиуми трае многу долго по изложеноста на материјалот, а понекогаш е проследен со многу силни доживувања. Во едно истражување спроведено на возрасни лица, 40% од учесниците одговориле дека гледале филм кој многу ги вознемирил и дека вознемиреноста поради филмот траела кај нив во просек од 3 дена. 48% од овие лица одговориле дека имале симптоми на нервоза, депресија, страв од специфични нешта, повторувачки мисли и слики, што

допринело тие да имаат „значајна реакција на стрес" предизвикана од гледањето филм (Johnson, 1980 според Cantor, 2009).

Ретроспективните истражувања на деталните сеќавања на возрасни лица кои се исплашиле при гледање ТВ емисија или филм укажуваат на сериозноста и долготрајноста на стравот (Cantor 2004a; Harrison and Cantor 1999; Hoekstra et al. 1999 според Cantor, 2009). Во истражувања спроведени на три универзитета било откриено присуство на јасни сеќавања на долготраен страв предизвикан од медиумите (најчесто од филмовите). Притоа биле присутни силни реакции на страв кој вклучувал општа анксиозност, специфични стравови, несакани повторувачки мисли и нарушувања во исхраната и сонот. Важно е дека овие стравови биле долготрајни, имено една четвртина од учесниците одговориле дека додека одговарале на прашањата за доживеаните емоции сè уште го чувствувале стравот, иако програмата ја гледале во просек пред шест години (Harrison and Cantor, 1999 според Cantor, 2009). Во истражување спроведено на 52 студенти, 37% од нив изјавиле дека биле исплашени од филмот „Ајкула" или од „Ѓаволски игри" („Poltergeist"), пред да имаат 12 години, при што тој доживеан страв сè уште влијае на одредени аспекти на нивниот живот.

Во поново истражување во кое биле интервјуирани деца од основно училиште на возраст од 5 до 12 години кое имало цел да открие дали има долготрајни ефекти од гледање страшни содржини на телевизија и во филмовите било откриено дека 76% од децата одговориле дека биле исплашени од нешто што го виделе на телевизија, 38% одговориле дека се плашеле да извршат одредени активности по гледањето, како на пример да бидат сами во својата соба, во бањата, да влезат во вода итн. Речиси една четвртина од оние кои одговориле дека се исплашиле одговориле дека и додека одговараат на прашањата чувствуваат страв (Cantor et al. 2010; според Cantor, 2011).

**Улогата на телевизијата во детската фантазија.** Во едно истражување пронајдено е дека децата од предучилишна возраст кои повеќе гледале

телевизија имале помалку замислени пријатели и покажувале пониски резултати на игри со фантазија (J.L.Singer и D.G.Singer, 1981 според Harris, 2004). Во едно друго истражување во кое две групи деца имале задача да завршат недовршена приказна, каде едната група ја гледала приказната на телевизија, а другата ја слушала на радио, децата кои ја слушале на радио внеле многу повеќе различни и нови елементи во приказната (Greenfield, 1984 според Harris, 2004).

Материјалот презентиран на телевизија довел до помалку нови идеи од страна на детето за разлика од случаите кога истиот материјал бил прикажан на радио (Valkenburg & Beentjes, 1997 според Harris, 2004). Иста приказна им била прикажана на децата на радио и телевизија и потоа имале задача да ја прераскажат приказната. Оние кои ја гледале приказната на телевизија користеле помалку описи, исто како да раскажуваат лице в лице (Beagles-Roos и Gat, 1983; Watkins, 1988; Greenfield, 1984 според Harris, 2004).

Во едно друго истражување споредувано е количеството на запомнет материјал од нем филм и од истиот филм со додаден звук. Возрасните лица подеднакво ги помнеле информациите од двата филма, додека децата подобро ги помнеле информациите од немиот филм. Една седмица подоцна и возрасните повеќе ги помнеле визуелните информации (Baggett, 1979 според Harris, 2004).

Бројот на истражувањата кои се однесуваат на стравот кој се јавува кај децата при гледање телевизија е мал. Повеќето од овие истражувања се фокусираат на стравот предизвикан од замислените ликови (Cantor and Sparks, 1984; Spirek, 1993 според Van der Molen, Valkenburg and Peeters, 2002), и не го вклучуваат стравот предизвикан од вистинското насилство присутно во другите ТВ програми. Во 1996 Кантор и Натансон (Cantor and Nathanson, 1996 според Van der Molen, Valkenburg and Peeters, 2002) спровеле истражување за појавата на реакции на страв предизвикан од вести во кои се прикажува насилство. Станувало збор за телефонска анкета која покажала дека 37% од децата на возраст од 4 до 12 години понекогаш се плашеле додека гледале вести на телевизија. Ван дер

Мулен, Валкенбург и Питерс спровеле лонгитудинална студија преку телефонска анкета со отворени прашања. Во неа истражувале колку често децата доживуваат страв при гледањето вести на телевизија и кои видови вести особено ги плашат. Исто така, ја истражувале потенцијалната разлика меѓу момчињата и девојчињата на различна возраст. Тие откриле дека 42% од децата кои гледале вести за возрасни се плашат од содржината на вестите. Помалите деца и девојчињата почесто изјавувале дека се плашат, отколку постарите деца и момчињата. Најчесто споменувани категории кои предизвикувале страв се: а) пожари, несреќи и катастрофи и б) експлицитни сцени на насилство како што се: крв и мртви тела. Постарите деца посочиле дека кај нив повеќе се јавува страв од меѓусебно насилство (според Van der Molen, Valkenburg and Peeters, 2002; Valkenburg et al., 2000).

Истражување спроведено на 163 деца на возраст од 5 до 9 години покажало дека децата доживувале повеќе страв кога верувале дека заканата од телевизија постои во нивна близина (Cantor & Hoffner, 1990 според Schmidt, 2005).

Поновите истражувања од скенирањето на мозокот укажуваат дека нашите мозоци различно реагираат на насилни и ненасилни стимули. Во едно спроведено истражување деца на возраст од 8 до 13 години гледале насилни сцени (боксирање од филмот „Роки 4") и ненасилни сцени (документарна програма) додека биле снимани со помош на магнетна резонанса. Иако двата видео материјала активирале делови од мозокот одговорни за визуелна и аудитивна обработка на информациите, само насилните сцени активирале делови од амигдалата и десниот церебрален кортекс кој е задолжен за возбуда, препознавање на закана и несвесна емоционална меморија. Наодите укажуваат дека постојат региони кои се активни и даваат одговор при доживување страв од гледање насилство на телевизија и дека амигдалата и десната хемисфера се исто така активни додека се гледаат насилни програми. Ваквите сеќавања кои се исполнети со емоции често траат долго откако ќе избледат когнитивните сеќавања (Liotti, Murray, & Ingmundson, in press; Murray, 2001, според Harris, 2004).

Во друго истражување кое било спроведено на студенти, биле мерени специфични долготрајни реакции на страв како што се долготрајна нервоза, проблеми со спиењето, избегнување страшни филмови и страв од влегување во одредени соби. 48% од лицата од женски пол одговориле дека избегнуваат да гледаат страшни филмови а, 68% дека се плашат да влезат во одредени соби од куќата. За разлика од нив само 10% од лицата од машки пол одговориле дека по гледањето страшен филм се плашат да влезат во одредена соба а 43% одговориле дека чувствуваат нервоза (Sparks, Spirek, & Hodgson, 1993 според Harrison, 1999). Степенот во кој возрасните ги доживуваат овие долготрајни ефекти по изложеноста во медиумите укажува дека постои и нешто друго освен свесното прифаќање на прикажан материјал за кој знаат дека е невистинит кое придонесува тој да се перципира како вистинит (Sparks and Sparks, 2000, p. 85 според Wirth and Schram, 2005).

Во култивациските студии Гербнер и колегите откриле дека рецепцијата на медиумски програми може да допринесе да се јави страв и напнатост. Лицата кои многу често гледаат телевизија го преценуваат бројот на лицата кои се вклучени во насилствата во текот на една седмица и соодветно на тоа имаат несоодветно високи нивоа на анксиозност (според Gerbner, Gross, Morgan, & Signorielli, 1980). Особено оние групи лица кои почесто од страна на медиумите се прикажувани како жртви го преценуваат нивото на насилство што е проследено со зголемено чувство на анксиозност (според Morgan, 1983).

Во 1991 Кантор и Омдал (Cantor and Omdahl, 1991 според Villani, 2001) спровеле истражување во кое го следеле однесувањето на деца од различна возраст по гледање страшни настани. Во сцените кои децата ги гледале биле прикажани: куќа која гори и давење. Во истражувањето биле вклучени деца кои одат во градинка па сè до деца од петто одделение. По гледањето на сцените децата покажале загриженост за појава на вакви сцени во секојдневниот живот. Исто така, сцените кои ги гледале имале влијание врз нивното секојдневно

функционирање, па така децата кои гледале давење избегнувале вода и се плашеле да се качат во кајак за разлика од останатите деца, додека пак оние кои гледале пожар не дозволувале да се запали оган во каминот.

Најекстремните сведоштва за реакциите на медиумски материјал доаѓаат од истражувања на психијатриски случаи кои имале симптоми на акутна и многу силна анскиозност во текот на неколку дена или седмици. Во некои случаи била потребна и хоспитализација. Како причина за таквата состојба било наведено гледањето страшни филмови како „Истерувач на духови" („The Exorcist") и „Инвазија на крадците на тела" („Invasion of the Body Snatchers"). Кај повеќето од овие пациенти претходно не биле дијагностицирани психолошки нарушувања, но гледањето на филмот се совпаднало со други акутни стресори (според http://encyclopedia.jrank.org/articles/pages/6526/Fear-and-the-Media.html, 15.08.2011).

**Важноста на изгледот (појавноста) во доживувањето на страв при гледање телевизија.** Во 1981 година е спроведено истражување во кое било побарано од страна на родителите да набројат програми и филмови кои најмногу ги исплашиле нивните деца. Родителите на децата од предучилишна возраст најчесто споменувале програми со ликови кои имале застрашувачки изглед како што е „Неверојатниот Халк" (The Incredible Hulk) и „Волшебникот од Оз". Родителите на децата кои оделе на училиште почесто набројувале програми и филмови во кои имало опасности, но без силна визуелна компонента и за кои била потребна фантазија за да се разбере пораката (Cantor and Sparks, 1984 според Cantor, 2011). Спаркс спровел истражување во кое истите прашања им ги поставил на деца. Наодите биле во согласност со претходното истражување. Во двете истражувања биле контролирани можните разлики во количеството на гледање телевизија (Sparks, 1986 според Cantor, 2011).

Слични наоди се добиени од истражување во кое се следеле реакциите на децата при гледање на исечоци од филмот „Неверојатниот Халк". Халк е лик кој поради генетска мутација добива страшен изглед и заедно со уште тројца пријатели им помага на лицата во неволја. При создавањето на серијата, тој воопшто не бил замислен како страшен лик, но во спроведеното истражување 40% од родителите на децата од предучилишна возраст изјавиле дека нивните деца се исплашиле од ликот. Децата одговориле дека најмногу се исплашиле кога им биле прикажани исечоци од филмот во кои е прикажана трансформацијата на Халк кога тој го добива новиот лик. Постарите деца кои оделе на училиште изјавиле дека помалку се плашат затоа што разбираат дека Халк е добар и ги користи своите натприродни моќи за да помогне. Се смета дека реакциите на помалите деца се должат на нивната неспособност да го занемарат изгледот и да се задржат на добрите дела на ликот (Sparks and Cantor, 1986 според Cantor, 2011).

За подобро да се истражат ефектите од изгледот на ликовите, за потребите на едно истражување биле создадени четири верзии на една иста приказна. Во неа се менувал изгледот на главниот лик и неговото однесување. Задачата на децата на возраст од 6 до 7 години и децата на возраст од 9 до 10 години била да одредат што ќе направи ликот во следната сцена. Децата од предучилишна возраст главно го проценувале ликот врз основа на изгледот, а помалку врз основа на однесувањето. Како што се зголемувала возраста на детето, така изгледот станувал помалку и помалку значаен, а однесувањето добивало значење повеќе и повеќе. Во истражување кое е извршено по ова истражување било откриено дека доколку нема информации за однесувањето на ликот, децата од сите возрасти вршат стереотипизирање врз основа на физичкиот изглед, односно проценувале дека грдите жени се лоши, а убавите добри (Hoffner and Cantor, 1985, според Cantor, 2011) .

Реакциите на страв кај децата што се предизвикани од содржини во медиумите го одразуваат нивото на нивниот когнитивен развој. Во едно

истражување родителите потврдиле дека децата од предучилишна возраст (од 3 до 4 години) најмногу се плашеле од содржини во медиумите кои изгледале страшно (фантазмички ликови), додека пак постарите деца повеќе се плашеле од нешта кои навистина можат да се случат, дури и ако не изгледаат многу страшно (Cantor & Sparks, 1984 според Schmidt, 2005).

Во истражувањето на Валма, Валкенбург и Питерс за стравот кој децата го доживуваат гледајќи вести вклучиле отворено прашање во кое децата имале задача да одговорат кој вид сцени од вестите кај нив предизвикале страв. При категоризацијата на одговорите добиени се следните одговори: меѓусебно насилство (убиства, тепање, пукање, киднапирање и физичка или сексуална злоупотреба), пожари, несреќи и катастрофи (куќи во пламен, сообраќајни несреќи, авионски несреќи, земјотреси, поплави и торнада), војни и страдања (војни, глад, сиромаштија, болести), повреда на деца (вести во кои децата се посочени како жртви), кражби, крадци и бегства од затвори, повреда на животни (луѓе кои повредувале животни, изумирање на животински видови поради природни катастрофи), средината и иднината (загадување, нуклеарни војни, генетска манипулација). Многу деца опишувале конкретни настани како крв, мртви тела и слично (според Walma Van der Molen, Valkenburg and Peeters, 2002).

**Возрасни и полови разлики во доживувањето страв при гледање телевизија.** Според истражувањето на Кантор, девојчињата од сите истражувани возрасни групи од 7 до 8, од 9 до 10 и од 11 до 12 години доживувале повеќе страв од момчињата во истите возрасни групи додека пак помалите деца доживувале помалку страв при гледање телевизија од постарите деца (Valkenburg, Cantor and Peeters, 2000). Истражувањата покажуваат дека девојчињата полесно покажуваат дека доживуваат страв од момчињата. Иако според наодите девојчињата доживуваат поголем страв, се претпоставува дека причината за ваквите наоди лежи во разликата во спремноста меѓу децата од различен пол да признаат дека се исплашиле. (Peck, 1999 според Valkenburg, Cantor and Peeters, 2000).

Телефонско истражување спроведено на 285 родители на деца кои оделе на училиште покажало дека постарите деца повеќе се плашеле од вести, а помалку од замислени содржини за разлика од помалите деца (Cantor и Nathanson, 1996 според Cantor, 2011). Во истражување спроведено на 186 деца од две возрасни групи, каде едната група била составена од деца на возраст од 5 до 7 години, а втората од деца на возраст од 9 до 12 години, било откриено дека доколку децата претходно се известат дека програмата која ја гледаат има среќен крај помалку се плашат (Hoffner & Cantor, 1991 според Schmidt, 2005). Во друго истражување било откриено дека присуството на постар брат или сестра при гледањето ТВ програма која предизвикува страв ја намалува возбудата кај детето (Wilson & Weiss, 1993, според Schmidt, 2005).

Кантор (Cantor, 1994; Cantor, 1998) направила неколку истражувања во кои на деца на различна возраст им биле пуштани клипови и филмови кои биле релативно благи во однос на страшниот материјал кој се прикажувал на телевизија. По гледањето на клиповите децата ги изразувале своите чувства, а биле следени и физиолошките промени преку снимање и систематско кодирање на фацијалната експресија и бихејвиоралните мерки на приоѓање и избегнување. Со зголемување на возраста, одреден материјал помалку предизвикувал страв кај децата, но друг материјал предизвикувал повеќе страв (според http://encyclopedia.jrank.org/articles/pages/6527/Age-Differences-in-Fright-Responses.html, 15.08.2011)

Стереотипот кој постои е дека девојчињата полесно се плашат од момчињата и дека општо земено лицата од женски пол повеќе се плашат од лицата од машки пол. Наодите само во одредена мера ги потврдуваат постоечките стереотипи. Се смета дека поради самата социјализација девојчињата го изразуваат стравот, додека пак момчињата го инхибираат.

Мета анализата  која се однесувала на истражувањата за предизвиканиот страв од медиумите спроведени меѓу 1987 и 1996 покажала дека има само мали разлики меѓу половите, со тоа што девојчињата покажале поинтензивни доживувања на страв од момчињата на сите мерки. Разликите биле најголеми на мерките каде што децата сами одговарале (self-report), на бихејвиоралните мерки (над кои лицето може најмногу да има свесна контрола), а биле најмали при мерењата на брзината на отчукувања на срцето и фацијалната експресија. Разликите меѓу половите се зголемувале со зголемувањето на возраста (Peck, 1999 според http://encyclopedia.jrank.org/articles/pages/6526/Fear-and-the-Media.html, 15.08.2011).

Постојат наоди кои укажуваат на постоење разлики меѓу половите во степенот на користење стратегии за справување со стравот, кои сепак можеби укажуваат на притисоците од социјалната средина за одредени прифатливи и очекувани начини на однесување. Според Кантор (Cantor, 2000) во две истражувања било откриено дека лицата од женски пол почесто користат некогнитивни стратегии отколку лицата од машки пол, но дека не постојат разлики во половите во користењето на когнитивни стратегии. Тоа може да укажува дека момчињата ги избегнуваат некогнитивните стратегии како покривање на очите, или пак, барање социјална поддршка бидејќи тие се лесно забележливи. А оние стратегии кои се потешко видливи, како размислување за аспектите кои не претставуваат закана, се јавуваат со еднаква фреквенција кај двата пола (според http://encyclopedia.jrank.org/articles/pages/6526/Fear-and-the-Media.html, 15.08.2011).

## КОРИСТЕЊЕ СТРАТЕГИИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СТРАВОТ ПРИ ГЛЕДАЊЕТО ТЕЛЕВИЗИЈА

Откриено е дека постои разлика меѓу помалите и поголемите деца во однос на стратегиите кои тие ги користат за справување со стравот доживеан при гледање телевизија. Според теориите на когнитивен развој когнитивните стратегии, кои се покомплексни, нема да бидат корисни за помалите деца затоа што кај нив сè уште не е развиена способноста за нивно користење. За разлика од нив, некогнитивните стратегии кои се поавтоматски и вклучуваат физички реакции се корисни и за помалите и за поголемите деца.

Наодите од неколку истражувања откриваат дека помалите деца имаат повеќе корист од некогнитивните стратегии како што е десензитивацијата или присуството на братчето или сестричето при гледањето ТВ материјал кој предизвикува страв, отколку од размислувањето дека материјалот кој се гледа не е вистинит. За постарите деца од основно училиште и когнитивните и некогнитивните стратегии биле корисни, иако децата од оваа возрасна група претпочитале да ги користат когнитивните стратегии (според Valkenburg et al., 2000).

Во однос на заедничкото гледање телевизија, децата често се обидуваат да ги тешат лицата со кои заедно гледаат телевизија, дури и кога тие самите доживуваат страв користејќи стратегии, како на пример, правење нешто друго или давање објаснувања за да го утешат лицето со кое гледаат. Еден експеримент покажал дека постарите браќа и сестри често спонтано се обидуваат да ги утешат помалите браќа и сестри кога гледаат страшен филм и дека често нивната утеха е успешна.

Когнитивните стратегии како: „си велиш дека тоа што го гледаш не е вистинито" биле помалку ефективни во намалувањето на реакциите на страв од страшна ТВ содржина кај децата од предучилишна возраст во споредба со постарите деца. Некогнитивните стратегии, како држењето ќебе, биле поефикасни кај помалите деца (Wilson, Hoffner и Cantor, 1987 според Valkenburg et al., 2000).

## РОДИТЕЛСКАТА МЕДИЈАЦИЈА И ДОЖИВУВАЊЕТО СТРАВ ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

Наодите за родителската медијација открилe дека изложеноста на децата на различни медиумски пораки може да влијае врз нивните ставови и однесувања, но дека на овие ефекти може да им се изврши „медијација" ако родителите се вклучат во набљудувањето и контролирањето на видот на медиумски материјал на кој е изложено нивното дете (Mesch, 2009 според Shin, 2010).

Истражувањата кои се однесуваат на родителската медијација главно се вршени врз примероци каде родителите се високообразовани и каде процентот на отфрлени случаи е многу висок што оневозможува да се направи генерализирација на наодите (Stoddart, 2006 според Shin, 201). Главно во истражувањата во примерокот се вклучуваат деца постари од 6 години (Rideout et al. 2003; Wartella et al. 2005; Vandewater et al., 2007 според Jackson, Brown and Pardun, 2008).

Сè уште не е јасно дали момчињата и девојчињата добиваат различен вид родителска медијација. Во некои студии не е пронајдена разлика меѓу видот на родителска медијација која ја добиваат момчињата и девојчињата (Nathanson, 2001a; Nikken and Jansz, 2006; Warren, Gerke, and Kelly,2002 според Shin, 2010), додека пак во други е најдена. Одредени наоди сугерираат дека момчињата се

повеќе подложени на родителска медијација од девојчињата (Eastin, Greenberg, and Hofschire, 2006; Hoffner and Buchanan, 2002; Warren, 2003 според Shin, 2010), во други откриено е спротивното (Austin et al., 1999; Livingstone and Helsper, 2008; Nikken and Jansz, 2006; van der Voort, Nikken, and van Lil, 1992 според Shin, 2010), а во трети не е откриена разлика (Nathanson, 2001a; Nikken, Jansz, and Schouwstra, 2007 според Shin, 2010).

Во таа насока се противречните наоди кој ги добил Варен (Warren, 2001 според Shin, 2010) Во една студија тој открил дека родителите повеќе практикувале заедничкото гледање кај момчињата од основно училиште за разлика од девојчињата, но немало разлика при практикувањето на активната и рестриктивната медијација. Во другата студија тој открил дека момчињата добивале повеќе рестриктивна медијација од девојчињата, но не постоеле разлики за другите видови родителска медијација. Валкенбург и соработниците (Valkenburg et al., 1999 според Shin, 2010) откриле дека девојчињата примале повеќе активна и рестриктивна медијација од момчињата, но не пронашле разлика во заедничкото гледање.

Студиите кои ја истражуваат родителската медијација и стравот од замислените ликови, покажуваат дека активната медијација им помага на децата од основните училишта да се справуваат со стравовите предизвикани од медиумите (Cantor, Sparks, & Hoffner, 1984; Wilson, 1987, 1989; Wilson & Weiss, 1991 според Buijzen, Walma van der Molen, Sondij, 2007).

Истражувањата за ефектите од агресијата индуцирана од медиумите покажале дека и активната и рестриктивната медијација можат да ја намалат ранливоста на децата од медиумската содржина (Nathanson, 1999; Nathanson & Cantor, 2000 според Buijzen, Walma van der Molen, Sondij, 2007). Но, наодите од заедничкото гледање укажуваат дека овој вид медијација е ефикасен само кога се спроведува со одредена цел и кога е придружен со коментари од страна на

родителите (Austin, 2001; Buerkel-Rothfuss & Buerkel, 2001; Yang & Nathanson, 2005 според Buijzen, Walma van der Molen, Sondij, 2007). Кога на децата им се укажувало да се фокусираат на чувствата на жртвата додека гледаат насилен цртан филм, момчињата во групата со активна медијација биле помалку склони на агресија отколку момчињата во контролната група (Nathanson and Cantor, 2000 според Kirsh, 2005). Децата од предучилишна возраст кои заедно со своите постари браќа или сестри гледале сцени од филмови во кои има исчекување, помалку се вознемирувале и повеќе им се допаѓал материјалот кој го гледале, отколку кога гледале сами (Wilson and Weiss, 1993 според Ftiness and Dufield, 2004).

Истражувањата кои се однесуваат на поврзаноста на возраста на децата и родителската медијација покажуваат дека помалите деца добиваат поголема активна и рестриктивна медијација (Nathanson, 2001a; Valkenburg et al., 1999; Warren, Gerke, and Kelly, 2002 според Shin, 2010). Валкенбург и нејзините соработници (Valkenburg et al, 1999 според Shin, 2010) откриле дека родителите на помалите деца (на возраст од 5 до 8 години) повеќе употребувале активна медијација, отколку родителите на постарите деца (на возраст од 9 до 12 години). Разликата меѓу истражуваните групи не била значајна, но аритметичката средина која се однесува на резултатите добиени од родителите на помалите деца била малку повисока. Кај заедничкото гледање не биле пронајдени разлики меѓу двете групи.

Со цел да ја споредат способноста на децата за да ги разберат инструкциите од страна на родителите додека гледаат страшен филм Кантор и Вилсон (Cantor и Wilson, 1984, според Cantor, 1998), спорeдиле две групи деца. Во првата група биле вклучени деца од 3 до 5 години, а во втората деца на возраст од 9 до 11 години. Тие откриле дека когнитивните објаснувања не им биле од корист на помалите деца и ваквиот вид интервенции немале никакво влијание на реакциите на децата во оваа возрасна група. Авторите заклучиле дека

способностите за справување на овие деца можеби не се доволно развиени за да можат да имаат корист од ваквата интервенција.

Според одредени автори родителската медијација при гледањето телевизија може да предизвика и лоши ефекти врз искуството на децата, затоа што родителите во одредени случаи го насочуваат вниманието на децата кон страшните сцени. Тие во одредени случаи можат имплицитно да ги премолчуваат насилните сцени додека гледаат заедно со децата што може да се толкува како прифаќање на тој материјал (според Nathanson, 2001).

Родителите во значајна мерка го потценуваат времето кое нивните деца го поминуваат во гледање програми на телевизија кои им предизвикуваат анксиозност. Но, децата постепено развиваат стратегии за да се справат со телевизиските содржини кои им предизвикуваат страв. Најчесто се јавува отапување (blunting), по кое следи набљудување и барање поддршка. Ефективното справување може да доведе да се јави уживање во материјалот (според Wirth and Schramm, 2005).

Забележано е дека родителите често не се свесни за појавата или сериозноста на реакциите на страв кои се појавуваат кај нивните деца при гледање телевизија. Истражувањата покажуваат дека процените на родителите за стравот кој го доживуваат децата се пониски од информациите кои се добиваат од страна на децата. Родителите, исто така, го потценуваат нивото на изложеност на нивните деца на материјал кој предизвикува страв. Децата често доживуваат страв од програми кои родителите не претпоставуваат дека се страшни за децата. Но, постојат и докази дека децата во голема мерка се изложени на програми наменети за возрасни кои предизвикуваат страв и кај возрасната публика (според http://encyclopedia.jrank.org/articles/pages/6526/Fear-and-the-Media.html, 15.08.2011).

Во студија спроведена во Непал каде учесници во истражувањето биле родители и нивните деца од училишна возраст се истражувале: доживеаниот

страв при гледање телевизија кај децата, стратегиите за справување со стравот кај децата, перцепциите на родителите за доживеаниот страв кај своите деца и перцепциите на родителите за стратегиите кои децата ги користат за справување со стравот настанат при гледање телевизија. Во истражувањето учествувале 79 деца и 48 родители. Скоровите добиени на детската медицинска скала на страв (Child Medical Fear Scale - CMFS) покажале дека децата доживуваат умерено ниво страв. На инвентарот за стратегии за справување со стравот за деца од училишна возраст (Schoolagers' Coping Strategies Inventory -SCSI), родителите сметале дека децата повеќе се плашат и почесто користат стратегии во споредба со одговорите на децата. Не била пронајдена значајна поврзаност меѓу доживувањето страв и стратегиите за справување со него. Биле пронајдени значајни разлики меѓу нивоата на страв изјавени од децата и родителите. Не биле пронајдени значајни разлики меѓу одговорите на децата и родителите во однос на користењето на стратегиите за справување со стравот. Но, била пронајдена значајна разлика меѓу ефективноста на стратегиите за справување со стравот изјавени од страна на децата и родителите (според Mahat и Scoloveno, 2003).

ПРОБЛЕМ

Интересот за ефектите од гледањето телевизија постојано се зголемува. Иако подолго време се следи количеството на консумирање различни видови медиумски материјал, тие податоци ретко се присутни во нашата јавност, иако постојат многу обемни податоци од различен вид. Освен домашните истражувања кои го следат консумирањето на различните видови медиуми, постојат и меѓународни агенции кои секоја година во соодветна литература објавуваат податоци за користењето на медиумите во секоја земја.

Информациите кои доаѓаат до македонската јавност најчесто се достапни во форма на вести, но поради формата и целта на самиот медиум не се остава простор за подетална разработка на презентираните податоци, ниту пак се даваат насоки за подобрување на воспоставената ситуација.

Така во електронското издание на дневниот весник „Нова Македонија" се објавени резултати од истражувањето „Телевизијата во 2011 - меѓународни клучни факти". Според ова истражување жителите на Р. Македонија дневно гледаат 293 минути телевизија, односно околу 5 часа во текот на денот (според „Нова Македонија" број 22336, 2011). Овој вид истражувања покажуваат дека секоја година се зголемува времето поминато во гледање телевизија, но исто така се зголемува и консумирањето на материјалот кој доаѓа од различните медиуми (Cassi, 2012).

Бројот на истражувања кои се однесуваат на ефектите од изложеноста на медиумите расте сè повеќе. Се зголемува бројот на наоди, но се зголемува и бројот на различни видови аспекти од нашите животи врз кои се увидува нивното влијание.

Појавата на стравот при гледањето телевизија не е непозната емоција на кој било гледач, без разлика дали тој самиот ја искусил или пак ја согледал кај некое лице со кое гледал телевизија. Стравот се појавува без разлика на возрасното доба, иако се воочуваат разлики во видот на материјалот кој го предизвикува стравот.

Досега во рамките на светските трендови на истражување на ефектите од телевизијата, акцентот беше ставан на агресијата и можноста за појава на агресивно однесување кај децата и возрасните како резултат на материјалот гледан на телевизија. Во последниве години авторката Кантор со своите соработници започнува да го истражува стравот кој се јавува при гледање телевизија и предизвикува низа истражувачи низ светот да се насочат кон истражување на оваа појава. Како резултат на тоа веќе во 2011 година се појавуваат сè повеќе истражувања во научните списанија и книги кои се однесуваат на ефектите од гледањето телевизија. Истражувањата вклучуваат учесници од сите возрасни групи.

За жал, речиси е невозможно да се дојде до резултати од истражувања спроведени во Македонија кои се однесуваат на медиумите и нивните ефекти. Иако бројот на магистерски и дипломски трудови расте, а одредени агенции за истражување веќе подолго време следат различни аспекти од медиумите, тие податоци не се лесно достапни или ги нема на Интернет, воопшто.

Иако одредени институции повикуваат на контрола на видот на материјалот кој се прикажува на телевизија, досега не се спроведени истражувања на ниту една возрасна група за видот на доживеан страв при гледање телевизија и за видовите ТВ програми кои предизвикуваат страв. Ранливоста на децата, самиот факт дека тие се во развој и дека голем дел од сегашните искуства ќе влијаат на начинот на кој тие подоцна ќе се однесуваат и прилагодуваат во светот, ја создаде потребата тие да бидат во фокусот на ова истражување.

Поради тоа во рамките на ова истражување, поставени се следните проблеми:

**1:** Какви навики имаат децата од различен пол и возраст за гледање телевизија?

**2**: Кои ТВ канали и програми предизвикуваат страв кај децата од различен пол и возраст?

**3:** Дали децата од различен пол и возраст доживуваат различен вид страв при гледање телевизија?

**4:** Дали децата од различен пол и возраст користат различни видови стратегии за справување со стравот доживеан при гледање телевизија?

**5**: Дали децата од различен пол и возраст користат различни видови стратегии за справување со различните видови страв при гледањето телевизија?

**6:** Дали постои разлика во степенот на доживувањето на различните видови страв настанат при гледање телевизија при различна родителска медијација?

**7:** Каква е поврзаноста меѓу различните видови страв при гледањето телевизија, стратегиите што се користат за справување со различните видови страв и родителската медијација?

## ХИПОТЕЗИ

Врз основа на наведените проблеми поставени се следните хипотези:

**Х1:** Децата од различен пол и возраст се разликуваат во видот на стравот што го доживуваат при гледање телевизија

**Х2:** Децата од различен пол и возраст се разликуваат во видот на стратегии што ги користат за справување со стравот што го доживуваат при гледање телевизија

**Х3:** Децата од различен пол и возраст се разликуваат во видот на стратегиите што ги користат за справување со различните видови страв што го доживуваат при гледање телевизија

**Х4:** Постои разлика во степенот на доживувањето на различните видови страв настанат при гледање телевизија при различна родителска медијација.

**Х5:** Постои разлика во степенот на доживување страв при гледање телевизија и користењето стратегии за справување со него при различни облици на родителска медијација

# ВАРИЈАБЛИ

**Доживување страв при гледање телевизија.** Стравот се дефинира како емоционален одговор кој се јавува кај лицата во случаи на загуба на контролата и нејзино повторно враќање. Под контрола се подразбира секое свесно однесување без разлика дали е на когнитивен или бихејвиорален план. Промената меѓу немањето и здобивањето контрола се јавува при различни нивоа на интензитет и во неконзистентни временски периоди. Во нив најчесто се јавува изненадување кое го става лицето во емоционална нерамнотежа и тоа не може да создаде очекувања за настанот и преку нив да ја врати контролата. Гледано од биолошка гледна точка стравот претставува сигнал кој предупредува од појава на смрт, повреда или какво било уништување. Неговата цел е да го наведе лицето да ја избегне опасната ситуација. Од психолошка гледна точка стравот, исто така, има цел да предупреди и неговата главна функција е да ја превенира можноста од појава на дезинтеграција на личноста. Постојат два основни стимула на стравот, едниот е срединскиот (рационален), а другиот психолошки (ирационален). Само срединскиот стимулус подразбира постоење на директна физичка закана за лицето (според, Saliba,1980). Во ова истражување, стравот настанат при гледање телевизија се мери преку скала за мерење страв при гледање телевизија и тој претставува скор добиен на истата скала.

**Стратегии за справување со доживеаниот страв настанат при гледање телевизија**. Стратегиите за справување со стравот настанати при гледање телевизија ги претставуваат мерките и однесувањата кои лицата ги вршат за да го намалат чувството на страв. Рационалните стравови можат да се надминат со борба или бегство, додека пак ирационалните стравови, како оние кои настануваат при гледање страшни програми на телевизија, можат да бидат надминати само со свесна и рационална контрола. Лицата ги користат стратегиите за справување со стравот за да се заштитат од перципираната опасност дури и кога таа е ирационална како во страшните телевизиски програми

(според, Saliba,1980). Користењето стратегии за справување со стравот настанат при гледање телевизија во ова истражување се мери преку скала и претставува скор добиен на скалата за користење стратегии за справување со стравот настанат при гледање телевизија.

**Родителска медијација** ги преставува видовите стратегии кои родителите ги користат за да го контролираат и надгледуваат користењето на медиумите од страна на нивното дете (Warren, 2001 според Shin, 2010). Според една од постоечките поделби, постојат три вида родителска медијација: заедничко гледање, рестриктивна медијација и инструктивна медијација кои се разликуваат во степенот на ангажираност на родителите во појаснувањето на материјалот виден во медиумите. При заедничкото гледање родителите и децата заедно гледаат, но не ја дискутираат перципираната содржина, при рестриктивната медијација родителите забрануваат гледање одреден материјал, а при инструктивната медијација тие дискутираат со децата и го објаснуваат перципираниот материјал (Valkenburg, Kremar, Peeters and Marselle, 1999 според Giles, 2003) . Во ова истражување родителска медијација претставува скор добиен на скалата за мерење на родителска медијација.

**Пол и возраст.** Двете варијабли се организмички. Во истражувањето учествуваа ученици од машки и женски пол од петто и осмо одделение.

# МЕТОД

## УЧЕСНИЦИ

Со оглед на тоа што скалите кои се користеа во истражувањето се за првпат зададени во Македонија за да се провери нивната релијабилност беше направено пилот-истражување. Пилот-истражувањето беше спроведено на пригоден примерок во две основни училишта: основното училиште „Блаже Конески" и основното училиште „Ѓорѓија Пулески", двете од општината Аеродром во Скопје. Беа анкетирани вкупно 219 деца од четврто, петто и шесто одделение, во јуни во учебната 2010/2011 година.

По направените корекции во скалите засновани на пилот- истражувањето во периодот од ноември до декември 2011 година беше спроведено истражување чии резултати се вклучени во овој труд. Тоа беше спроведено на пригоден примерок во основните училишта: „Блаже Конески" (осмо одделение), „Лазо Ангеловски" (петто и осмо одделение) и „Ѓорѓија Пулески" (петто одделение). Примерокот вклучува 317 учесници, 151 од петто одделение и 166 од осмо одделение, 151 од машки пол и 166 од женски пол.

## ИНСТРУМЕНТИ

За мерење на доживувањето на страв кој се јавува при гледање телевизија беше користен прашалник кој го сочинуваа прашања за навиките за гледање телевизија, скала за мерење страв при гледање телевизија, скала за стратегии за справување со страв при гледање телевизија и скала за родителска медијација (Прилог А).

**<u>Скала за мерење страв при гледање телевизија</u>** (Television Induced Fear Scale) Скалата е создадена од Валкенбург, Кантор и Питерс во 2000 година (Valkenburg, Cantor, и Peeters, 2000). Скалата се состои од 18 тврдења од ликертов тип со пет нивоа (од 0 - никогаш, 1 - многу ретко, 2 -понекогаш, 3 - често и 4 - многу често).

Скалата е составена од четири субскали со кои се мери појавата на четири вида страв кој се јавува при гледање телевизија: страв од меѓусебно насилство, страв од војни и страдања, страв од пожари и несреќи и страв од замислени ликови. Според авторите релијабилноста на скалата била висока, кронбах алфа за четирите субскали била 0.76.

Во оригиналната скала две од субскалите се состојат од пет, а две од четири тврдења. За да се изедначи бројот на тврдења во сите субскали беа додадени две тврдења. Односно, во скалата за војни и страдања беше додадено тврдењето „Мачење луѓе", а во скалата пожари и несреќи беше додадено тврдењето „Пожар во шуми".

Кронбах алфа за секоја субскала беше повисока од 0.84, а двата додадени ајтеми високо корелираа со останатите ајтеми во рамките на скалата и во соодветните субскали.

За процена на користењето стратегии за справување со стравот при гледање телевизија беше користена **<u>Скалата за користење стратегии за справување со стравот настанат при гледање телевизија</u>** (Coping Strategies to Reduce Fear from TV) создадена од Валкенбург, Кантор и Питерс во 2000 година (Valkenburg, Cantor, и Peeters, 2000). Скалата е од ликертов тип и се состои од 21 тврдење со пет нивоа (кои се движат од 0 - никогаш, 1 - многу ретко, 2 - понекогаш, 3 - често и 4 - многу често).

Скалата за користење стратегии за справување со стравот при гледање телевизија се состои од четири субскали со кои се мерат четири вида стратегии за

справување со стравот: физичка активност, когнитивна утеха, социјална поддршка и бегање. Релијабилноста на скалата е тестирана на деца од Холандија и САД, каде кронбах алфа за четирите субскали била 0.71.

Во оригиналната скала три од скалите се состојат од пет тврдења, а само една има шест тврдења. Во трите скали беше додадено уште по едно тврдење, со што сите четири субскали добија еднаков број тврдења (шест). Два ајтема од оригиналната скала беа променети поради ниска и негативна корелација со преостанатите ајтеми.

Пробното тестирање покажа дека кронбах алфа за скалата за користење стратегии за справување со стравот при гледање телевизија изнесува 0.899. Кронбах алфа за секоја од субскалите беше повисока од 0.58.

За процена на родителската медијација беше користена **Скала за родителска медијација** (Television Mediation Scale) создадена од Валкенбург, Крцмар, Питерс и Марсеј во 1999 година (Valkenburg, Krcmar, Peeters и Marseille,1999). Скалата е од ликертов тип со 5 нивоа (кои се движат од 0 - никогаш, 1 - многу ретко, 2 - понекогаш, 3 - често и 4 - многу често).

Скалата е составена од три субскали кои се составени од по пет тврдења преку кои се мерат трите стила на родителска медијација: рестриктивна медијација, инструктивна медијација и заедничко гледање (social coviewing). Скалата е наменета за родителите кои имаат задача преку самопроцена да одговорат на кој начин го контролираат гледањето телевизија кај своите деца. За ова истражување таа е адаптирана, задржани се истите тврдења, но тие се адаптирани на тој начин што децата имаат задача да го проценат однесувањето на своите родители.

Релијабилноста на прашалникот е проверувана на примероци од холандски и американски родители. Кронбах алфа за трите субскали била конзистентно висока и варирала од 0.79 до 0.91.

Пробното тестирање покажа дека кронбах алфа за целиот прашалник изнесува 0.779. Но, резултатите од пробното тестирање покажаа дека речиси сите ајтеми од субскалата „заедничко гледање“ имаат помала корелација од онаа која се препорачува во стручната литература и затоа беше одлучено целата субскала да биде отфрлена.

Со отфрлањето на ајтемите од субскалата „заедничко гледање“ кронбах алфа за прашалникот изнесува 0.809, а за секоја од поединечните субскали беше повисока од 0.72.

Сите три прашалници беа преведени од англиски јазик и по пробното тестирање беа лекторирани.

## ПОСТАПКА

Прибирањето на податоците беше групно и се одвиваше за време на наставен час. Пред учесниците да започнат со пополнување им се даде упатството за пополнување и им се објасни дека испитувањето е анонимно и доброволно. Истражувањето беше спроведено во ноември и декември 2011. Пополнувањето на зададените инструменти траеше околу 30 минути.

# РЕЗУЛТАТИ

## НАВИКИ НА ДЕЦАТА ЗА ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

### Должина на гледање телевизија кај децата од различен пол и возраст

За да се утврди колку долго децата во текот на денот гледаат телевизија беше поставено прашање од затворен тип со четири можни одговори. Учесниците можеа да избираат меѓу следните избори: помалку од два часа во текот на денот, од 2 до 3 часа во текот на денот, од 4 до 6 часа во текот на денот и повеќе од 7 часа во текот на денот. Добиените одговори покажуваат дека најголем дел од децата гледаат телевизија до три часа во текот на денот. Односно 38,8% (123) одговориле дека гледаат телевизија 2 до 3 часа, а 36,3% (115) одговориле дека гледаат телевизија помалку од 2 часа во текот на денот. Понатаму 22,1% (70) одговориле дека гледаат 4 до 6 часа и само 2,8% (9) дека гледаат телевизија повеќе од 7 часа во текот на денот (Слика 1).




**Слика 1. Должина на гледање телевизија во текот на денот изразена во проценти**

За да се утврди дали децата од различен пол и возраст имаат различни навики за гледање телевизија беше спроведена подетална анализа во која беа вклучени полот и возраста на учесниците.

Анализата на должината на гледање телевизија и полот на учесниците покажа дека со зголемувањето на должината на гледање телевизија се намалува бројот на девојчиња кои гледаат телевизија. Односно 41,32% од девојчињата гледаат телевизија до 2 часа во текот на денот, а само 1,2% гледаат повеќе од 7 часа во текот на денот.

За разлика од нив најголем број од момчињата гледаат телевизија 2 до 3 часа во текот на денот, односно 42%. Исто како и девојчињата, најмал број од нив гледаат телевизија повеќе од 7 часа - 4,67% (слика 2).




**Слика 2. Проценти на момчиња и девојчиња кои гледаат телевизија одредено време во текот на денот**

Понатаму, кога беа земени предвид должината на гледање телевизија и возраста на децата беше откриено дека како што расте бројот на часовите на гледање телевизија, така бројот на децата од петто одделение станува сè помал.

Односно, додека 41,72% од децата од петто одделение гледаат телевизија до 2 часа во текот на денот, само 5,30% гледаат повеќе од 7 часа во текот на денот.

За разлика од нив децата од осмо одделение одговориле дека имаат различни навики, односно тие поминуваат подолго време во текот на денот гледајќи телевизија. Најголем број од нив 39,76% одговориле дека гледаат телевизија 2 до 3 часа на ден, 31,33% гледаат 0 до 2 часа, 28,31% гледаат 4 до 6 часа, а само 0,6% (1 дете) гледа повеќе од 7 часа во текот на денот (слика 3).




**Слика 3. Проценти на деца од петто и осмо одделение кои гледаат телевизија одредено време во текот на денот**

Ако ги земеме предвид полот и возраста во однос на времето поминато во гледање телевизија, можеме да забележиме дека најголем број од момчињата од петто одделение гледаат телевизија 2 до 3 часа во текот на денот (44%). Исто така, во споредба со другите групи, децата од петто одделение во најголем број гледаат телевизија повеќе од 7 часа во текот на денот (8%). Девојчињата и момчињата од осмо одделение имаат исти навики на гледање телевизија, односно поголемиот дел од нив гледаат 2 до 3 часа (30,26% момчиња и 32,22% девојчиња), потоа 0 до 2 (39,47% момчиња и 40% девојчиња) часа, па 4 до 6 часа

(14,47% момчиња и 27,78% девојчиња), а најмал број гледаат телевизија повеќе од 7 часа во текот на денот (1,32% момчиња и 0% девојчиња). Само кај девојчињата од петто одделение се забележува дека со зголемувањето на времето на гледање телевизија, бројот на девојчиња кои гледаат телевизија се намалува, 51,32% гледаат 0 до 2 часа, а 2,63% повеќе од 7 часа во текот на денот (слика 4).




**Слика 4. Време поминато во гледање телевизија според пол и возраст**

## ДОЖИВУВАЊЕ СТРАВ ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

### ТВ програми и канали кои предизвикале страв кај децата

Во рамките на прашалникот влегуваат три скали од кои едната го мери стравот доживеан при гледање телевизија. Скалата која се однесува на доживеаниот страв при гледање телевизија во себе вклучува сцени кои предизвикале страв кај децата. Но, ниту една од тие сцени не е конкретно врзана за одреден ТВ канал или програма. За да може да се добие јасна и конкретна слика точно кои ТВ програми и канали емитуваат програма која предизвикува страв, во рамките на прашалникот беа вклучени две прашања. Едното ја вклучуваше фреквенцијата на доживеан страв од различните видови ТВ програми: вести, филмови, ТВ серии, цртани филмови, документарни филмови и спорт, а другото од децата бараше да ги набројат ТВ програмите кои кај нив предизвикале страв.

Кога ќе се направи споредба на одговорите на децата може да се забележи дека најголемиот број деца за сите видови ТВ програми одговориле дека никогаш не се исплашиле. Ако се разгледа бројот на децата кои одговориле „многу често" може да се забележи дека најголем број одговори се однесуваат на филмовите 9,78%, по нив се ТВ серите со 5,68%, а ист е процентот за вестите и цртаните филмови 2,84%.

Од одговорите на учесниците може да се забележи дека сите видови ТВ програми предизвикале страв. Гледајќи **вести** 22,71% од децата одговориле дека се исплашиле многу ретко, 7,57% ретко, 3,15% често, а 2,84% се исплашиле многу често. Гледајќи **филмови** 26,18% од учесниците одговориле дека се исплашиле многу ретко, 12,30% ретко, 11,67% често а 9,78% се исплашиле многу често. **ТВ**

**сериите** биле причина 12,30% од децата да се исплашат многу ретко, 6,94% ретко, 5,05% често, а 5,68% многу често.

**Цртаните филмови** иако се наменети за децата тие сепак кај одредена група деца предизвикале страв. 5,36% од учесниците одговориле дека се исплашиле многу ретко гледајќи цртани филмови, 1,26% ретко, 2,21% често а 2,84% многу често.

Иако целта на **документарните филмови** е да ги едуцираат гледачите за различни теми дури 11,7% од учесниците во истражувањето одговориле дека се исплашиле многу ретко гледајќи документарни филмови, 7,3% ретко, 1,3% често, а 2,2% се исплашиле многу често.

Интересно е тоа што **спортот,** исто така, кај одредена група деца предизвикал страв. Гледајќи спорт 3,23% од децата одговориле дека се исплашиле многу ретко, 1,62% ретко се исплашиле, 0,54% се исплашиле често, а 4,04% се исплашиле многу често (слика 5).




**Слика 5. Честота на доживеан страв при гледање различни видови ТВ програми**

Целта на последното прашање беше да го идентификува видот на програмите од кои децата се исплашиле додека гледале телевизија. За да се добие поверодостојна слика прашањето беше од отворен тип. Бидејќи во секојдневниот говор зборот „програма" често се користи како синоним за зборот канал, дел од учесниците во рамките на своите одговори вклучуваа само ТВ канали, дел само ТВ програми, а дел ги комбинираа и каналите и програмите. Имајќи предвид дека двата вида информации се релевантни беше одлучено да се вклучат сите дадени одговори во рамките на ова истражување.

Денес преку кабелските оператори се овозможува пристап до голем број телевизиски канали, затоа при своето одговарање учесниците наведуваа и домашни и странски канали кои кај нив предизвикале страв. Беа наведени вкупно 26 канали кои предизвикале страв кај децата. Од нив ТВ Сител со 20,75% беше најчесто наведуван ТВ канал, потоа ТВ Канал 5 со 13,48% и ТВ А2 со 3,50% (слика 6).




**Слика 6. ТВ канали од кои децата најчесто се исплашиле**

Од различните видови емисии кои се емитуваат на телевизија, а кои кај децата предизвикале страв беа наведени вкупно 32 различни програми. Дел од нив беа само наведени како вид програми, односно беше наведен нивниот жанр, како на пример хорор филмови, реклами, вести и слично, додека пак преостанатиот дел беа точни имиња на програми, како на пример „Долина на волците", „Тетки" и слично. Како најчеста причина за појава на страв беа наведени хорор- филмовите 8,89%, вестите 3,77% и „Долина на волците" 3,50% (слика 7).




**Слика 7. ТВ програми од кои децата најчесто се исплашиле**

**Гледањето телевизија и доживувањето различни видови страв**

Во истражувањето беше мерено доживувањето на четири вида страв при гледање телевизија: доживување страв од меѓусебно насилство, доживување страв при гледање војни и страдања, доживување страв од пожари и несреќи и доживување страв од замислени ликови прикажани на телевизија.

Притоа едно од поставените прашања имаше цел да открие дали постојат разлики меѓу децата од различен пол и возраст во однос на доживувањето различен вид страв при гледањето телевизија.




**Слика 8. Видови доживеан страв кои беа испитувани во ова истражување**

Спроведениот t-тест откри дека постои значајна разлика меѓу момчињата и девојчињата во доживувањето три вида страв. Тие меѓу себе се разликуваат во доживувањето страв при прикажување меѓусебно насилство ($t_{(315)} = -3.487$, $p<0.01$), при прикажување војни и страдања ($t_{(315)} = -3.693$, $p<0.01$) и при прикажување пожари и несреќи на телевизија ($t_{(315)} = -1,992$, $p<0.05$). Во трите случаи девојчињата повеќе се плашат од момчињата на што укажува негативниот t-тест.

Во однос на доживувањето страв при гледање замислени ликови на телевизија не беше пронајдена разлика меѓу момчињата и девојчињата (Табела 1).

**Табела 1. Значајност на разлики меѓу доживеаниот страв при гледање телевизија кај децата од машки и женски пол**

| Вид доживеан страв | Пол | M | SD | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | машки | 3,86 | 4,97 | -3,487 | ,01** |
| | женски | 5,88 | 5,30 | | |
| Страв од војни и страдања | машки | 3,94 | 4,87 | -3,693 | ,00** |
| | женски | 6,04 | 5,23 | | |
| Страв од пожари и несреќи | машки | 2,97 | 4,76 | -1,992 | ,047* |
| | женски | 4,02 | 4,62 | | |
| Страв од замислени ликови | машки | 2,58 | 4,01 | -1,455 | ,15 |
| | женски | 3,25 | 4,17 | | |

Кога беше земена предвид возраста на децата беше откриено дека постои значајна разлика меѓу децата од петто и децата од осмо одделение во доживувањето одредени видови страв. Разлики меѓу децата од двете возрасни групи има при доживување страв од меѓусебно насилство ($t_{(277.27)} = 4.72$, $p<0.01$), при доживување страв од пожари и несреќи (($t_{(296.14)} = 2.98$, $p<0.05$) и при доживување страв од замислени ликови ($t_{(268.03)} = 2.31$, $p<0.05$) прикажани на телевизија. Притоа во трите случаи децата од петто одделение значајно повеќе се плашат од децата од осмо одделение (Табела 2).

Не постои значајна разлика меѓу децата од петто и осмо одделение при доживување страв од војни и страдања.

**Табела 2. Значајност на разлики меѓу доживеаниот страв при гледање телевизија кај децата од петто и осмо одделение**

| Вид доживеан страв | Одделение | M | SD | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | Петто | 6,34 | 5,76 | 4,72 | ,00** |
| | Осмо | 3,62 | 4,33 | | |
| Страв од војни и страдања | Петто | 5,60 | 5,23 | 1,86 | ,06 |
| | Осмо | 4,53 | 5,06 | | |
| Страв од пожари и несреќи | Петто | 4,16 | 5,06 | 2,31 | ,02* |
| | Осмо | 2,95 | 4,31 | | |
| Страв од замислени ликови | Петто | 3,66 | 4,71 | 2,98 | ,00** |
| | Осмо | 2,28 | 3,34 | | |

## ВИДОВИ СТРАТЕГИИ КОИ ДЕЦАТА ГИ КОРИСТАТ ЗА ДА СЕ СПРАВАТ СО СТРАВОТ НАСТАНАТ ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

Стратегиите за справување со стравот претставуваат видови когнитивни и бихејвиорални техники кои се користат за справување со него. Во ова истражување беа испитувани четири вида стратегии за справување со доживеаниот страв настанат при гледање телевизија, а тоа се: физичка интервенција, когнитивна утеха, социјална поддршка и бегство. Притоа целта беше да се открие дали постојат разлики меѓу учесниците од различен пол и возраст во однос на стратегиите кои тие ги користат за да се справат со стравот настанат при гледање телевизија.




**Слика 9. Видови стратегии за справување со стравот доживеан при гледање телевизија кои беа испитувани во ова истражување**

При спроведената анализа беше откриено дека постои значајна разлика меѓу момчињата и девојчињата во однос на користењето на сите видови стратегии за справување со стравот, односно девојчињата значајно повеќе ги користат сите видови испитувани стратегии: физичка интервенција ($t_{(315)} = -5.89$, $p<0.01$), когнитивна утеха ($t_{(315)} = -2.55$, $p<0.01$), социјална поддршка ($t_{(309,26)} = -4.70$, $p<0.01$) и бегство ($t_{(315)} = -3.64$, $p<0.01$) (Табела 3).

**Табела 3. Значајност на разлики меѓу стратегиите за справување со стравот настанат при гледање телевизија кај децата од машки и женски пол**

| Вид стратегија за справување со стравот настанат при гледање телевизија | Пол | M | SD | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичка интервенција | машки | 3,67 | 5,06 | -5,89 | ,00** |
| | женски | 7,30 | 5,84 | | |
| Когнитивна утеха | машки | 8,13 | 7,23 | -2,55 | ,01** |
| | женски | 10,09 | 6,47 | | |
| Социјална поддршка | машки | 2,59 | 4,44 | -4,70 | ,00** |
| | женски | 5,25 | 5,61 | | |
| Бегство | машки | 3,42 | 4,93 | -3,64 | ,00** |
| | женски | 5,47 | 5,09 | | |

Исто така, беа откриени значајни разлики меѓу децата од петто и осмо одделение во однос на сите видови стратегии за справување со стравот доживеан при гледање телевизија. Притоа децата од петто одделение значајно повеќе ги користат сите стратегии за справување со стравот кои беа опфатени во ова истражување: физичка интервенција ($t_{(296,87)} = 3.12$, $p<0.01$), когнитивна утеха ($t_{(315)} = 4.32$, $p<0.01$), социјална поддршка ($t_{(256,3)} = 4.60$, $p<0.01$) и бегство ($t_{(278.56)} = 4.09$, $p<0.01$) (Табела 4).

**Табела 4. Значајност на разлики меѓу стратегиите за справување со стравот настанат при гледање телевизија кај децата од петто и осмо одделение**

| Вид стратегија за справување со стравот настанат при гледање телевизија | Одделение | M | SD | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичка интервенција | петто | 6,62 | 6,13 | 3,12 | ,00 |
| | осмо | 4,61 | 5,25 | | |
| Когнитивна утеха | петто | 10,86 | 7,06 | 4,32 | ,00 |
| | осмо | 7,60 | 6,39 | | |
| Социјална поддршка | петто | 5,38 | 6,05 | 4,60 | ,00 |
| | осмо | 2,70 | 4,00 | | |
| Бегство | петто | 5,71 | 5,70 | 4,09 | ,00 |
| | осмо | 3,39 | 4,24 | | |

## ВИДОВИ СТРАТЕГИИ КОИ ДЕЦАТА ГИ КОРИСТАТ ЗА ДА СЕ СПРАВАТ СО РАЗЛИЧНИТЕ ВИДОВИ СТРАВ ДОЖИВЕАН ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

Тргнувајќи од претпоставката дека децата доживуваат страв додека гледаат телевизија и дека кога ќе се исплашат користат стратегии за справување со стравот, се поставува прашањето дали при одредени видови страв децата користат одредени специфични стратегии за справување со стравот.

За да се открие дали постои поврзаност меѓу видовите страв со видовите стратегии за справување со стравот беше спроведена линеарна регресивна анализа. Сите видови страв високо корелираа со сите видови стратегии за справување со стравот, затоа при регресивната анализа како предиктори за појавата на стратегиите за справување со стравот беа вклучени сите видови страв.

Секоја од испитуваните стратегии за потребите на статистичката обработка на податоците беше третирана како зависна варијабла, а сите видови страв како предиктори. Во прилог следат четири одделни пресметки кои се однесуваат на секоја стратегија одделно. За да се добијат попрецизни податоци во анализата беа вклучени и полот и возраста на учесниците, каде по добиените резултати кои се однесуваат на користењето на секоја стратегија одделно, следи и анализа на користењето на истата стратегија кај децата од различен пол и возраст.




**Слика 10. Четирите видови страв настанат при гледање телевизија и четирите видови стратегии за справување со стравот настанат при гледање телевизија испитувани во ова истражување**

**Користење физичка интервенција за справување со различните видови страв доживеан при гледање телевизија**

Регресивната анализа покажа дека единствен значаен предиктор за користењето на стратегијата физичка интервенција е појавата на страв доживеан при гледање меѓусебно насилство на телевизија.

Односно, при доживување страв од меѓусебно насилство кај децата може да се очекува дека тие ќе користат физичка интервенција за да се справат со него ($B=0.395$, $p<0.01$). Целата група варијабли објаснува само 34% од вкупната варијанса (Табела 6).

**Табела 6. Регресивна анализа на различните видови страв кои се јавуваат при гледање телевизија како предиктори на користењето на <u>физичката интервенција</u> како стратегија за справување со стравот**

| Вид доживеан страв при гледање телевизија | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | ,395 | ,093 | ,359 | 4,250 | ,000 ** |
| Страв од војни и страдања | ,146 | ,097 | ,131 | 1,508 | ,133 |
| Страв од пожари и несреќи | ,088 | ,094 | ,072 | ,941 | ,347 |
| Страв од замислени ликови | ,138 | ,084 | ,098 | 1,640 | ,102 |

$R^2$= 0.34

Меѓутоа, кога ќе се земат предвид возраста и полот на учесниците може да се согледа дека овој вид стратегија во значајна мерка го користат само децата од петто одделение. Момчињата ја користат оваа стратегија кога ќе се исплашат од меѓусебно насилство (B=0.720, p<0.01), а девојчињата кога ќе се исплашат гледајќи замислени ликови прикажани на телевизија (B=0.404, p<0.05) (Табела 7). Варијансата за момчињата од петто одделение изнесува 33%, а за девојчињата од петто одделение изнесува 40%.




**Слика 11. Физичката интервенција ја користат момчињата од петто одделение при доживување страв од меѓусебно насилство и замислени ликови прикажани на телевизија**

Во табелата 7 во која се прикажани резултатите од линеарната регресивна равенка може да се забележи дека само децата од петто одделение ја користат стратегијата - физичка интервенција.

**Табела 7. Регресивна анализа на видовите страв кои се јавуваат при гледање телевизија како предиктори на користење <u>физичка интервенција</u> како стратегија за справување со стравот кај децата од различен пол и возраст**

| Вид доживеан страв при гледање телевизија | Одделение | Пол | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | Петто | машки | ,720 | ,200 | ,693 | 3,602 | ,001** |
| | | женски | ,162 | ,179 | ,154 | ,903 | ,370 |
| | Осмо | машки | ,199 | ,238 | ,189 | ,836 | ,406 |
| | | женски | ,275 | ,199 | ,229 | 1,383 | ,170 |
| Страв од војни и страдања | Петто | машки | -,058 | ,199 | -,055 | -,290 | ,772 |
| | | женски | ,079 | ,233 | ,063 | ,337 | ,737 |
| | Осмо | машки | ,142 | ,190 | ,142 | ,747 | ,458 |
| | | женски | ,205 | ,165 | ,202 | 1,242 | ,218 |
| Страв од пожари и несреќи | Петто | машки | ,049 | ,184 | ,046 | ,267 | ,790 |
| | | женски | ,301 | ,179 | ,229 | 1,686 | ,096 |
| | Осмо | машки | ,230 | ,219 | ,228 | 1,050 | ,297 |
| | | женски | -,086 | ,196 | -,072 | -,440 | ,661 |
| Страв од замислени ликови | Петто | машки | -,167 | ,145 | -,142 | -1,151 | ,253 |
| | | женски | ,404 | ,188 | ,291 | 2,149 | ,035* |
| | Осмо | машки | ,122 | ,176 | ,079 | ,690 | ,493 |
| | | женски | ,253 | ,164 | ,180 | 1,542 | ,127 |

$R^2$= 0.33 (момчиња од петто одделение), $R^2$= 0.40 (девојчиња од петто одделение),

$R^2$= 0.37 (момчиња од осмо одделение), $R^2$= 0.18 (девојчиња од осмо одделение)

**Користење когнитивна утеха за справување со различните видови страв доживеан при гледање телевизија**

Регресивната анализа покажа дека стравот од војни и страдања и стравот од замислени ликови претставуваат предиктори за појава на когнитивната утеха како стратегија за справување со стравот. Односно, когнитивната утеха како начин на справување со стравот се користи при доживувањето страв од војни и страдања ($B=0.36$, $p<0.01$) и страв од замислени ликови ($B=0.248$, $p<0.05$). Притоа варијансата изнесува 26% (Табела 8).

**Табела 8. Регресивна анализа на видовите страв кои се јавуваат при гледање телевизија како предиктори на користењето на когнитивна утеха како стратегија за справување со стравот**

| Вид доживеан страв при гледање телевизија | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | 0,155 | 0,118 | 0,117 | 1,313 | ,19 |
| Страв од војни и страдања | 0,36 | 0,123 | 0,269 | 2,928 | ,004** |
| Страв од пожари и несреќи | 0,097 | 0,119 | 0,066 | 0,813 | ,417 |
| Страв од замислени ликови | 0,248 | 0,107 | 0,148 | 2,33 | ,02* |

$R^2= 0.26$

Подеталната анализа во која се вклучени полот и возраста на децата покажува дека когнитивната утеха како начин на справување со стравот ја користат момчињата од осмо одделение (B=1.014, p<0.01) и девојчињата од осмо одделение (B=0.455, p<0.05) кога ќе се исплашат од војни и страдања и момчињата од петто одделение (B=0.442, p<0.05) кога ќе се исплашат од замислени ликови прикажани на телевизија. Споредбата на бета- вредностите за момчињата и девојчињата од осмо одделение покажува дека момчињата повеќе ја користат оваа стратегија кога ќе се исплашат од војни и страдања отколку девојчињата. Големината на варијансата за момчињата од петто одделение изнесува 38%, за момчињата од осмо одделение 24%, а за девојчињата од осмо одделение само 14% (Табела 9).




**Слика 12. Видови страв при кои децата од различен пол и возраст ја користат стратегијата когнитивна утеха**

**Табела 9. Регресивна анализа на видовите страв кои се јавуваат при гледање телевизија како предиктори на користењето когнитивна утеха како стратегија за справување со стравот кај децата од различен пол и возраст**

| Вид доживеан страв при гледање телевизија | Одделение | Пол | B | SEB | B | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | Петто | машки | ,477 | ,256 | ,344 | 1,862 | ,067 |
| | | женски | ,040 | ,214 | ,037 | ,185 | ,854 |
| | Осмо | машки | -,302 | ,403 | -,176 | -,749 | ,456 |
| | | женски | ,002 | ,239 | ,001 | ,007 | ,994 |
| Страв од војни и страдања | Петто | машки | ,293 | ,255 | ,208 | 1,146 | ,256 |
| | | женски | ,192 | ,279 | ,150 | ,690 | ,492 |
| | Осмо | машки | 1,014 | ,322 | ,625 | 3,147 | ,002** |
| | | женски | ,455 | ,198 | ,382 | 2,294 | ,024* |
| Страв од пожари и несреќи | Петто | машки | -,172 | ,236 | -,120 | -,728 | ,469 |
| | | женски | ,388 | ,213 | ,287 | 1,819 | ,073 |
| | Осмо | машки | -,096 | ,370 | -,059 | -,259 | ,796 |
| | | женски | ,016 | ,236 | ,011 | ,066 | ,948 |
| Страв од замислени ликови | Петто | машки | ,442 | ,185 | ,284 | 2,385 | ,020* |
| | | женски | ,006 | ,225 | ,004 | ,028 | ,977 |
| | Осмо | машки | ,409 | ,299 | ,163 | 1,368 | ,176 |
| | | женски | ,109 | ,197 | ,066 | ,552 | ,582 |

$R^2$= 0.38 (момчиња од петто одделение), $R^2$= 0.15 (девојчиња од петто одделение), $R^2$= 0.24 (момчиња од осмо одделение), $R^2$= 0.14 (девојчиња од осмо одделение)

**Користење социјална поддршка за справување со различните видови страв доживеан при гледање телевизија**

Стравот од војни и страдања и стравот од меѓусебно насилство при гледањето телевизија се значајни предиктори за појава на социјалната поддршка како стратегија за справување со стравот. Односно при доживување страв од војни и страдања (B=0.219, p<0.05) и страв од меѓусебно насилство (B=0.216, p<0.05) децата користат социјална поддршка како стратегија за справување со стравот. Притоа варијансата изнесува 32% (Табела10).

**Табела 10. Регресивна анализа на видовите страв кои се јавуваат при гледање телевизија како предиктори на користење социјална поддршка како стратегија за справување со стравот**

| Вид доживеан страв при гледање телевизија | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | 0,216 | 0,086 | 0,215 | 2,503 | ,013* |
| Страв од војни и страдања | 0,219 | 0,09 | 0,216 | 2,44 | ,015* |
| Страв од пожари и несреќи | 0,135 | 0,087 | 0,121 | 1,547 | ,123 |
| Страв од замислени ликови | 0,126 | 0,078 | 0,098 | 1,609 | ,109 |

$R^2$= 0.32

Регресивната анализа во која беа вклучени полот и возраста покажа дека всушност **социјалната поддршка е вид стратегија која се користи при доживување на сите видови страв** (слика 14).




**Слика 13. Видови страв при кои децата од различен пол и возраст ја користат стратегијата социјална поддршка**

Стратегијата социјална поддршка ја користат момчињата од осмо одделение при доживување страв од меѓусебно насилство (B=0.363, $p<0.05$) и страв од пожари и несреќи (B=0.418, $p<0.01$). Девојчињата од осмо одделение ја користат оваа стратегија при доживување страв од војни и страдања (B=0.322, $p<0.01$) и страв од замислени ликови (B=0.249, $p<0.05$), додека пак девојчињата од петто одделени ја користат кога ќе се исплашат од војни и страдања (B=0.569, $p<0.05$) и пожари и несреќи (B=0.363, $p<0.05$) прикажани на телевизија. Споредбата на бета- вредностите во рамките на секој страв посебно покажува дека момчињата од осмо одделение повеќе ја користат оваа стратегија од девојчињата од петто одделение при доживување страв од пожари и несреќи, а при доживување страв од војни и страдања девојчињата од петто одделение повеќе ја користат оваа стратегија од девојчињата од осмо одделение.

Варијансата за девојчињата од петто одделение изнесува 41%, за момчињата од осмо одделение 53%, а за девојчињата од осмо одделение 26% (Табела 11).

**Табела 11. Регресивна анализа на видовите страв кои се јавуваат при гледање телевизија како предиктори на користење социјална поддршка како стратегија за справување со стравот кај децата од различен пол и возраст**

| Вид доживеан страв при гледање телевизија | Одделение | Пол | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | Петто | машки | ,402 | ,203 | ,431 | 1,986 | ,051 |
| | | женски | -,192 | ,181 | -,174 | -1,062 | ,292 |
| | Осмо | машки | ,363 | ,164 | ,411 | 2,218 | ,030* |
| | | женски | ,065 | ,148 | ,069 | ,441 | ,660 |
| Страв од војни и страдања | Петто | машки | ,091 | ,202 | ,095 | ,448 | ,655 |
| | | женски | ,569 | ,235 | ,438 | 2,418 | ,018* |
| | Осмо | машки | -,111 | ,131 | -,133 | -,850 | ,398 |
| | | женски | ,322 | ,123 | ,403 | 2,618 | ,010** |
| Страв од пожари и несреќи | Петто | машки | -,056 | ,187 | -,058 | -,299 | ,766 |
| | | женски | ,386 | ,180 | ,281 | 2,144 | ,035* |
| | Осмо | машки | ,418 | ,150 | ,496 | 2,783 | ,007** |
| | | женски | -,045 | ,146 | -,048 | -,311 | ,757 |
| Страв од замислени ликови | Петто | машки | -,050 | ,147 | -,047 | -,339 | ,735 |
| | | женски | ,248 | ,190 | ,171 | 1,308 | ,195 |
| | Осмо | машки | -,061 | ,121 | -,047 | -,502 | ,617 |
| | | женски | ,249 | ,122 | ,224 | 2,038 | ,045* |

$R^2$= 0.15 (момчиња од петто одделение), $R^2$= 0.41 (девојчиња од петто одделение), $R^2$= 0.53 (момчиња од осмо одделение), $R^2$= 0.26 (девојчиња од осмо одделение)

**Користење <u>бегство</u> за справување со различните видови страв доживеан при гледање телевизија**

Регресивната анализа во која целта беше да се утврди кои видови страв се предиктори за појавата на стратегијата бегство покажа дека таа се користи при доживување страв од меѓусебното насилство (B=0.239, p<0.01) и страв од замислени ликови (B=0.238, p<0.01) прикажани на телевизија. Односно при доживување страв од меѓусебно насилство и страв од замислени ликови децата користат бегство. Варијансата изнесува 26% (Табела 12)

**Табела 12. Регресивна анализа на видовите страв кои се јавуваат при гледање телевизија како предиктори на користење <u>бегство</u> како стратегија за справување со стравот**

| Вид доживеан страв при гледање телевизија | B | SEB | B | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | 0,239 | 0,088 | 0,245 | 2,732 | ,007** |
| Страв од војни и страдања | 0,029 | 0,091 | 0,029 | 0,319 | ,75 |
| Страв од пожари и несреќи | 0,14 | 0,089 | 0,129 | 1,582 | ,115 |
| Страв од замислени ликови | 0,238 | 0,079 | 0,191 | 2,995 | ,003** |

$R^2$= 0.26

Иако во првичните анализи стравот од меѓусебно насилство се појавува како значаен предиктор за појавата на бегството како стратегија за справување со стравот, во подоцнежната анализа во која беа вклучени полот и возраста тој не се покажа како значаен предиктор.




**Слика 14. Видови страв при кои децата од различен пол и возраст ја користат стратегијата бегство**

Регресивната анализа во која беа вклучени и варијаблите пол и возраст покажа дека бегството како стратегија за справување со стравот настанат при гледање телевизија се јавува само кај девојчињата од петто ($B=0.480$, $p<0.05$) и кај девојчињата од осмо одделение ($B=0.437$, $p<0.01$) и тоа само при доживување страв од замислени ликови. Споредбата на бета- вредностите укажува дека девојчињата од петто одделение повеќе ја користат оваа стратегија. Сепак, варијансата за девојчињата од двете возрасни групи не е висока. Таа за девојчињата од петто одделение изнесува 25%, а за девојчињата од осмо одделение 21% (Табела 13).

**Табела 13. Регресивна анализа на видовите страв кои се јавуваат при гледање телевизија како предиктори на користење бегство како стратегија за справување со стравот кај децата од различен пол и возраст**

| Вид доживеан страв при гледање телевизија | Одделение | Пол | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | Петто | машки | ,413 | ,225 | ,407 | 1,838 | ,070 |
| | | женски | ,006 | ,175 | ,006 | ,033 | ,974 |
| | Осмо | машки | ,254 | ,223 | ,231 | 1,140 | ,258 |
| | | женски | -,045 | ,156 | -,047 | -,286 | ,776 |
| Страв од војни и страдања | Петто | машки | -,152 | ,224 | -,148 | -,680 | ,499 |
| | | женски | ,146 | ,228 | ,130 | ,637 | ,526 |
| | Осмо | машки | ,012 | ,178 | ,011 | ,065 | ,949 |
| | | женски | ,118 | ,129 | ,146 | ,916 | ,362 |
| Страв од пожари и несреќи | Петто | машки | ,166 | ,207 | ,158 | ,801 | ,426 |
| | | женски | ,097 | ,175 | ,082 | ,554 | ,581 |
| | Осмо | машки | ,397 | ,205 | ,378 | 1,938 | ,057 |
| | | женски | ,100 | ,154 | ,104 | ,653 | ,515 |
| Страв од замислени ликови | Петто | машки | -,040 | ,163 | -,035 | -,245 | ,807 |
| | | женски | ,480 | ,184 | ,384 | 2,608 | ,011* |
| | Осмо | машки | ,210 | ,165 | ,130 | 1,267 | ,209 |
| | | женски | ,437 | ,128 | ,389 | 3,405 | ,001** |

$R^2$= 0.11 (момчиња од петто одделение), $R^2$= 0.25 (девојчиња од петто одделение), $R^2$= 0.43 (момчиња од осмо одделение), $R^2$= 0.21 (девојчиња од осмо одделение)




**Слика бр. 15 Видови стратегии за справување со стравот кои децата ги користат за да се справат со различните видови страв**

## РОДИТЕЛСКАТА МЕДИЈАЦИЈА КАКО ПРЕДИКТОР ЗА ДОЖИВУВАЊЕТО СТРАВ ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

За да се утврди дали родителската медијација има улога во доживувањето страв при гледање телевизија беше спроведена линеарна регресивна анализа. Во рамките на анализата третман на зависни варијабли имаат четирите вида страв, додека пак како предиктори се третираат двата вида родителска медијација. Затоа во прилог следат четири сегменти во кои се прикажани резултатите од регресивната анализа за секој вид страв одделно.

Пред да се спроведе регресивната анализа беше направена корелација меѓу различните видови страв при гледање телевизија и двата вида родителска медијација. Беше откриено дека сите варијабли високо корелираат меѓу себе.

**Табела 14. Корелација меѓу различните видови доживеан страв при гледање ТВ и родителската медијација**

| | Страв од меѓусебно насилство | Страв од војни и страдања | Страв од пожари и несреќи | Страв од замислени ликови | Инструктивна медијација | Рестриктивна медијација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Страв од меѓусебно насилство | 1 | ,784** | ,710** | ,645** | ,334** | ,396** |
| Страв од војни и страдања | ,784** | 1 | ,789** | ,502** | ,362** | ,313** |
| Страв од пожари и несреќи | ,710** | ,789** | 1 | ,497** | ,346** | ,337** |
| Страв од замислени ликови | ,645** | ,502** | ,497** | 1 | ,232** | ,345** |
| Инструктивна медијација | ,334** | ,362** | ,346** | ,232** | 1 | ,635** |
| Рестриктивна медијација | ,396** | ,313** | ,337** | ,345** | ,635** | 1 |

**Доживување страв од меѓусебно насилство при различен вид родителска медијација**

При регресивната анализа во која доживувањето страв од меѓусебно насилство при гледање телевизија беше третирано како зависна варијабла беше откриено дека при двата вида родителска медијација се појавува страв од меѓусебно насилство, односно дека стравот од меѓусебно насилство се јавува при инструктивната ($B=0.115$, $p<0.05$) и при рестриктивната медијација ($B=0.281$, $p<0.01$). Споредбата на бета- вредностите покажува дека стравот од меѓусебно насилство кога родителите практикуваат инструктивната медијација е помал. Варијансата е многу мала и изнесува 16%, што значи дека овие наоди во многу мал обем ја опишуваат популацијата (Табела 15).

**Табела 15. Регресивна анализа на видовите родителска медијација како предиктори за појава на страв од меѓусебно насилство при гледање телевизија**

| Вид родителска медијација | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Инструктивна медијација | ,115 | ,055 | ,139 | 2,086 | ,038* |
| Рестриктивна медијација | ,281 | ,061 | ,308 | 4,624 | ,000** |

$R^2= 0.16$

**Доживување страв од воjни и страдања при различен вид родителска медијација**

Доживувањето страв од војни и страдања се јавува при инструктивна медијација (B=0.223, p<0.01) и при рестриктивна медијација (B=0.126, p<0.05). При тоа споредбата на бета- вредностите укажува дека тој е поголем при инструктивната медијација. Односно при употреба на рестриктивна медијација децата доживуваат помал страв од војни и страдања прикажан на телевизија. Варијансата изнесува 14% (Табела 16).

**Табела 16. Регресивна анализа на видовите родителска медијација како предиктори за појава на страв од војни и страдања при гледање телевизија**

| Вид родителска медијација | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Инструктивна медијација | ,223 | ,055 | ,274 | 4,047 | ,000** |
| Рестриктивна медијација | ,126 | ,061 | ,140 | 2,067 | ,040* |

$R^2 = 0.14$

**Доживување страв од <u>пожари и несреќи</u> при различен вид родителска медијација**

Спроведените анализи покажуваат дека стравот од пожари и несреќи се јавува кога се присутни двата вида родителска медијација, при инструктивната ($B=0.165$, $p<0.01$) и при рестриктивната медијација ($B=0.160$, $p<0.01$). Тој е поголем кога родителите практикуваат инструктивна медијација. Споредбата на бета-вредностите укажува дека ефектот од користењето на двата вида родителска медијација е речиси еднаков при појавата на овој вид страв. Варијансата изнесува 14% (Табела 17).

**Табела 17. Регресивна анализа на видовите родителска медијација како предиктори за појава на страв од пожари и несреќи при гледање телевизија**

| Вид родителска медијација | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Инструктивна медијација | ,165 | ,050 | ,222 | 3,291 | ,001** |
| Рестриктивна медијација | ,160 | ,055 | ,195 | 2,889 | ,004* |

$R^2= 0.14$

**Доживување страв од <u>замислени ликови</u> при различен вид родителска медијација**

Анализата за улогата на родителската медијација при доживувањето страв од замислени ликови открива дека не постои поврзаност меѓу инструктивната медијација и стравот од замислени ликови. Само во овој случај не се јавува поврзаност на вид на доживеан страв при гледање телевизија и родителската медијација. Тој е поврзан само со рестриктивна медијација (B=0.236, $p<0.01$). Сепак, треба да се има предвид дека варијансата е мала и изнесува 11% (табела 18).

**Табела 18. Регресивна анализа на видовите родителска медијација како предиктори за појава на страв од замислени ликови при гледање телевизија**

| Вид родителска медијација | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Инструктивна медијација | ,015 | ,044 | ,023 | ,333 | ,739 |
| Рестриктивна медијација | ,236 | ,049 | ,330 | 4,816 | ,000** |

$R^2$= 0.11

## ИНТЕРАКЦИСКИТЕ ЕФЕКТИ НА РОДИТЕЛСКАТА МЕДИЈАЦИЈА И КОРИСТЕЊЕТО СТРАТЕГИИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СТРАВОТ КАКО ПРЕДИКТОРИ ЗА ДОЖИВУВАЊЕТО СТРАВ ПРИ ГЛЕДАЊЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

Интеракциските ефекти ги претставуваат промените кои настануваат во силата и природата на поврзаноста на две варијабли поради улогата на трета, модератор - варијабла. Претпоставката од која беше тргнато во рамките на ова истражување беше дека родителската медијација има улога на модератор - варијабла при доживувањето страв и користењето стратегии за справување со стравот. Односно, дека децата кои добиваат различна медијација во различен степен го доживуваат стравот настанат при гледање телевизија и на различен начин се справуваат со него.




**Слика 16. Претпоставена поврзаност меѓу доживеаниот страв настанат при гледање телевизија, стратегиите за справување со стравот настанат при гледање телевизија и родителската медијација**

Пред да биде спроведена регресивната анализа беа направени корелации меѓу сите варијабли за да се увиди дали има можност да се појави мултиколинеарност, односно дали постои висока корелација меѓу две или повеќе предиктор- варијабли при спроведување регресивна анализа. Проблемот кој би можел да се јави во ваквата појава е да се јават погрешни резултати. Спроведената анализа покажа дека сите корелации се позитивни, но не се многу високи. Сепак, за да се осигури дека не постои можност за појава на мултиколинеарност, предиктор- варијаблите беа централизирани.

**Табела 19. Корелации меѓу варијаблите на кои беше спроведена регресивната анализа**

| | Меѓусебно насилство | Војни и страдања | Пожари и несреќи | Замислен и ликови |
|---|---|---|---|---|
| Физичка интервенција | ,576** | ,519** | ,479** | ,431** |
| Когнитивна утеха | ,471** | ,488** | ,435** | ,391** |
| Социјална поддршка | ,533** | ,529** | ,493** | ,405** |
| Бегство | ,483** | ,419** | ,422** | ,428** |
| Инструктивна медијација | ,334** | ,362** | ,346** | ,232** |
| Рестриктивна медијација | ,396** | ,313** | ,337** | ,345** |
| Физичка интервенција_ инструктивна медијација | ,499** | ,474** | ,474** | ,361** |
| Физичка интервенција_ рестриктивна медијација | ,509** | ,419** | ,439** | ,425** |
| Когнитивна утеха_инструктивна медијација | ,436** | ,444** | ,443** | ,361** |
| Когнитивна утеха_рестриктивна медијација | ,498** | ,424** | ,442** | ,473** |
| Социјална поддршка_ инструктивна медијација | ,451** | ,457** | ,453** | ,346** |
| Социјална поддршка_рестриктивна медијација | ,473** | ,419** | ,454** | ,396** |
| Бегство_инструктивна медијација | ,391** | ,373** | ,389** | ,332** |
| Бегство_рестриктивна медијација | ,404** | ,330** | ,362** | ,379** |

Процесот на централизирање на предиктор- варијаблите започна со пресметката на аритметичката средина на сите варијабли. Потоа секој скор добиен од испитаниците беше одземен од аритметичката средина на соодветната варијабла. Регресивни анализи се спроведоа со централизираните варијабли.

За да се утврди дали родителската медијација претставува модератор-варијабла при доживувањето на различните видови страв и користењето стратегии за справување со него беа формирани нови варијабли. За да се формираат новите варијабли секоја варијабла за стратегија за справување со стравот беше помножена со секоја варијабла за родителската медијација.




**Слика 17. Начин на формирање на предиктор- варијаблите кои ќе влезат во регресивната анализа за да се утврди дали родителската медијација има улога на модератор- варијабла**

За да може да се направи споредба на улогата која ја имаат сите предиктор- варијабли одделно и новодобиените варијабли, сите тие беа вклучени во анализата. Беше направена одделна пресметка за секој вид страв одделно каде што тие за потребите на статистичката анализа беа третирани како зависни варијабли.

**Доживувањето страв од меѓусебно насилство при гледање телевизија и користењето различни стратегии за справување со стравот при различна родителска медијација**

Споредбата на вредностите на бета кои се однесуваат на видот на стратегија која децата ја користат за да се справат со стравот од меѓусебно насилство, родителската медијација со интеракциските ефекти на овие варијабли укажува дека во одредени случаи родителската медијација има улога на модератор- варијабла.

Споредбата на бета- вредностите на користењето на физичката интервенција (B=0.214, $p<0.01$) интеракцискиот ефект на физичката интервенција и инструктивната медијација (B=0.33, $p<0.05$) покажува дека користењето на физичката интервенција е помало кога децата добиваат инструктивна родителска медијација.

Споредбата на бета- вредностите на користењето когнитивната утеха (B=0.160, $p<0.01$) и интеракцискиот ефект на когнитивната утеха и рестриктивната медијација (B=0.214, $p<0.01$) покажува дека при доживување страв од меѓусебно насилство кога родителите практикуваат рестриктивна медијација когнитивната утеха помалку се користи.

Користењето бегството не е значајно поврзано со доживувањето страв од меѓусебно насилство. Само интеракцискиот ефект на бегството со инструктивната медијација е значаен, но тој има негативен предзнак. (B= -0,039, $p<0.01$)

Карактеристично за спроведените анализи е појавата на негативна бета - вредност кога корелацијата меѓу сите варијабли е позитивна. Во вакви случаи се претпоставува дека една од варијаблите има улога на супресор- варијабла,

односно, дека две од варијаблите се негативно поврзани, а останатите врски се позитивно поврзани.

Во овој случај тоа би значело дека инструктивната медијација има улога на супресор- варијабла, односно дека кога родителите практикуваат инструктивна медијација се намалува стравот од меѓусебно насилство и потребата за бегство како стратегија за справување со стравот.

Варијансата изнесува 49%.

**Табела 20. Интеракциски ефекти на родителската медијација и стратегиите за справување со стравот како предиктори за појава на страв од меѓусебно насилство**

| Интеракциски ефекти на стратегиите за справување со стравот и родителската медијација | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичка интервенција | ,214 | ,071 | ,235 | 3,026 | ,00** |
| Когнитивна утеха | ,160 | ,040 | ,211 | 4,008 | ,00** |
| Социјална поддршка | ,276 | ,070 | ,277 | 3,935 | ,00** |
| Бегство | ,076 | ,075 | ,074 | 1,014 | ,311 |
| Инструктивна медијација | -,055 | ,047 | -,067 | -1,157 | ,248 |
| Рестриктивна медијација | ,116 | ,053 | ,127 | 2,201 | ,029* |
| Физичка интервенција_инструктивна медијација | ,033 | ,014 | ,238 | 2,370 | ,018* |
| Физичка интервенција_рестриктивна медијација | ,008 | ,015 | ,054 | ,514 | ,608 |
| Когнитивна утеха_инструктивна медијација | -,013 | ,008 | -,108 | -1,690 | ,092 |
| Когнитивна утеха_рестриктивна медијација | ,027 | ,008 | ,210 | 3,171 | ,00** |
| Социјална поддршка_инструктивна медијација | -,022 | ,012 | -,152 | -1,754 | ,080 |
| Социјална поддршка_рестриктивна медијација | ,006 | ,012 | ,044 | ,537 | ,592 |
| Бегство_инструктивна медијација | -,039 | ,016 | -,270 | -2,482 | ,014* |
| Бегство_рестриктивна медијација | -,020 | ,016 | -,141 | -1,284 | ,200 |

$R^2$=0.46

**Доживувањето страв од <u>војни и страдања</u> при гледање телевизија и користењето различни стратегии за справување со стравот при различна родителска медијација**

Единствен значаен интеракциски ефект при доживување страв од војни и страдања е ефектот на когнитивната утеха и рестриктивната медијација. Притоа споредбата на бета- вредностите покажува дека употребата на когнитивната утеха (B=,191, p<0.01) е многу поголема отколку во случаите кога родителите користат рестриктивна медијација (B=,018, p<0.05).

Варијансата изнесува 39%.

**Табела 21. Интеракциски ефекти на родителската медијација и стратегиите за справување со стравот како предиктори за појава на страв од војни и страдања**

| Интеракциски ефекти на стратегиите за справување со стравот и родителската медијација | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичка интервенција | ,138 | ,074 | ,154 | 1,868 | ,063 |
| Когнитивна утеха | ,191 | ,042 | ,255 | 4,570 | ,000** |
| Социјална поддршка | ,339 | ,073 | ,345 | 4,624 | ,000** |
| Бегство | ,027 | ,079 | ,027 | ,343 | ,732 |
| Инструктивна медијација | ,047 | ,050 | ,058 | ,957 | ,339 |
| Рестриктивна медијација | -,015 | ,055 | -,016 | -,268 | ,789 |
| Физичка интервенција_инструктивна медијација | ,025 | ,014 | ,185 | 1,738 | ,083 |
| Физичка интервенција_рестриктивна медијација | ,005 | ,015 | ,038 | ,341 | ,733 |
| Когнитивна утеха_инструктивна медијација | -,014 | ,008 | -,116 | -1,706 | ,089 |
| Когнитивна утеха_рестриктивна медијација | ,018 | ,009 | ,142 | 2,024 | ,044* |
| Социјална поддршка_инструктивна медијација | -,016 | ,013 | -,114 | -1,240 | ,216 |
| Социјална поддршка_рестриктивна медијација | ,000 | ,013 | -,002 | -,017 | ,986 |
| Бегство_инструктивна медијација | -,024 | ,016 | -,169 | -1,466 | ,144 |
| Бегство_рестриктивна медијација | -,017 | ,017 | -,120 | -1,027 | ,305 |

$R^2=0.39$

**Доживувањето страв од пожари и несреќи при гледање телевизија и користењето различни стратегии за справување со стравот при различна родителска медијација**

Регресивната анализа на интеракциските ефекти покажа дека само интеракцискиот ефект на стратегијата -физичка интервенција со инструктивната медијација е значаен (B=,31, $p<0.05$). Имајќи предвид дека физичката интервенција, инструктивната медијација и рестриктивната медијација не се значајни предиктори за доживувањето страв од пожари и несреќи, може да се заклучи дека инструктивната медијација има ефект на модератор- варијабла. Односно, кога децата добиваат инструктивна медијација, при доживување страв од пожари и несреќи користат физичка интервенција. Варијансата изнесува 34%.

**Табела 22. Интеракциски ефекти на родителската медијација и стратегиите за справување со стравот како предиктори за појава на страв од пожари и несреќи**

| Интеракциски ефекти на стратегиите за справување со стравот и родителската медијација | B | SEB | B | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичка интервенција | ,081 | ,070 | ,100 | 1,162 | ,246 |
| Когнитивна утеха | ,149 | ,040 | ,218 | 3,764 | ,000** |
| Социјална поддршка | ,222 | ,070 | ,247 | 3,184 | ,002** |
| Бегство | ,102 | ,075 | ,111 | 1,365 | ,173 |
| Инструктивна медијација | ,028 | ,047 | ,038 | ,592 | ,554 |
| Рестриктивна медијација | ,032 | ,052 | ,039 | ,620 | ,536 |
| Физичка интервенција_инструктивна медијација | ,031 | ,014 | ,253 | 2,281 | ,023* |
| Физичка интервенција_рестриктивна медијација | ,000 | ,015 | ,002 | ,014 | ,989 |
| Когнитивна утеха_инструктивна медијација | -,003 | ,008 | -,032 | -,458 | ,648 |
| Когнитивна утеха_рестриктивна медијација | ,012 | ,008 | ,106 | 1,450 | ,148 |
| Социјална поддршка_инструктивна медијација | -,021 | ,012 | -,164 | -1,719 | ,087 |
| Социјална поддршка_рестриктивна медијација | ,021 | ,012 | ,159 | 1,745 | ,082 |
| Бегство_инструктивна медијација | -,025 | ,016 | -,193 | -1,609 | ,109 |
| Бегство_рестриктивна медијација | -,020 | ,016 | -,152 | -1,257 | ,210 |

$R^2=0.34$

**Доживувањето страв од замислени ликови при гледање телевизија и користењето различни стратегии за справување со стравот при различна родителска медијација**

Додека, речиси сите предиктор- варијабли се значајни за појавата на страв од замислени ликови, анализата на интеракциските ефекти покажува дека само интеракцијата на когнитивната утеха и рестриктивната медијација е значајна (B=,31, $p<0.01$). Тоа значи дека при рестриктивна медијација децата кога ќе се исплашат од замислени ликови користат когнитивна утеха. Ако се спореди бета- вредноста на интеракцискиот ефект на когнитивната утеха со инструктивната медијација може да се забележи дека бета- вредноста е негативна. Иако не е значајна, негативниот предзнак на бета- вредноста укажува на тоа дека инструктивната медијација има улога на „супресор", односно го намалува стравот од замислени ликови, а со тоа и користењето на когнитивната утеха, за разлика од рестриктивната медијација која влијае во спротивниот правец. Варијансата е 32%.

**Табела 23. Интеракциски ефекти на родителската медијација и стратегиите за справување со стравот како предиктори за појава на страв од замислени ликови**

| Интеракциски ефекти на стратегиите за справување со стравот и родителската медијација | B | SEB | β | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Физичка интервенција | ,040 | ,062 | ,056 | ,644 | ,520 |
| Когнитивна утеха | ,132 | ,035 | ,221 | 3,758 | ,000** |
| Социјална поддршка | ,152 | ,062 | ,194 | 2,463 | ,014* |
| Бегство | ,156 | ,066 | ,195 | 2,369 | ,018* |
| Инструктивна медијација | -,086 | ,042 | -,133 | -2,062 | ,040* |
| Рестриктивна медијација | ,100 | ,046 | ,140 | 2,170 | ,031* |
| Физичка интервенција_инструктивна медијација | ,005 | ,012 | ,049 | ,436 | ,663 |
| Физичка интервенција_рестриктивна медијација | ,005 | ,013 | ,050 | ,423 | ,673 |
| Когнитивна утеха_инструктивна медијација | -,008 | ,007 | -,088 | -1,232 | ,219 |
| Когнитивна утеха_рестриктивна медијација | ,031 | ,007 | ,310 | 4,186 | ,000** |
| Социјална поддршка_инструктивна медијација | -,006 | ,011 | -,051 | -,531 | ,596 |
| Социјална поддршка_рестриктивна медијација | ,001 | ,011 | ,010 | ,109 | ,913 |
| Бегство_инструктивна медијација | -,021 | ,014 | -,185 | -1,519 | ,130 |
| Бегство_рестриктивна медијација | -,012 | ,014 | -,106 | -,865 | ,388 |

$R^2$=0.32

# ДИСКУСИЈА

Целта на ова истражување беше да се откријат навиките за гледање телевизија на децата од петто и осмо одделение, видовите стравови предизвикани од телевизијата, стратегиите за справување со нив и родителската медијација. Добиените наоди се дискутирани одделно, во согласност со секој поставен проблем.

За да се откријат дел од навиките на гледање телевизија кај децата, во мерниот инструмент беа додадени неколку прашања кои се однесуваа на времето на гледање телевизија, видот на материјалот кој предизвикува страв кај децата и програмите кои кај нив предизвикале страв во последниот месец. Причината за додавањето на овие прашања лежи во тоа што во текот на барањето соодветна литература и податоци за Македонија беше пронајден само еден магистерски труд чии резултати беа објавени на Интернет. Непостоењето архива на магистерски трудови и внатрешна мрежа меѓу факултетите на која би можело да се дојде до сите магистерски трудови не овозможуваат повикување (цитирање) на податоци од претходни истражувања.

Одговорите на учесниците во однос на времето кое го поминуваат гледајќи телевизија укажуваат дека повеќе од половина од анкетираните деца гледаат телевизија до 3 часа во текот на денот. Притоа, бројот на деца кои гледаат телевизија повеќе од 7 часа во текот на денот е најмал. Наодите од магистерскиот труд на Димитровска се во согласност со наодите од овој труд, децата на две години просечно гледаат по 1 час и 51 минута, а на шест години тие просечно гледаат 4 часа и 4 минути телевизија во текот на денот (Димитровска, 2009).

Треба да се земе предвид дека во нејзиното истражување родителите биле оние кои правеле процена колку долго нивното дете гледа телевизија, додека пак во ова истражување децата сами вршеа процена на времето кое го поминуваат гледајќи телевизија. Од друга страна, во ова истражување беа вклучени деца од петто одделение, односно на возраст од 10 до 11 години и деца од осмо

одделение, на возраст од 13 до 14 години што може да укаже дека навиките на децата во однос на должината на гледање телевизија се менуваат со возраста.

Ваквата претпоставка е во согласност со наодите од истражувањата за користењето на сите видови медиуми од страна на децата во САД. Во нив истражувана е должината на изложеност на сите видови медиуми кај три возрасни групи. Децата од првата група биле на возраст од 8 до 10 години, децата во втората возрасна група биле на возраст од 11 до 14 години, а децата од третата возрасна група биле на возраст од 15 до 18 години. Во нивните наоди се забележува дека децата на возраст од 11 до 14 години најмногу се изложени на сите медиуми во споредба со двете останати групи. Најголемата разлика се однесува на гледањето телевизија која во просек изнесува 5 часа и 3 минути дневно (според, http://www.kff.org/entmedia/upload/8010.pdf, 19.02.2012).

Овие податоци можат да се споредат со податоците добиени за други земји. Во САД било откриено дека децата дневно поминуваат околу 4 часа гледајќи телевизија (според, http://www.csun.edu/science/health/docs/tv&health.html, 19.02.2012). Во истражување спроведено во Србија на ученици од четврто и осмо одделение добиено е дека децата во просек гледаат 3 до 4 часа на ден телевизија (http://www.smedia.rs/print/ona/1228/roditeljstvo-deca-vaspitanje-uticaj-televizije-na-decu-Uticaj-televizije-na-decu.html, 30.06.2012). Овие наоди се во согласност со наодите од овој труд, каде најголем број деца изјавиле дека гледаат телевизија до 3 часа во текот на денот.

Истражувањето покажа дека момчињата и девојчињата имаат различни навики за гледање телевизија. Најголем број девојчиња гледаат телевизија 0-2 часа во текот на денот. Во преостанатите групи бројот на девојчиња опаѓа со зголемување на должината на гледање телевизија. Кај момчињата најголема фреквенција се јавува во групата која гледа 2-3 часа во текот на денот, а потоа во групата која гледа 0-2 часа во текот на денот. Најмалку момчиња има во групата која гледа телевизија подолго од 7 часа.

Според наодите на Димитровска подолго и почесто гледаат телевизија децата од машки пол, а најдолго време гледајќи телевизија поминувале машките деца на возраст од 5 години (Димитровска, 2009). Добиените резултати од ова истражување покажуваат дека момчињата подолго гледаат телевизија од девојчињата.

Во стручната литература, се потврдуваат наодите дека момчињата подолго гледаат телевизија од девојчињата, но не се дава објаснување за причините за ваквата појава. Истражувањата за претераната дебелина на децата вклучуваат и истражување за должината на гледање телевизија, па оттаму се црпат можни причини за ваквата појава.

Во истражување спроведено во САД било откриено дека децата кои имаат „седечки" начин на живот подолго гледаат телевизија. Тие, исто така, помалку јадат овошје и зеленчук, односно не се хранат здраво како децата кои се поактивни (според,http://www.andrews.edu/~rbailey/Chapter%2014/8979421.pdf, 19.02.2012). Истите податоци се добиени и во истражување спроведено во Канада (според, http://www.nature.com/ijo/journal/v27/n9/full/0802376a.html, 19.02.2012).

Децата од петто и осмо одделение од примерокот во истражувањето покажуваат дека меѓу нив има разлики во должината на гледање телевизија. Децата од петто одделение помалку гледаат телевизија. Голем број деца од осмо одделение (39,76%) одговориле дека гледаат телевизија 2 до 3 часа на ден, но само 0,6% (1 дете) гледаат повеќе од 7 часа во текот на денот.

Статистичките податоци за изложеноста на американските деца на медиумите покажуваат дека таа варира со возраста. На возраст од 11 до 14 години децата многу повеќе користат различни видови медиуми и во еден ден поминуваат до 12 часа во користење на медиумите. Тоа е 4 часа повеќе од децата на возраст од 8 до 10 години. Децата од 11 до 14 години поминуваат 1 час и 15 минути во гледање ТВ повеќе од помалите деца http://www.kff.org/entmedia/upload/8010.pdf 11.02.2012

Како најчест податок поврзан со овие наоди се статистичките анализи добиени од различните истражувачки центри во кои освен гледањето телевизија се анализира севкупната употреба на медиумите. Во една таква анализа се споменува дека разликите меѓу момчињата и девојчињата во должината на гледање телевизија се појавуваат во предучилишната возраст. Тогаш момчињата поминуваат подолго време играјќи видео- игри и во поголема мерка го имитираат агресивното однесување кое го виделе на телевизија. (според, http://www.pbs.org/parents/childrenandmedia/article-faq.html#tvviewing 19.02.2012, http://www.thinkbox.tv/server/show/nav.914#Boys, 19.02.2012, http://www.kff.org/entmedia/upload/8010.pdf, 11.02.2012)

Истите наоди ги посочуваат и Рајдаут, Вандеватер и Вартела (Rideout, Vandewater и Wartella), каде посочуваат дека разликите меѓу момчињата и девојчињата се јавуваат уште на возраст од 4 до 6 години, кога момчињата играат подолго видео игри и повеќе сакаат да играат видео игри. Во тој период момчињата многу повеќе од девојчињата имитираат агресивно поведение забележано на екраните. (според, http://www.kff.org/entmedia/upload/Zero-to-Six-Electronic-Media-in-the-Lives-of-Infants-Toddlers-and-Preschoolers-PDF.pdf, 19.02.2012)

Девојчињата и момчињата од осмо одделение имаат исти навики на гледање телевизија. Поголемиот дел од нив гледаат телевизија 2-3 часа во текот на денот. Кај момчињата од петто одделение се забележува истиот тренд, но разликата е во тоа што има многу помалку деца кои гледаат 4-6 часа во текот на денот, а повеќе деца кои гледаат повеќе од 7 часа во текот на денот. Забележливо е тоа што девојчињата од петто одделение имаат различни навики на гледање телевизија во споредба со сите други групи. Кај нив се забележува дека со зголемувањето на времето на гледање телевизија, бројот на девојчиња кои гледаат телевизија се намалува.

Во литературата се потврдува дека помалите деца, а особено момчињата повеќе гледаат телевизија. Особено се нагласува и постоењето разлика во изборот на ТВ програми кои децата ги избираат (според, http://www.thinkbox.tv/server/show/nav.914#Boys,19.02.2012 ).

Можеби девојчињата од петто одделение се поактивни во социјалните активности, а оставаат помалку време за гледање телевизија. Имајќи предвид дека тие и кога користат медиуми ги избираат оние со кои можат да вршат социјални активности како разговори, фотографии итн., тогаш е можно со зголемувањето на возраста истите активности да ги вршат преку користењето на социјалните мрежи и другите видови медиуми.

Второто прашање имаше цел да се дефинираат видот ТВ програми и канали кои предизвикале страв кај децата. Иако, беа наведени категории во рамките на ликертовата скала, сепак значаен е и наодот дека сите програми кои беа истражувани предизвикале страв кај децата.

Филмовите се меѓу најчесто споменуваните ТВ програми кои предизвикале страв кај децата. Повеќе од половина од нив ги избрале нивоата многу често, често, ретко и многу ретко.

Наодите се во согласност со наодот на Блумер кој забележал дека 93% од децата кои ги анкетирал одговориле дека биле исплашени или пак преплашени од филм (Blumer, 1933 според Cantor, 2006).

Кога ќе се споредат одговорите со програмата која беше емитувана во времето во кое беше вршено испитувањето мора да се нагласи дека во тој период на ТВ Сител се емитуваше филмски маратон со хорор филмови кои често беа најавувани на истата ТВ програма. Тоа значи дека има голема веројатност децата да ги гледале тие филмови.

Вестите, веднаш по филмовите се вид ТВ програма која предизвикува страв кај децата. Ако се земе предвид нивната содржина, тонот на нивно презентирање и видео материјалот кој се прикажува, не изненадува тоа што речиси 40% од

децата кои одбрале едно од нивоата на понудената скала кои укажуваат дека кај нив се појавил страв.

Наодите се во согласност со истражувањето на Ван Дер Мулен и соработниците кое било насочено токму на стравот кој децата го доживеале додека гледале вести за возрасни на телевизија. Во ова истражување 48,2% од учесниците одговориле дека се исплашиле од нешто што го виделе на вести. Во истражување спроведено од Кантор и Натансон (Cantor и Nathanson, 1996 според Van der Molen, Valkenburg и Peeters, 2002) спроведено на родители, 37% од родителите одговориле дека нивните деца се плашеле додека гледале вести.

Ван Дер Мулен и соработниците во својата дискусија објаснуваат дека високиот процент кој тие го добиле се должи на тоа што при вршењето на анализите, од примерокот ги отфрлиле децата кои не гледаат телевизија. Доколку би ги вклучиле и нив процентот на оние кои се исплашиле додека гледале вести би се намалил на 36,5%. Во истражувањето извршено за овој магистерски труд не беше поставено прашање со кое би се одвоиле децата кои гледаат и децата кои не гледаат телевизија. Но, исто така, во текот на истражувањето не се појави ниеден испитаник кој изјави дека не гледа телевизија, воопшто.

Во истражувањето на Валма, Валкенбур и Питерс за доживеаниот страв кај децата при гледање вести, било откриено дека најчести категории од материјалот прикажан на вестите кој предизвикал страв кај нив биле меѓусебното насилство, пожарите, несреќите, катастрофите и експлицитни прикази на последиците од насилството (според http://ccam-ascor.nl/images/stories/publications/Journal_PDF_ENG/2002_walma_valk_peeters_fright_news_ejcr.pdf, 01.06.2011).

Имајќи предвид дека нашите вести се, исто така, преполни со експлицитен материјал во вид на фотографии и снимки, дека тонот на нивно прикажување и начинот на презентација има цел да предизвика загриженост и будност, не

изненадуваат одговорите на децата. Ван Дер Мулен и соработниците укажуваат дека децата опишувале конкретни слики од она што го виделе. Истото се случи и при истражувањето наменето за овој труд. Имено, по пополнувањето на прашалникот децата имаа потреба и меѓу себе и со истражувачот да дојдат и да разговараат за она што го виделе и од коешто се исплашиле. Ваквото однесување укажува дека она кое го виделе на телевизија кај нив оставило голем впечаток и дека тие чувствуваат потреба да разговараат за него.

ТВ сериите, исто така, претставувале причина за појава на страв кај децата. Најголемиот број ТВ серии кои се прикажуваат кај нас се турски и во нив има многу сцени со насилство, пукање и повреди на лица. Во самото наведување на видот на ТВ програми кои ги плашат, децата ги имаа набројано сериите „Долина на волците", „Тетки", „Каде е ќерка ми?", „Џанан" и други кои се емитуваа во периодот во кој беше спроведено истражувањето. Токму овие ТВ серии се емитуваа подоцна во текот на денот и беа означени како вид медиумски материјал кој е наменет за лица над 16 години. Не е познато дали децата го гледале со родителите или пак сами. И дали и во која мерка е присутна свесноста на родителите за стравот кој го доживеале нивните деца гледајќи ги овие емисии.

Документарните филмови, цртаните филмови и спортот се видови програми кои во помала мерка предизвикале страв кај децата во текот на претходниот месец. Сепак, кај сите видови програми имаше деца кои одговориле дека често се исплашиле. Иако прашањата беа затворени некои од децата во прашалниците и во меѓусебната интеракција која се одвиваше по решавањето на прашалникот наведоа специфични сцени на кои се сеќаваат. Документарните филмови предизвикале страв поради сцените во кои се прикажувале војни и страшни животни, а кај спортот се споменуваа сцени во кои играчите се повредиле играјќи. Во некои случаи децата сами раскажуваа колку многу се исплашиле гледајќи реклами во кои се најавува прикажување на хорор филм.

Овие наоди се во согласност со истражувањето спроведено од Кантор, во кое биле интервјуирани деца од основно училиште на возраст од 5 до 12 години.

Наодите укажуваат дека дури 76% од учесниците се исплашиле од нешто што го виделе на телевизија (Cantor et al. 2010; според Cantor, 2011).

Одговорите во ова истражување се во согласност со тој наод. Иако различните видови ТВ програми предизвикале страв со различна честота, сепак треба да се обрне внимание на фактот дека секој вид програма во зависност од сцените кои се прикажуваат во неа ја носи можноста да предизвика страв кај децата.

Во согласност со овој заклучок е и бројот и видот на ТВ канали и програми наведени од страна на децата како причина за појава на страв. Имено децата наброиле и домашни и странски канали и тоа во голем број. Исто така, бројот на видови програми кој децата го навеле е голем и разновиден. Тоа укажува на потребата да се следи и да се регулира она што се прикажува на телевизија.

Следното прашање имаше цел да открие дали децата од различен пол и возраст се разликуваат во видот на стравот кој го доживуваат при гледање телевизија. Беше откриено дека постои значајна разлика меѓу момчињата и девојчињата во доживувањето страв при прикажување меѓусебно насилство, сцени во кои се прикажани војни и страдања и пожари и несреќи, каде и во трите случаи девојчињата повеќе се плашат од момчињата. Иако не беше пронајдена значајна разлика при прикажување на замислени ликови и таму наодите укажуваат дека девојчињата доживуваат поголем страв од момчињата. Кога беше земена предвид возраста на децата, односно нивното одделение, беше откриено дека децата од петто одделение повеќе се плашат од децата од осмо одделение при доживувањето страв од меѓусебно насилство, страв од пожари и несреќи и при доживување страв од замислени ликови. Добиените наоди ја потврдија првата хипотеза: *Х1: Децата од различен пол и возраст се разликуваат во видот на стравот што го доживуваат при гледање телевизија.*

Овие наоди се во согласност со наодите со истражувањето спроведено од Валкенбург и соработниците (Valkenburg, Cantor и Peeters, 2000), каде што се

користеле истите прашалници како и во ова истражување. Девојчињата во сите истражувани возрасни групи од 7 до 8, од 9 до 10 и од 11 до 12 години доживувале повеќе страв од момчињата кои биле во истата возрасна група со нивната. Истите наоди ги објавува и Вилсон (според Wilson, 2008).

Причината за ваквата појава во голема мерка може да биде последица на социјалното учење поради кое девојчињата во текот на созревањето се поттикнувани да ги изразуваат емоциите, додека пак момчињата се поттикнувани да ги инхибираат емоциите. Во таа насока е и мета-анализата спроведена од Пек, во која девојчињата на сите мерни инструменти кои се засновале на самопроцена (self-report) за доживеан страв покажале дека доживуваат посилен страв од момчињата. Но, на спроведените физиолошки мерења, над кои имаат најмала самоконтрола, разликите биле минимални (Peck, 1999 според Cantor, 2001).

Во истражувањето на Валкенбург, Кантор и Питерс во кое ги користеле истите скали било откриено дека стравот од меѓусебно насилство се намалувал со зголемувањето на возраста, додека пак стравот од војни и страдања покажувал незначајна тенденција на зголемување.

Објаснувањето на овие наоди може да биде во согласност со теоријата на Пијаже. Децата од петто одделение се наоѓаат во фазата на конкретни операции каде што се фокусираат на она што е видливо (изгледот, појавноста), тие ги согледуваат конкретните закани и се плашат од нив. Додека пак, децата од осмо одделение се наоѓаат во фазата формални на операции каде што е очекувано да не им влијае само појавното, туку да се фокусираат и на заканата која се прикажува, а не е поврзана само со претставената слика. Овие наоди се во согласност и со други наоди, во кои се наведува дека освен меѓусебното насилство и замислените ликови кај децата со зголемувањето на возраста се намалувал и стравот од пожари и несреќи (Bruner, 1966; Flavell, 1963; Cantor и Sparks, 1984; Hoffner и Cantor, 1985; Valkenburg, 1997 според Valkenburg, Cantor and Peetrrs, 2007).

Непостоењето разлика меѓу децата од петто и децата од осмо одделение во доживувањето страв од војни и страдања при гледање телевизија соодветствува на наодот добиен од Валкенбург, Кантор и Питерс. Ваквата појава авторите ја толкуваат во согласност со тоа што емпатијата се зголемува со зголемувањето на возраста на децата, појавата на апстрактно мислење и зголемувањето на способноста да се контролираат емоциите (според Valkenburg, Cantor и Peeters, 2000).

Наодите на Кантор и Натансон во едно истражување откриваат дека постарите деца биле поисплашени од вести, а помалку од замислени содржини отколку помалите деца (Cantor и Nathanson, 1996 според Cantor, 2011). Родителите на децата од предучилишна возраст најчесто споменувале програми со ликови кои имале застрашувачки изглед додека пак родителите на децата кои оделе на училиште почесто набројувале програми и филмови во кои имало опасности, но без силна визуелна компонента и за кои била потребна фантазија за да се разбере пораката (Cantor и Sparks, 1984; Sparks, 1986; Sparks и Cantor, 1986; Hoffner и Cantor, 1985, според Cantor, 2011) .

Реакциите на страв кај децата предизвикани од содржини во медиумите го одразуваат нивото на нивен когнитивен развој. Во едно истражување родителите потврдиле дека децата од предучилишна возраст (3 до 4 години) најмногу се плашеле од содржини во медиумите кои изгледале страшно (фантазмички ликови), додека пак постарите деца повеќе се плашеле од нешта кои навистина можат да се случат, дури и ако не изгледаат многу страшно (Cantor и Sparks, 1984 според Cantor, 1998).

Ван дер Мулен, Валекнбург и Питерс откриле дека 42% од децата кои гледале вести за возрасни се плашат од содржината на вестите. Помалите деца и девојчињата почесто изјавувале дека се плашат отколку постарите деца и момчињата. Најчесто споменувани категории кои предизвикувале страв се: а) пожари, несреќи и катастрофи и б) експлицитни сцени на насилство како што се

крв и мртви тела. Постарите деца повеќе укажувале на страв од меѓусебно насилство. (според Walma Van der Molen, Valkenburg и Peeters, 2002).

Причината за добиените резултати може да се должи и на видот на материјалот кој децата го гледале во последниот месец. Тенденцијата во однос на сите видови страв беше иста и укажуваше дека помалите деца се плашат повеќе од постарите во однос на сите видови страв. Неколку од децата за време на решавањето на прашалникот неколкупати прашуваа дали треба да се одговорат за нешто што го виделе само во последниот месец. Тоа значи дека не е исклучена можноста тие претходно да се исплашиле од некои специфични сцени кои за нив сѐ уште се важни за споменување, а ограничувањето на временскиот период кој беше наведен во прашањето може да го ограничило наведувањето на некој силен страв кој бил доживеан претходно.

Следната цел беше да се откријат видот стратегии кои децата ги користат за да се справат со стравот настанат при гледање телевизија. Притоа беше откриено дека девојчињата кога ќе се исплашат од нешто што го виделе на телевизија значајно повеќе ги користат сите испитувани стратегии за справување со стравот. Во однос на разликите во возраста беше откриено дека децата од петто одделение значајно повеќе ги користат сите стратегии за справување со стравот кои беа опфатени во ова истражување. Со тоа беше потврдена втората хипотеза која гласеше: *Х2: Децата од различен пол и возраст се разликуваат во видот на стратегии што ги користат за справување со стравот што го доживуваат при гледање телевизија*.

Кантор (Cantor, 2000), зборува за две истражувања во кои било откриено дека лицата од женски пол почесто користат некогнитивни стратегии, отколку лицата од машки пол, но дека не постојат разлики во половите во користењето на когнитивни стратегии.

Овие наоди повторно можат да се толкуваат во насока на теоријата на социјално учење, каде што девојчињата се охрабрени јавно да ги искажуваат

своите емоции. За нив е дозволено и очекувано од страна на нивните блиски и важните, други да бараат поддршка од останатите, користат бегство кое е лесно видливо и забележливо и да користат физичка интервенција која во рамките на ова истражување е претставена со затворање на очите, покривање на ушите, гледање настрана итн.

Додека го одговараа прашалникот, во одредени одделенија особено од петто одделение се случуваше децата од машки пол самите да вршат притисок едни на други за да не покажат страв. Без разлика дали присутната наставничка се обидуваше тоа да го спречи или не тие меѓусебно се прашуваа кој што одговорил и правеа сè за да ги видат одговорите на другите. Односно, лесно се забележуваше појавата на социјален притисок меѓу момчињата да не покажат страв бидејќи доколку го покажат би биле јавно исмејувани од своите соученици. Доколку во одделението имаше некое дете од машки пол за кое тие знаат дека покажува страв тогаш притисокот врз него станувaше поголем. Сепак, децата од петто одделение во споредба со децата од осмо одделение одговориле дека почесто доживуваат страв.

Според Кантор и Вилсон и когнитивните и некогнитивните стратегии можат да бидат ефективни за децата кои одат на училиште, иако тие ги претпочитаат когнитивните стратегии (Cantor and Wilson, 1998 според Cantor, 2011). Вилсон наведува дека помалите деца повеќе користат некогнитивни стратегии, кои доколку се споредат со стратегиите испитувани во овој труд соодветствуваат со стратегијата бегство, социјална поддршка и физичка интервенција. Додека пак, когнитивната утеха е покарактеристична за постарите деца (Wilson et al., 1987 според Cantor, 2011).

Забележливо е дека децата од петто одделение значајно повеќе од децата од осмо одделение ја користат и стратегијата когнитивна утеха. Ваквиот наод не е во согласност со наодите од другите релевантни истражувања. Причината може да лежи во видот на материјалот кој ги исплашил помалите деца и нивниот обид да го разберат материјалот кој го гледале. Ајтемите вклучени во

субскалата „когнитивна утеха“ се насочени кон препознавањето на вистинитоста и невистинитоста на гледаниот материјал. Односно, ајтемите вклучуваат објаснувања како следните: „си велиш дека тоа што го гледаш не е вистинско“, „си велиш дека крвта е само кечап“ и слично. Иако децата од петто одделение веќе се на возраст кога разликуваат што е вистинито, а што не е, интензивните слики и интензивните емоции кои ги доживеале гледајќи телевизија може да предизвикаат поголема потреба самите да си потврдат дека тоа што го гледаат не е вистинито и дека нема ним да им се случи.

Освен утврдувањето на различните видови страв и различните видови стратегии кои децата ги користат за да се справат со стравот настанат при гледање телевизија, беше поставена и целта да се утврди дали при доживувањето одреден вид страв настанат при гледање телевизија децата користат одредени видови стратегии за справување со стравот. Добиените резултати ја потврдуваат третата хипотеза која гласеше: *Х3: Децата од различен пол и возраст се разликуваат во видот на стратегиите што ги користат за справување со различните видови страв што го доживуваат при гледање телевизија.*

Односно, наодите покажуваат дека при доживување различен страв се користат различни стратегии за справување со него. Исто така, дека постои разлика меѓу децата од различен пол и возраст во однос на стратегиите кои ги користат при доживувањето различен вид страв.

Во консултираната литература не беа пронајдени истражувања за поврзаноста на стратегиите за справување со стравот со доживеаните стравови настанати при гледање телевизија. Затоа, во овој момент не е можно да се направи споредба на добиените наоди со други релевантни наоди.

Сумирањето на наодите укажува на тоа дека девојчињата од петто и осмо одделение користат најширок опсег на стратегии за справување со стравот. Користењето стратегии за справување со стравот значи негово признавање и барање поддршка или начин за справување со него. Како што и претходно беше

наведено, девојчињата од околината примаат пораки дека за нив е „пожелно, очекувано и одобрено“ да ги изразуваат емоциите. Односно за девојчињата е социјално прифатливо да го изразат стравот и да користат видливи стратегии за справување со него.

Девојчињата од петто одделение користат физичка интервенција, бегство и социјална поддршка за справување со стравот од замислени ликови и социјална поддршка за да се справат со стравот од пожари и несреќи.

Девојчињата од осмо одделение користат когнитивна утеха за да се справат со стравот од војни и страдања, социјална поддршка за да се справат со стравот од пожари и несреќи и бегство за да се справат со стравот од замислени ликови.

Девојчињата од осмо одделение ја користат когнитивната утеха, стратегија која не ја користат девојчињата од петто одделение. Додека пак, девојчињата од петто одделение ја користат физичката интервенција која не се јавува кај девојчињата од осмо одделение. Ваквото однесување може да е во согласност со нивниот когнитивен развој. Наодот е во согласност со наодите од истражувања спроведени од Кантор и Вилсон во кои е откриено дека постои разлика меѓу помалите и поголемите деца во однос на стратегиите кои тие ги користат за справување со стравот доживеан при гледање телевизија. Според теориите на когнитивен развој (Flavell, 1963 според Cantor, 2011) когнитивните стратегии, кои се покомплексни, нема да бидат корисни за помалите деца затоа што тие сè уште немаат способноста да ги користат. За разлика од нив некогнитивните стратегии кои се поавтоматски и вклучуваат физички реакции ќе бидат ефективни и за помалите и за поголемите деца (Cantor, 1996; Cantor & Wilson, 1988 според Cantor, 2011). Друго истражување укажува дека когнитивните стратегии како: „си велиш дека тоа што го гледаш не е вистинито“ биле помалку ефективни во намалувањето на реакциите на страв од содржината во медиумите меѓу децата од предучилишна возраст споредено со постарите деца. Некогнитивните стратегии, како држењето ќебе биле поефективни кај помалите деца (Wilson, Hoffner and Cantor, 1987 според Cantor, 1998).

Бегството како стратегија го користат само девојчињата од петто и осмо одделение при доживување страв од замислени ликови. Додека пак девојчињата од петто одделение користат и социјална поддршка и физичка интервенција за да се справат со овој вид страв. Бегството прикажано преку напуштање на собата, менување на каналот итн., може да ја отслика нивната свесност за избор на она на кое тие решаваат да бидат изложени, но и социјалната прифатеност на ваквото однесување. Замислените ликови претставени преку духови, вештерки и слично се нешто кое на лицата од сите возрасни групи им е непознато, а стравот од непознатото е еден од најголемите стравови.

Момчињата од петто и осмо одделение користат само два вида стратегии за справување со стравот. Тие користат физичка интервенција при доживување страв од меѓусебно насилство и когнитивна утеха при доживување страв од замислени ликови. За разлика од нив момчињата од осмо одделение користат социјална поддршка за справување со стравот од војни и страдања и стравот од замислени ликови и когнитивна утеха за справување со стравот од војни и страдања.

Ако земеме предвид дека децата вклучени во истражувањето се адолесценти, тогаш јасно е зошто постои толкав социјален притисок врз нив. Од една страна тие беа анкетирани во група (одделението) во која припаѓаат, со кои се конформираат и во чии рамки се развиваат. Иако децата од петто одделение се помали, може да се каже дека тие полека навлегуваат во преадолесцентното доба, каде веќе беа видливи групите и притисокот кој беше создаден во рамките на групите. Момчињата од осмо одделение го истакнале стравот од војни и страдања што е соодветно со нивниот развој. Тие веќе се свесни за реалната опасност која ја преставува војната, затоа е сосема разбирливо што ја користат когнитивната утеха за да се справат со овој вид страв. Исто така, ја користат и социјалната поддршка, односно разговараат со некого за видениот материјал. Стратегијата „когнитивна утеха“ е претставена со анализа на реалната ситуација и постоењето уверување дека настаните нема да се случат во средината во која децата живеат, а потврдата од другите без разлика дали се родителите или

врсниците е начин за да се анализира актуелната ситуација и вистинската можност таа да се случи.

И двете групи навеле дека користат одредена стратегија кога ќе се исплашат од замислени ликови. Помалите навеле дека користат когнитивна утеха, која во овој случај значи негирање на виденото, додека пак постарите избрале бегство, кое може да го означува нивниот свесен избор да не се изложуваат на нешто кое им е непријатно.

Додека пак, користењето на физичката интервенција за справување со стравот од меѓусебно насилство за момчињата од петто одделение е соодветно на нивото на когнитивниот развој и преставува еден начин на избегнување на медиумскиот материјал кој предизвикува вознемиреност.

Социјалната поддршка е вид стратегија која се користи при доживување на сите видови страв. Тоа ја нагласува улога на родителите на врсниците на децата. Една од најзначајните улоги на родителот е да даде поддршка. Токму преку поддршката и чувството на сигурност децата можат да учат и да истражуваат. Видот на социјалната поддршка од страна на родителите се менува во зависност од возраста на децата. Значајно е што таа има значајна улога при доживувањето на сите видови страв, со што се потврдува клучната улога на родителот како агенс на социјализација за време на гледањето телевизија. Додека пак, истражувањето на светот и на новите информации заедно со врсниците е карактеристично за оваа возраст во која децата постепено навлегуваат во светот на возрасните.

Истражувањето на улогата на родителската медијација при доживувањето страв при гледање телевизија укажа дека различните видови страв се јавуваат и покрај појавата на различните видови родителска медијација. Четвртата хипотеза, *Х4: Постои разлика во степенот на доживувањето на различните видови страв настанат при гледање телевизија при различна родителска медијација*, беше потврдена.

Инструктивната медијација е поефективна при доживување страв од меѓусебно насилство, иако тој се јавува и при инструктивна и при рестриктивна медијација. Рестриктивната медијација е поефективна при страв од војни и страдања и страв од пожари и несреќи, иако тој се јавува при двата вида медијација. Само рестриктивната медијација претставува значаен предиктор за појавата на страв од замислени ликови а, тој не се јавува при инструктивната медијација.

Појавата на различните видови страв при гледањето телевизија е наод кој го потврдуваат и други истражувања. Во нив сите видови страв се јавува при двата истражувани вида родителска медијација. Според одредени автори причината за ваквата појава е во тоа што родителската медијација при гледањето телевизија може да предизвика и негативни ефекти затоа што родителите во одредени случаи самите го насочуваат вниманието на децата кон страшните сцени (Desmond et al., 1990 според Buerkel-Rothfus and Buerkel, 2009 ). Тие, исто така, во одредени случаи може имплицитно да ги премолчуваат насилните сцени додека гледаат заедно со децата што може да се толкува како прифаќање на тој материјал (според Nathanson, 2001).

Појавата кај децата да се јавува позитивна поврзаност при појава на страв и при давање родителска медијација ја забележуваат и Бујизен, Ван Дер Мулен и Сондиј (Bujizen, Walma Van Der Mulen and Sondij, 2007). Авторките даваат две можни објаснувања. Едното е дека при самото гледање на вестите родителите доживуваат силни емоции кои се перципирани од страна на децата кои потоа соодветно реагираат. Доживеаниот страв на родителите може да допринесува да се појави потреба на своите деца да им ги објаснат настаните кои ги виделе на телевизија, односно да дојде до појава на активна медијација. Или пак обратно, родителите откако ќе ја забележат вознемиреноста на децата по гледањето страшни сцени да започнат да ги објаснуваат настаните кои се прикажани. И повторно објаснувањето кое доаѓа од родителите можно е да предизвикува уште поголем страв кај децата.

Сличен наод добива и Бусеј, кој открива дека децата кои гледале вести и добивале рестриктивна медијација повеќе доживувале страв. Авторот смета дека одредени информации сепак стигнуваат до децата и покрај обидот на родителите да ги заштитат. Токму сознанието дека не треба да знаат за одреден настан кај нив предизвикува поголем страв, поголема вигилност и очекувања во врска со дадена ситуација која ја виделе на вестите (Busselle, 2003 според Bujizen, Walma Van Der Mulen и Sondij, 2007).

Само инструктивната медијација не претставува значаен предиктор за појавата на страв од замислени ликови. Можеби токму инструктивната медијација, односно објаснувањето на родителите во однос на невистинитоста на замислените ликови допринесува таа да не се јави како предиктор за појавата на стравот од замислени ликови.

Во таа насока се студиите кои ја истражуваат родителската медијација и стравот од замислените ликови, а кои покажуваат дека активната медијација им помага на децата од основните училишта да се справуваат со стравовите предизвикани од медиумите (Cantor, Sparks, & Hoffner, 1984; Wilson, 1987, 1989; Wilson & Weiss, 1991 според Valkenburg, Cantor and Peeters, 2000).

Анализите во кои беа вклучени интеракциските ефекти на родителската медијација и стратегиите за справување со стравот открија т.е. ја потврдија и последната хипотеза *Х5: Постои разлика во степенот на доживување страв при гледање телевизија и користењето стратегии за справување со стравот при различни облици на родителска медијација*. Исто така, анализите открија дека во одредени случаи родителската медијација има улога на модератор- варијабла.

Во соодветната литература и за овој случај не беа пронајдени релевантни истражувања со кои би можеле да се споредат добиените наоди. Затоа во продолжение нема споредба со релевантни истражувања.

При доживувањето страв од меѓусебно насилство кога децата добиваат инструктивна медијација повеќе ја користат физичката интервенција, додека пак при инструктивната медијација почесто ја користат когнитивната утеха.

Овие наоди се во согласност со претходните, каде што родителската медијација може да има улога да се јави поголем страв и поголема потреба од користење стратегија за справување со него, затоа што родителите или ги потенцираат настаните кои се прикажуваат на телевизија или пак не реагираат на нив.

Кога станува збор за бегството - како стратегија за справување со стравот од меѓусебно насилство прикажан на телевизија, споредбата со интеракцискиот ефект на бегството и инструктивната медијација укажува дека таа има улога на т.н. супресор варијабла. Односно инструктивната медијација е негативно поврзана со која било од останатите две варијабли, па со нејзиното зголемување се намалува или стравот од меѓусебно насилство или користењето на когнитивната утеха.

Употребата на когнитивната утеха за справување со стравот од војни и страдања споредена со интеракцискиот ефект на когнитивната утеха и рестриктивната медијација покажува дека присуството на рестриктивната медијација во голема мерка го намалува стравот и потребата од користење когнитивна утеха.

Интересно е што иако физичката интервенција и инструктивната медијација не се значајни предиктори за појава на стравот од пожари и несреќи, нивниот интеракциски ефект претставува значаен предиктор за појавата на овој страв. Тоа значи дека кога родителите користат инструктивна медијација за да им ги објаснат сцените со пожари и несреќи на децата, кај нив се јавува овој страв и тие користат физичка интервенција за да се справат со него.

При појавата на стравот од замислени ликови само интеракцискиот ефект на когнитивната утеха и рестриктивната медијација е значаен. Споредбата на бета- вредностите покажува дека со рестриктивната медијација се намалува користењето на когнитивна утеха, односно се намалува потребата од објаснувањето дека она што го гледаат нема да се случи во нивниот дом.

Овие наоди укажуваат дека во одредени случаи родителската медијација има голема улога во намалувањето на доживеаниот страв и во намалувањето на потребата да се користат стратегии за справување со стравот. Сепак, различните видови медиумски материјал очигледно е дека бараат различна медијација и различен начин на поставување кон него и кон децата. Затоа подеталното истражување на видот на родителската медијација и видот на медиумски материјал може многу да допринесе да се создадат јасни насоки кон родителите за начинот на кој треба да се поставаат кон она што се прикажува на телевизија и начинот на кој треба да ги пренесат своите знаења на децата.

Треба да се забележи дека во литературата не се прави точно разграничување на трите вида медијација, односно се наведува дека истите родители во различни случаи можат да користат различни видови медијација. Во одредени случаи се прави обид медијацијата да се постави на континуум и да се дефинираат различни позиции во рамките на континуумот. Тоа значи во иднина дополнително ќе се развиваат знаењата за родителската медијација која ќе допринесе и до појасни насоки и за родителите и за телевизиите.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- Age Differences in Fright Responses, **http://encyclopedia.jrank.org/articles/pages/6527/Age-Differences-in-Fright-Responses.html, 15.08.11**

- **Arousal Processes and Media Effects, http://www.bookrags.com/research/arousal-processes-and-media-effects-eci-01/, 17.04.2012**

- Baran,S.J., Davis, D.K. (2008). **Mass communication theory: foundations, ferment, and future**, Cengage Learning, http://books.google.com/books?id=5TAebeoDnJ4C&pg=PA193&lpg=PA193&dq=Meyrowitz+socialization+theory&source=bl&ots=qNq0dF1b9a&sig=kK2SwBkweuwEEsrLKJ3GrM3VNmA&hl=en&ei=coMmTsetI8er-QbRhIWFDA&sa=X&oi=book_result&ct=result&resnum=9&ved=0CE0Q6AEwCA#v=onepage&q&f=false, 20.07.2011

- Benesch, C,, Frey, B. S., Stutzer, A. (2009). Tv Channels, Self-Control And Happiness, The B.E. Journal of Economic Analysis & Policy Vol. 10(1), Article 86 2010, http://www.bsfrey.ch/articles/C_513_TV_Channels_Happiness_LV.pdf, 14.05.2012

- Buerkel-Rothfus, N.L., Buerkel, R.A. (2009). Family Mediation во книгата Bryant,.J., Bryant, J.A. (2009). Television and the American Family, Taylor and Francis Library, http://books.google.mk/books?id=t2lWbGuYHdsC&pg=PA359&lpg=PA359&dq=Desmond+et+al.,+1990+mediation&source=bl&ots=oi1qjF6Hh9&sig=co6fY3CsYclwMY23-Z0RZWWRAm4&hl=en&sa=X&ei=M82XUPPzIIXKtAbG6IGYDw&redir_esc=y#v=onepage&q=Desmond%20et%20al.%2C%201990%20mediation&f=false, 12.02.2012

- Buijzen, M., Van Reijmersdal, E. A. & Owen, L. H. (2010). **Introducing the PCMC Model: An Investigative Framework for Young People's Processing**

**of Commercialized Media Content,** Department of Communication Science, University of Amsterdam, Communication Theory **20** (2010) 427–450 © 2010 International Communication Association, http://www.ccam-ascor.nl/images/stories/publications/Journal_PDF_ENG/2010/2010buijzenpcmcmodel.x.pdf, 28.05.2011

- Buijzen, M., Walma van der Molen, J. H. & Sondij, P. (2007). **Parental mediation of children's emotional responses to a violent news event,** Communication Research, 34, 212-230, http://www.ccam-ascor.nl/images/stories/publications/Journal_PDF_ENG/2007_mediation_CR_Buijzenetal.pdf, 01.06.2011
- Byrne, B. (2000). **Relationships Between Anxiety, Fear, Self-Esteem, And Coping Strategies In Adolescence - Statistical Data Included,** http://findarticles.com/p/articles/mi_m2248/is_137_35/ai_62958283/, 09.08.2011
- Cantor, J. **Fright reactions to mass media,** http://www.studyblue.com/notes/note/n/file/600435, 19.06.2011
- Cantor, J. (1998). **Media and Parents: Protecting Children from Harm,** http://parenthood.library.wisc.edu/Cantor/Cantor.html, 29.05.2011
- Cantor, J. (2000). **Media violence and children's emotions: Beyond the "smoking gun"**, http://www.nwresponsiblemedia.org/articles/mediaviolence.pdf, 12.08.2012
- Cantor, J. (2001). **The Media and Children's Fears, Anxieties and Perceptions of Danger** во книгата Singer, D. G., Singer, J.L. Hanbook of Children and the Media, Sage Publications Inc., http://books.google.mk/books?id=moifZwJHunsC&pg=PA216&lpg=PA216&dq=peck+1999+meta+analysis+self+report+measures&source=bl&ots=whf_9tjicF&sig=1MDgjJgsAnIbujK9UyshS_Ubymk&hl=en&sa=X&ei=PZWXUKbPG-774QT8rIG4CA&redir_esc=y#v=onepage&q&f=false, 15.05.2012
- Cantor, J. (2002). **Fear Reactions to Media** Во книгата Bruant, J., Zillman, D. (2002). Media Effects, Advances In Theory Research, Lawrence Erlbaum Associates, Inc. Publishers, Mahwah, New Jersey

- Cantor, J. (2006). **Protecting Children's Wellfare in an Anxiety - Provoking Media Environment** во книгата Dowd, N.E., Singer, D.G., Wilson, R.F. (2006). Handbook of Children, Cluture and Violence, Sage Publications inc,., London, http://books.google.mk/books?id=z6Mn0zcYfusC&pg=PA164&lpg=PA164&dq=Blumer,+1933+93+%25+children&source=bl&ots=D38N-cPBEN&sig=-CwhWohBxeFABuR0ELCEVjOdKZo&hl=en&sa=X&ei=QeCWUKysC9DP4QShhoDgCA&redir_esc=y#v=onepage&q=Blumer%2C%201933%2093%20%25%20children&f=false, 29.05.2011
- Cantor, J. (2009). **Fright reactions to mass media** во книгата Bryant, J., Oliver, M.B. (2009). Media Effects, Advances in Theory and Research, Third Edition, Routlege, New York and London
- Cantor, J. (2011). **Fear reactions to mass media** во книгата Döveling, K., Von Scheve, C., Konijn, E.A. (2011). The Routledge Handbook of Emotions and Mass Media, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York
- Cassi, A. (2012). **Television Scores in 2011! A Panorama of worldwide TV consumption**, Eurodata TV worldwide (France) http://www.mipworld.com/RM/RM_MIPWORLD/2012/documents/miptv/pdf/whitepapers/miptv-2012-eurodata-panorama-of-worldwide-tv-consumption-whitepaper.pdf, 14.05.2012
- Chandler, D. Schema Theory and the Interpretation of Television Programmes, http://www.aber.ac.uk/media/Modules/TF33120/schematv.html, 21.07.2011
- **Children and media. TV and kids uder age 3. http://www.pbs.org/parents/childrenandmedia/article-faq.html#tvviewing, 19.02.2012**
- Cronbach alpha with SPSS http://www.bwgriffin.com/gsu/courses/edur9131/content/cronbach/cronbachs_alpha_spss.htm, 11.02.2012
- Cultivation theory, http://en.citizendium.org/wiki/Cultivation_Theory, 15.08.2012

- Dawson, J. Interpreting interaction effects, http://www.jeremydawson.co.uk/slopes.htm, 14.05.2012
- Diehl, D.C., Toelle, S.C. (2011). Making Good Decisions: Television, Learning, and the Cognitive Development of Young Children, http://edis.ifas.ufl.edu/pdffiles/FY/FY107400.pdf, 19.05.2012
- Димитровска, В. (2009). Скопје: Децата и медиумите, Навики за користење на електронските медиуми кај децата на предучилишна возраст во Скопскиот регион, http://komunikacii.net/12/17/deca-mediumi/, 20.06.2011
- Don, R. Social Learning Theory and TV Violence on children, http://www.chuckiii.com/Reports/Sociology/Social_Learning_Theory_and_TV_Violence.shtml, 18.07.2011
- **Fear and the Media - Fright Reactions to Individual Programs and Movies, Developmental Differences in the Effectiveness of Coping Strategies,** http://encyclopedia.jrank.org/articles/pages/6526/Fear-and-the-Media.html, 15.08.2011
- Durkin, K. (1995). **Developmental Social Psychology**, Blackwell Publishers Inc., Cambridge Massachussetts, USA
- FACTSHEET on Boys (5-11) and Screens (television, games consoles, telephone and internet), http://www.boysdevelopmentproject.org.uk/downloads/reports/BDP_A4Factsheet(refs)%20copy.pdf 13.02.2012
- **Fear and the Media - Fright Reactions to Individual Programs and Movies, Developmental Differences in the Effectiveness of Coping Strategies** http://encyclopedia.jrank.org/articles/pages/6526/Fear-and-the-Media.html#ixzz2BC6aojFV,13.02.2011
- Ftiness, J. and Dufield, J. (2004). **Emotion and Communication in Families** во книгата Vangelisti, A.L. (2004). Handbook of family communication, Lawrence Erlbaum Associates, Inc. Publishers, Mahwah, new Jersey, http://books.google.mk/books?id=ONN01B5RJe0C&pg=PA479&lpg=PA479&dq=Wilson+and+Weiss,+1993+children+who+watched+with+their+siblings&source=bl&ots=M_8taT9D5J&sig=4aeCcNsk1KCfRhvCOf2EAFA7b24&hl=en&sa=X&ei=

V9OWUPK8M6iP4gSSvoDQBg&redir_esc=y#v=onepage&q=Wilson%20and%20Weiss%2C%201993%20children%20who%20watched%20with%20their%20siblings&f=false, 19.08.2011

- Galt, J. **Cultivation Theory and Fear in the Media.** http://www.associatedcontent.com/article/407786/cultivation_theory_and_fear_in_the_pg8.html?cat=9,19.07.2011
- Gebeke, D. (1994). **Children and fear**, http://www.ag.ndsu.edu/pubs/yf/famsci/he458w.htm, 26.02.2012
- Gerbner, G., Gross, L., Morgan, M., Signiorielli, M. (1980). **Living with Television: The Dynamics of the Cultivation Process,** http://webcache.googleusercontent.com/search?q=cache:dJ-EcU4RVjQJ:www.asc.upenn.edu/gerbner/Asset.aspx%3FassetID%3D1591+&cd=1&hl=en&ct=clnk, 03.06.2011
- Giles, D. (2003). **Media Psychology**, Lawrence Erlbaum Associates, Publishers, Mahwah, New Jersey, London
- Grusec, J.E., Hastings, P.D. (2007). **Handbook of socialization, Theory and research,** The Guilford Press, New York, London
- Harris, R.J. (2004). **A Cognitive Psychology of Mass Communication**, Lawrence Erlbaum Associates, Publishers, Mahwah, New Jersey London
- Harrison, K. (1999). **Tales from the Screen: Enduring Fright Reactions to Scary Media**, Media Psychology, Spring 1999, http://education-medias.org/english/resources/research_documents/reports/violence/upload/Tales-from-the-Screen-Enduring-Fright-Reactions-to-Scary-Media-Report-pdf.pdf, 16.09.2011
- Huesmann, R.L., Miller, L.S., **Long-Term Effects of Repeated Exposure To Media Violence In Childhood**; From Aggressive Behavior: Current Perspectives, L. Rowell Huesmann editor; Chapter reproduced by permission of the authors and Plenum Press;
- http://www.andrews.edu/~rbailey/Chapter%2014/8979421.pdf, 19.02.2012
- http://www.bookrags.com/research/arousal-processes-and-media-effects-eci-01/, 17.04.2012

- http://www.csun.edu/science/health/docs/tv&health.html, 19.02.2012
- http://www.ehow.com/about_5399741_social-representations-theory.html, 19.08.2011
- http://www.kff.org/entmedia/upload/8010.pdf,11.02.2012
- http://www.mhhe.com/socscience/comm/bandur-s.html, 26.02.2012
- http://www.kff.org/entmedia/upload/Zero-to-Six-Electronic-Media-in-the-Lives-of-Infants-Toddlers-and-Preschoolers-PDF.pdf,19.02.2012
- http://www.nature.com/ijo/journal/v27/n9/full/0802376a.html, 19.02.2012
- http://www.pbs.org/parents/childrenandmedia/article-faq.html#tvviewing 19.02.2012
- http://www.soros.org/initiatives/media/articles_publications/publications/television_20090313/1fullpublication_20080429.pdf, 14.05.2012
- http://www.thinkbox.tv/server/show/nav.914#Boys,19.02.2012
- http://www.youtube.com/watch?v=MUjv6Az2fRA,13.02.2012
- http://www.youtube.com/watch?v=AnoGOyyHPqg&feature=related, 13.02.2012
- http://www.youtube.com/watch?v=chXehRtFLSM&feature=related, 13.02.2012
- http://tigger.uic.edu/~lnucci/MoralEd/articles/huesmann.html, 13.02.2012
- How to do moderation analysis in SPSS?, http://forums.studentdoctor.net/showthread.php?t=724686, 14.05.2012
- Interpreting interaction terms in multiple regression, http://www.talkstats.com/showthread.php/852-Interpreting-interaction-terms-in-multiple-regression, 15.05.2012
- **Introduction to Regression**, http://dss.princeton.edu/online_help/analysis/regression_intro.htm, 15.05.2012
- Jackson, C., Brown, J.D., Pardun, C.J. (2008). **A TV in the Bedroom: Implications for Viewing Habits and Risk Behaviors During Early Adolescence**, http://www.unc.edu/depts/jomc/teenmedia/pdf/JBEM_2008.pdf, 20.06.2012
- Jacub. A, (2009). Cultivation theory, http://www.slideshare.net/ajacob/cultivation-theory, 13.04.2012

- Jordan, A.B., Hersey J.C., MCDivitt, J.C., Heitzler, C.D. **Reducing Children's Television-Viewing Time: A Qualitative Study of Parents and Their Children**, http://www.pediatricsdigest.mobi/content/118/5/e1303.full, 13.02.2012
- Kenny, D.A. (2011). Moderator Variables:Introduction, http://davidakenny.net/cm/moderation.htm, 15.05.2012
- Kirkorian, H.L., Wartella, E.A., Anderson, D.R. (2008). Media and Young Children's Learning, http://www.princeton.edu/futureofchildren/publications/docs/18_01_03.pdf, 19.05.2012
- Kirsh, S.J. (2005).**Cartoon violence and aggression in youth**, Department of Psychology, SUNY-Geneseo, Geneseo, NY 14454, United States, http://www.geneseo.edu/~kirsh/vita/AVB360.pdf, 12.07.2011
- Konijn, E.A., ten Holt, J.M. (2011). **From noise to nucleus Emotion as key construct in processing media messages** во книгата: Döveling, K., Von Scheve, C., Konijn, E.A. (2011). The Routledge Handbook of Emotions and Mass Media, Routledge Taylor & Francis Group, London and New York
- Konstantos, H., Meliota, C., Stoneburgh, T. L., Trombino, N. (2006). **Media and Adolescents The Impact of Media on Adolescent Socialization**, Introduction to Anthropology, Psychology and Sociology, (HSP3M – Grade 11), http://mr.koczij.com/resources/OISE/AQ/ISOC_UnitPlan_MediaAdolescents.pdf , 29.05.2011
- Kundanis, R.M. (2003). Children, Teens and Families and the Mass Media, The Millennial Generation, Lawrence Erlbaum Associates, Publishers, Mahwah, New Jersey London
- Lowry, R., Wechsler, H., Galushka, D.A., Fulton, J.E., Kann, L. (2002). **Television Viewing and its Association with Overweight, Sedentary Lifestyle, and Insufficient Consumption of Fruits and Vegetables Among US Highschool Students: Differences by Race Ethnicity and Gender,**

Journal of School Health, December 2002, Vol 72, No.10, http://www.andrews.edu/~rbailey/Chapter%2014/8979421.pdf, 19.02.2012

- Mahat, G. and Scoloveno, M.(2003). **Comparison of fears and coping strategies reported by Nepalese school-age children and their parents,** http://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S0882596303001027, 16.08.2011
- Media in the lives of 8-18 year olds http://www.kff.org/entmedia/upload/8010.pdf 13.02.2012
- Multiple Linear Regression using SPSS-PASW )Example 3, http://www.youtube.com/watch?v=zjjfxpNURfU, 11.02.2012
- Monsters of childhood and adolescence, http://www.umich.edu/~engl415/childad/child.htm#nine, 26.02.2012
- Nathanson, A.I. (2001). **Parent And Child Perspectives On The Presence And Meaning Of Parental Television Mediation,** Journal of Broadcasting & Electronic Media, 45, 210-220, http://www.sosparents.org/amy%20article.pdf, 25.05.2011
- Paavonen, E. J., Roine, M., Pennonen, M.,. Lahikainen A. R. (2009). **Do parental co-viewing and discussions mitigate TV-induced fears in young children?,** http://web.ebscohost.com/ehost/pdfviewer/pdfviewer?sid=eb627ea9-f235-4e57-87d1-eadbb5518cc9%40sessionmgr11&vid=2&hid=24
- **Postive correlation but negative coefficient in regression??**, http://www.talkstats.com/showthread.php/19525-Postive-correlation-but-negative-coefficient-in-regression, 15.05.2012
- Rideout, V.J., Vandewater, E.A. and Wartella, E.A. Electronic Media in the lives of Infants, Toddlers and preschoolers http://www.kff.org/entmedia/upload/Zero-to-Six-Electronic-Media-in-the-Lives-of-Infants-Toddlers-and-Preschoolers-PDF.pdf, 19.02.2012
- Saliba, D. R. (1980). A Psychology of Fear: The Nightmare Formula of Edgar Allan Poe, *Lantham,*University Press of America, p. 5, http://www.scepticthomas.com/fear/fear.htm, 29.04.2012

- Scheibe.C. Piaget and the Power Rangers, http://www.ithaca.edu/looksharp/PDF_Files/Piaget_and_the_Power_Rangers.pdf , 19.05.2012
- Schmidt et al. (2005). **The Effects of Electronic Media on Children Ages Zero to Six: A History of Research**, www.kff.org/entmedia/7239.cfm
- Shin, W. (2010). **The Role of Parental Mediation in Children's Consumer Socialization on the Web**, http://conservancy.umn.edu/bitstream/95674/1/Shin_umn_0130E_11299.pdf, 27.05.2011
- **Single Negative Beta in Multiple Linear Regression**, http://www.talkstats.com/showthread.php/24762-Single-Negative-Beta-in-Multiple-Linear-Regression, 15.05.2012
- Social Learning Theory of Albert Bandura, http://www.mhhe.com/socscience/comm/bandur-s.mhtml, 18.07.2011
- Thinkbox Audience Profiles, http://www.thinkbox.tv/server/show/nav.914#Boys, 19.02.2012
- **SPSS Multivariable Linear Models and Logistic Regression,** http://www.cchil.org/cru/images/education/f27dda83b9d12b2e1db2fb293ed4c8da.pdf, 09.11.2012
- Tremblay, M.S. and J D Willms, J.D. (2003). **Is the Canadian childhood obesity epidemic related to physical inactivity?**,International Journal of Obesity (2003) **27,** 1100–1105, http://www.nature.com/ijo/journal/v27/n9/full/0802376a.html, 19.02.2012
- Uticaj televiziji na decu, http://www.smedia.rs/print/ona/1228/roditeljstvo-deca-vaspitanje-uticaj-televizije-na-decu-Uticaj-televizije-na-decu.html, 30.06.2012
- Valkenburg, P. M., Krcmar, M., Peeters, A., & Marseille, N. M. (1999). **Developing a scale to assess three styles of television mediation: "restrictive mediation," "instructive mediation," and "social coviewing."** *Journal of Broadcasting and Electronic Media, 43,* 52-66.

- Valkenburg,P.M., **Children's responses to the screen: a media psychological approach page 58,** http://books.google.com/books?id=KDyLV7rhuO0C&pg=PA58&lpg=PA58&dq=valkenburg+fear+induced&source=bl&ots=NtDcqxyDCn&sig=B5ZuQr6ZjdhVM4rTB-H5z0jvuyM&hl=en&ei=t0zmTZ-yN4SRswbQ8b2gCA&sa=X&oi=book_result&ct=result&resnum=1&ved=0CB4Q6AEwAA#v=onepage&q=valkenburg%20fear%20induced&f=false 01.06.2011
- Valkenburg, P. M., Cantor, J., & Peeters, A. (2000). **Fright reactions to Television: A Child Survey,** *Communication Research, 27,* 82-99, http://www.ccam-ascor.nl/index.php/en/research-measures/110, 27.05.2011
- Valkenburg, P. M., Cantor, J., & Peeters, A. (2000). **Fright reactions to Television: A Child Survey**, *Communication Research, 27,* 82-99, http://www.ccam-ascor.nl/index.php/en/research-measures/111, 27.05.2011
- Van Evra, J. (2004). **Television and child development**, Lawrence Erlbaum Associates, Publishers, Mahwah, New Jersey London
- Vereecken, C.A., Todd, J., Roberts, C., Mulvihill, C. Maes, L. (2005). Television viewing behaviour and associations with food habits in different countries, Public Health Nutrition: 9(2), 244–250, http://www.nuigalway.ie/hbsc/documents/vereecken_et_al_phn_92_tv_viewing.pdf, 14.05.2012
- Villani, S. (2001). **Impact of Media on Children and Adolescents: A 10-Year Review of the Research**, Journal of American Academic Child Adolescent Psychiatry, 40:4, April 2001, http://www.lionlamb.org/research_articles/01C392.pdf, 26.08.2011
- Walma van der Molen, J.H. & De Vries, M. **Violence and Consolation: September 11th 2001 covered by the Dutch Children's News**, *Journal of Educational Media, Vol. 28, No. 1, March 2003,* http://www.ccam-ascor.nl/images/stories/publications/Journal_PDF_ENG/2010/nietwerkendelinks/violence11sep.pdf 01.06.2011
- Walma van der Molen, J. H., **Violence and Suffering in Television News: Toward a Broader Conception of Harmful Television Content for Children**,

http://www.ccam-ascor.nl/images/stories/publications/Journal_PDF_ENG/1771.pdf, 01.06.2011

- Walma Van der Molen, J. H., Valkenburg, P.M., Peeters, A.L. (2002).**Television News and Fear: A Child Survey,** http://www.ccam-ascor.nl/images/stories/publications/Journal_PDF_ENG/2002_walma_valk_peeters_fright_news_ejcr.pdf, 01.06.2011
- Wilson, J.B. (2008). **Media and Children's Aggression, Fear, and Altruism**, Journal of Children and Electronic Media, Volume 18 Number 1 Spring 2008, http://www.princeton.edu/futureofchildren/publications/journals/article/index.xml?journalid=32&articleid=58&sectionid=268 29.05.2010
- Wirth, W., Schramm, H. (2005). **Media and Emotions**, A quarterly review of communication research, Volume 24 (2005) Number 3, http://cscc.scu.edu/trends/v24/v24_3.pdf, 18.06.2011
- Wright, J.C., Huston, A.C. Murphy, K.C., Peters, M.S., Piñon, M., Scantlin, R, and Cotler, J. (2001). **The Relations of Early Television Viewing to School Readiness and Vocabulary od Children from Low-Income Families: The Early Window Project**, Child Development September/October 2001, Volume 72, Number 5, Pages 1347-1366, http://www.andrews.edu/~rbailey/Chapter%2014/5548963.pdf, 30.05.2011
- **„Вицешампиони сме во гледање ТВ"**, „Нова Македонија", електронско издание бр. 22336, 21.07.2011, http://novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=7211192797&id=9&prilog=0&setIzdanie=22336, 27.05.2012

# ПРИЛОГ

ПРИЛОГ А

# П Р А Ш А Л Н И К

1. Пол М Ж

2. Датум на раѓање _____________

3. Какво образование имаат завршено твоите родители (заокружи):

| Мајка | Татко |
|---|---|
| 1. Основно образование | 1. Основно образование |
| 2. Средно образование | 2. Средно образование |
| 3. Виша школа или факултет | 3. Виша школа или факултет |

4. Обично, колку време во текот на денот гледаш телевизија? (заокружи едно)

   а) 0-2 часа
   б) 2-3 часа
   в) 4-6 часа
   г) Повеќе од 7 часа

На телевизија можеме да видиме различни видови сцени, некои се смешни, некои тажни а некои се страшни:

5. Во <u>последниов месец</u> колку често се исплаши од нешто што го виде на:

| | Никогаш | Многу ретко | Ретко | Често | Многу често |
|---|---|---|---|---|---|
| Вести | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Филмови | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| ТВ серии | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Цртани филмови | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Документарни програми | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Спорт | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |

6. Напиши ги имињата на програмите од кои се исплаши додека гледаше телевизија во <u>последниов месец</u>

_______________________________________________

**СЕТИ СЕ ДОДЕКА ГЛЕДАШЕ ТЕЛЕВИЗИЈА ВО <u>ПОСЛЕДНИОВ МЕСЕЦ</u> КОЛКУ ЧЕСТО СЕ ИСПЛАШИ ОД:**

| | никогаш | многу ретко | ретко | често | Многу често |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Луѓе кои се тепаат/борат со ножеви | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. Деца од сиромашни земји кои гладуваат | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. Пожар во куќи или згради | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. Духови | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. Убивање луѓе | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6. Повредување животни | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7. Автомобили пред судар | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8. Чудовишта | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9. Крв | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10. Повредување деца | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 11. Авионски несреќи | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 12. Вештерки | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 13. Луѓе кои што пукаат еден во друг | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 14. Војни во други земји | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 15. Сообраќајни несреќи | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 16. Змејови | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 17. Киднапирање деца | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 18. Мачење луѓе | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 19. Пожар во шуми | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 20. Вонземјани | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |

ПОДОЛУ СЕ НАВЕДЕНИ НЕКОЛКУ НАЧИНИ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВАМЕ КОГА ЌЕ СЕ ИСПЛАШИМЕ ДОДЕКА ГЛЕДАМЕ ТЕЛЕВИЗИЈА

**ШТО ОБИЧНО ПРАВИШ КОГА ЌЕ СЕ ИСПЛАШИШ ОД НЕШТО ШТО ГО ГЛЕДАШ НА ТЕЛЕВИЗИЈА**

| | никогаш | многу ретко | ретко | често | Многу често |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Ги затвораш очите или ги покриваш со рацете | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. Си велиш дека емисијата наскоро ќе има среќен крај | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. Седнуваш кај мајка ти или татко ти во скут | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. Го менуваш каналот | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. Гледаш настрана | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6. Си велиш дека тоа што го гледаш не е вистинско | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7. Седнуваш поблиску до твоите родители | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8. Го исклучуваш телевизорот | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9. Ги покриваш ушите со рацете | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10. Си велиш дека крвта е само кечап | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 11. Ја гушкаш омилената кукла или рече | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 12. Започнуваш да правиш нешто друго | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 13. Излегуваш од собата | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 14. Си велиш дека си премногу голем/а за да се плашиш | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 15. Зборуваш со мајка ти или татко ти | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 16. Одиш во друга соба | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 17. Мислиш на нешто друго | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 18. Си велиш дека не се плашиш | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 19. Повикуваш некој да гледа со тебе | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 20. Го исклучуваш звукот на телевизорот | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 21. Си пееш | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 22. Си велиш дека тоа се случува само на ТВ | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 23. Ја стискаш раката на оној со кого гледаш | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 24. Се криеш зад фотелја | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |

ОВДЕ СЕ НАОЃААТ ПОВЕЌЕ НАЧИНИ НА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОДНЕСУВААТ РОДИТЕЛИТЕ ДОДЕКА НИВНИТЕ ДЕЦА ГЛЕДААТ ТЕЛЕВИЗИЈА ДОМА

**НАВЕДИ КОЛКУ ЧЕСТО ТВОИТЕ РОДИТЕЛИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЕДЕН ОД СЛЕДНИВЕ НАЧИНИ:**

| | никогаш | многу ретко | ретко | често | Многу често |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Се обидуваат да ти објаснат што е тоа што го гледаш на ТВ | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. Ти велат да го исклучиш телевизорот кога гледаш несоодветна програма | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. Ти посочуваат зошто некој од актерите добро се однесува | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. Решаваат колку часа во текот на денот можеш да гледаш ТВ | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. Ти посочуваат зошто некои работи кои ги прават актерите се лоши | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6. Ти забрануваат да гледаш некои програми | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7. Ти објаснуваат зошто ликовите на ТВ се однесуваат така | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8. Ти го ограничуваат времето на гледање ТВ | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9. Ти објаснуваат што точно значи нешто што го гледаш на ТВ | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10. Однапред ти кажуваат точно кои програми можеш да ги гледаш | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 |